Маргарита ПЕШЕВСКА

# ФРАНЦУСКАТА ПОЛИТИКА СПРЕМА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ОД 1893 ГОДИНА ДО ИЛИНДЕНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ВОСТАНИЕ

Франција многу одамна се интересирала за работите во Османлиската империја, но пројавила зголемен интерес за настаните во Македонија од средината на 70-тите години на XIX век, особенс по револуционерните раздвижувања предизвикани со Руско-турската војна

Франција застапувала две гледишта кон македонското национално-ослободително движење и тоа едното на официјалната влада, а другото на прогресивните француски личности. Првото се раководело од интересите на Франција на Исток но, и покрај тоа се имало разбирање кон македонското прашање. Официјалната влада умерено ги поддржувала Австро-Унгарија и Русија во нивната политика на Балканот. Овој нејзин умерен став се гледа и од Француската жолта книга за македонските работи издадена од Министерството за надворешни работи на Франција. Другото мислење го застапувале прогресивните личности и тие отворено истапувале во заштита на поробениот македонски народ и биле против политиката на Австро-Унгарија и Русија. Тие истапувале во парламентот, преку јавни акции и во печатот.

Ставовите на француската влада биле изнесувани во кореспонденцијата на француските дипломатски претставници во Македонија и надвор од неа. Таа добивала податоци од Монтенебло, француски пратеник во Цариград, Макс Шублие-вице конзул во Битола, Едмонт Бапст-отправник на работите во Цариград, Стег-француски конзул во Солун и др. Голем дел од овие извештаи се наоѓаат во Францускара жолта книга.

Интересот на Франција се гледа и од извештајот на францускиот амбасадор во Цариград - А. Фурие, испратен до министерот за надворешни работи на Франција - В. Вадингтон од 28 мај 1878 година во кој се вели: "Тесалија, Македонија и Епир сакаат една управа, еден режим подобар одошто турското управување и режим. Бараат

администрација која ним ќе им служи, да ги извршува нивните работи по нивна волја, да имаат судство, даночен систем и собирачи на даноци, користење на нивните природни богатства, управа која ќе им даде безбедност и ќе го олесни развивањето на прогресот".[1]

Положбата на населението во Македонија од ден на ден станувала сé потешка. Според извештајот на францускиот воен аташе во Цариград-Фротер кој бил испратен во Солун со цел да се запознае со ситуацијата во Македонија, се истакнува дека ситуацијата е многу тешка, дека народот бил потиснуван од лошата турска управа и бандитизмот на Турците, од воениот закон кој бил многу строг и од притисокот на грчките попови кои имале цел да ја елиминираат оваа раса.[2]

Франција била изненадена од строгите мерки што ги преземал султанот во пресметките со побунетото население. Населението покрај тоа што страдало од репресалиите на турската управа, било и под силен притисок од пропагандите на соседните држави-Србија, Грција и Бугарија. Франција ги следела пропагандите и дошла до заклучок дека народот во Македонија спасот го гледал во самостојно национално-ослободително движење и организација која ќе раководи со тоа движење. Францускиот писател Анри Барбис сметал дека "Организацијата која е основана во 1893 година, ... со мисла за национално ослободување и социјална правда, од луѓе со најголем идеализам... нивната цел е да се извојува националната автономија".[3]

Познатиот француски публицист Рене Пинон сметал дека Организацијата си поставила за цел "добивање автономија на Македонија со една европска интервенција".[4] Тој со интерес ги следел настаните во Македонија и напишал: "Внатрешната организација поттикната од еден енергичен водач и популарен шеф-Делчев, кој минуваше низ три вилаети, прогонуван од Турците, но секогаш спасуван благодарение на храброста и фанатичната приврзаност на неговите комити. Оваа широка востаничка организација беше управувана од еден комитет со седиште во Солун, кој ја раздели Македонија на осум санџаци".[5]

Со проширувањето на мрежата на Организацијата се зголемила потребата од оружје. Организацијата имала интерес за внесување оружје од Западноевропските земји, а меѓу нив и од Франција, но таа покажала слаб интерес. Средства за финансирање се собирале и од Франција, но за тоа има малку податоци.

---

1) Француски документи за историјата на македонскиот народ.- Серија XVI, Т,1 (1878-1879), (Редакција: "д-р Андрија Лаиновиќ. Иван Катарџиев и Љубомир Герасимов). Скопје 1969, 25

2) Archives de Ministere des Affaires Etrangères. Fond Turquie (Извештај од 3 јануари 1885 година. Архив на Македонија м.Ф. 232)

3) В заштита на Македонија. Виена 1929, 39 (Според: Хр. Андонов-Полјански, Македонското национално ослободително движење. - Одбрани дела. Т.4. Скопје 1986, 157-158

4) P. Pinon Rene, L'Europe et L'Empire ottoman. Les aspectes actuells de la question d'Orient. Paris 1909. (XI+603+2 cartes), 160

5) Ibid

Француската политика била поддржувана од Англија. Солзбери истакнал дека "кога би се отворило уште македонското прашање, покрај ерменското тогаш би се отворило целото источно прашање, а никој не е во ситуација да предвиди што сé би произлегло од тоа".[6] Но создавањето на независна Македонија би значела нејзина "анархија", а поделбата војна. Таа војна би се водела меѓу Грција, Бугарија, Србија и Романија. Па затоа Франција, во врска со настаните во Македонија не смеела да ги заборави своите должности кон човештвото. Но, исто така таа требала да мисли и за должностите кон себеси и ладнокрвно да го сочува својот мир. Затоа таа ги поддржувала Русија и Австро-Унгарија за реформи во Турција. Но, Жан Лонге познатиот француски социјалист, критикувајќи ја политиката на Франција во весникот "Аванти" пишува дека "интервенцијата на Русија во Македонија би можела да биде исто така фатална за светскиот мир и за иднината на балканските народи, како што е сегашната состојба".[7] Земјите потписнички на Берлинскиот договор меѓу кои и Франција, го признавале правото на Русија и Австро-Унгарија како најзаинтересирани земји за правилно решавање на македонското прашање. Грофот Ламздорф сметал дека големите сили погрешно го употребувале зборот "реформи", бидејќи тој збор значел нешто ново и рушење на старото, а големите сили не го сакале тоа.

Султанскиот декрет од 1896 годиона давал можност една десетина од населението да влезе во турската жандармерија. Но, тоа било голема игра и фрлање прав во очите на големите сили дека Османлиската империја има намера да спроведе реформи, но тие никогаш во дело не се спроведувале.[8] Веднаш по донесувањето на овој декрет македонската организација дала упатства никој да не се јавува во служба на жандармеријата.[9]

Министерот за надворешни работи на Франција, Делкасе во една своја изјава во весникот "Le matin" дал оценка на ситуацијата во Македонија и предлог за решавање на револуционерната криза. Според него Франција не сакала да се даде автономија на Македонија поради разноликоста на населението и тоа би довело до анархија. Другата алтернатива за поделба на Македонија меѓу балканските држави би довела до војна на Балканот, а додека доделувањето на Македонија на една од балканските земји би било спречено од другите. Затоа според Делкасе, требало да се сочува статусквото на Османлиската империја, но со тоа би продолжиле угнетувањата на населението. Но и покрај тоа оваа алтернатива била најприфатлива за Франција. Сличен

6) Д. А. СИП. Београд ПО 1895. Лондон 29 јуни 1895. Пов.бр. 871 (Според:Ив.Катарџиев, Серскиот округ од Кресненското востание до Младотурската револуција. Скопје 1968, 129

7) Проф.д-р Андрија Лаиновиќ, Француското јавно мислење за настаните во Македонија 1903 год.-Илинден 1903. Скопје 1970, 352-353

8) Политиката на Туркото правителство спроти Българитѣ в Македония. Леипзиг 1896, 53 (Според:Глигор Тодоровски, Реформите на големите европски сили во Македонија (1829-1909). Т.1. Скопје 1984, 167

9) Проф.д-р Андрија Лаиновиќ, Op.cit., 345

став изнел и францускиот пратеник-П. Камбон кој сметал дека големите европски сили биле против движење, бидејќи такво движење не одговарало на нивните интереси, па според тоа и балканските земји требале да се прилагодат кон тоа гледиште на големите европски сили.[10)]

Уште во 1896 година Делкасе кој бил добро информиран за настаните во Македонија, преку францускиот пратеник во Петровград-Монтенебло, ја известил руската влада за зголемената револуционерна дејност и препорачувал да се преземат мерки за да се отстрани таа опасност.[11)]

Франција будно ги следела "аферите" кои се случувале во Македонија. Тие ја натерале повеќе да се занимава со македонското национално-ослободително движење. По повод Виничката афера од 1897 година францускиот дипломат од София во својот извештај од 16 декември 1897 година ја обвинил турската воинштина која безмилосно ја уништувала рајата." Извршените екцесии-пишува дипломатот-нé потсетуваат на оние од 1876 година. Турската воинштина не го променила својот однос кон "рајата", кон тоа стадо, кое се истребува безмилосно и најчесто без било какво размислување".[12)]

Франција била свесна дека работите во Македонија можат да се решат со едно внатрешно востание но и покрај тоа таа останала на ставот да се задржи статусквото и да се изврши демократизација на власта, со давање административна автономија на Македонија. Овој свој став успеала да ѝ го наметне и на Англија, па англискиот крал Едвард VII под влијание на францускиот амбасадор Реверо при средбата со грофот Глуховски изјавил дека целта била да се постигне статус кво на Исток, да нема војна зошто таа би имала последици за Европа. Во таа смисла е писмото на Маркизот Ревро, пратеник на Франција во Виена од 9 март 1902 година за заедничкиот став на Австро-Унгарија и Русија по македонското прашање. Двете држави биле согласни да интервенираат за да се сочува мирот на Балканот.[13)]

Под притисок на француското јавно мислење, а по повод Горноџумајското востание се барале реформи во Империјата.Уште во време на востанието министерот Делкасе во едно писмо упатено до колегите од Лондон, Виена, Рим, Берлин, С. Петербург и Цариград, барал од големите сили да се заложат за реформи со што би се спречиле револуционерните настани во иднина.[14)]

Францускиот конзул Стег во едно свое писмо до министерот Делкасе барал да се спроведат реформи и тоа во две насоки и тоа: реформи во турската жандармерија и за начинот на собирање на десетокот. Тој истакнувал дека турската жандармерија која била нередовно исплаќана

---

10) Глигор Тодоровски,Or.cit., 278

11) Ibid, 238

12) Божинов Воин, Национално ослободителната борьба на българското население в Македония след Кресненско-разлошкото въстание. София, 79

13) Френската жълта книга по македонски въпрос. Дипломатически документи на френското министерство на външнит дъла. София 1903, 5

14) Ibid, 23

вршела злоупотреби над населението, а исто така злоупотреби биле правени при собирање на десетокот. Предложените реформи биле од периферно значење, но се значајни како начин на кој се поставува проблемот, со цел да се испреварат настаните и да се осигура мирот во Македонија.

Франција покажала дека се плаши од немирите во Империјата, бидејќи со тоа би се пореметила рамнотежата во Европа и во исто време ги штитела своите интереси и огромните вложени капитали. Но ниедна од големите сили не го поставила прашањето за радикални промени т.е. протерување на Турците од Македонија, што било причина за тешката положба на населението во Македонија.

Францускиот воен аташе Дипон забележал сé почести судири меѓу властите и комитите. Таму револуционерите покажале енергија и кон нив се приклучувале и селаните кои често го жртвувале и својот живот. М. Констант-францускиот амбасадор во Цариград, во едно писмо до министерот Далкасе пишувал: "Никогаш и во никој момент востаничкото движење не се развивало со таква брзина, никогаш таков голем број востаници не се ангажирале во борбата. Од добро известени луѓе дознавме дека нивниот број поминува над 30.000. Јас знам дека во тој број влегуваат селани кои плашејќи се дека ќе бидат обвинети како приврзаници на Бугарија или како турски шпиуни ги напуштија своите села и семејства и се борат можеби без воодушевување знаејќи дека се лошо вооружени".[15)]

Неколку дипломати од Цариград се согласиле да испратат заедничка нота до турската влада со барање султанот да не ги заострува односите со четите и да ги избегнува судирите со нив. Тоа е напишано и во писмото на Констан до министерот Делкасе од 17 март 1902 година, каде се вели дека претставниците на големите сили не се расположени за испраќање таква нота.[16)]

Според пратеникот на францускиот парламент-Де Пресанс, Франција не треба да се помири со ситуација која ќе заврши со потоци крв во една општа војна, во која републиканскиот парламент нема да преземе ништо за да ја симне од себе одговорноста.[17)] Тој исто така се залагал да се остварат 23 и 61 член од Берлинскиот договор, бидејќи цела Македонија е во движење и се чека едно општо востание кое ќе почне а не се знае како ќе заврши.[18)] "Не сакаме крстоносни војни- истакнал Ж. Жорес на митингот во Шато Д´о од 15 февруари 1903 година сакаме да ги одбраниме угнетените од нивните џелати од омразата со која ги следат своите невини жртви. Дојде часот кога Франција треба да проговори. Таа треба да ја разбуди свеста на човештвото".[19)]

---

15) Сб. Илинден 1903-1927), София 1922, 118
16) Френската жълта книга..., 8
17) Андрија Лаиновиќ, Op.cit., 340
18) Ibid.
19) Ibid.

Жан Лонге ја напаѓал политиката на францускиот министер за надворешни работи Делкасе и барал Франција повеќе да се заземе за населението од македонските вилаети каде се вршеле свирепи злочини по наредба на султанот.[20)]

Политиката на Франција била критикувана и од познатиот социјалист Рапапор кој истакнувал дека настаните во Македонија сè повеќе се влошувале. Црвениот султан користејќи ги верските и националните спротивности што ја разјадуваат Македонија сакал да ја уништи секоја борба за независност уште во нејзиниот зародиш, во тоа му е соучесник руската влада, и според тоа, нејзиниот драг пријател, господинот Делкасе... Големите буржоаски говорници, што се прикажуваат како поддржувачи на македонските револуционери, тогаш би морале својата борба да ја насочат на таа страна. Но, наместо тоа, полесно им е напразно да фразираат против убијците на Босфор, отколку да компромитираат некој министер, свој пријател, а можеби и некој свој иден колега".[21)]

Илинденското востание им докажало на големите сили дека реформите за кои сите биле заинтересирани пропаднале. Затоа дипломатите од повеќе земји ѝ препорачувале на Високата порта да примени најстроги мерки против востаниците. Слични барања поставил и францускиот пратеник во Петроград. Во својот извештај од 28 август зборува дека на овој предлог се спротиставил О'Конор претставникот на Англија кој бил заинтересиран да ѝ се даде автономија на Македонија, во целост или во еден нејзин дел. Францускиот амбасадор во Софија-Буршие, му изјавил на својот италијански колега дека ако сака да се дојде до сакананата пацификација на Балканот, да се избегне тешкото нарушување на мирот, да се зачува статусквото, потребно било да се направи уште еден чекор и од султанот да се побара нова концесија. Тоа би било подобро и за Османската империја да ѝ вршат контрола сите големи сили, отколку тоа да го вршат само Русија и Австро-Унгарија, чии аспирации и стремежи во блиска или подалечна иднина им се познати на сите.[22)]

Но Македонија ќе продолжи да се бори за својата независност а познатиот француски државник Жјосен Годар ќе рече: "!Можеме ли да ја обвиниме неа? Ќе се бори за својата независност кога правото за самоопределување е широко прокламирано".[23)] Или пак францускиот драмски автор ќе констатира: "Македонците имаат право да го бараат своето право и сопствен живот. Анексиите кои ги разделуваат се бесправни".[24)]

По Илинденското востание Франција продолжила да се занимава со македонското прашање. Нејзиниот интерес станал поинтензивен во овој период.

---

20) Ibid, 352-353

21) Ibid, 354

22) Славко Димевски, Дејноста на европската дипломатија во 1903 и Илинденското востание низ извештаите на италијанските конзули.- Прилози за Илинден 1979. Скопје 1983, 359

23) Сб.Илинден (1903-1927)...,119

24) Ibid, 120

Маргарита ПЕШЕВСКА

# ФРАНЦУСКАЯ ПОЛИТИКА К МАКЕДОНСКОГО НАЦИОНАЛНО - ОСВОБОДИТЕЛЬНОЕ ДВИЖЕНИЕ 1893 ГОДА ДО ИЛИНДЕНСКОГО ВОССТАНИЯ

(Резюме)

В связи с македонским национально-освободительным движением в французской политике существуют два мнения; мнение правительства и мнение прогрессивных общественних масс.

Французское правительство зашишало свои интереси в Империи, куда вложило огромный капитал и рынок, на котором имело привилигированное место. Несмотрия на это правительство особенно понимало македонский вопрос и осуждало турок за преступления, которые они совершали над невинным македонским насечением.

Второе мнение зашишали прогрессивные личности, которые открыто встали на зашиту порабошенного населения. Они показывали это различными способами, совершая манифестации во Франции и за ее границами в Европе и Америке.

Франция харашо знала о положчении в Македонии перед восстанием и о состоянии Организации, благодаря своим представителям в Османскои Империи и за ее границами. Большая часть их сообшений была помешана в желтую книгу помакедонскому вопросу. Об этом вопросе много опубликовано в печати и периодике того периода.

Интерес Франции увеличился в период непосредственно перед началом Илинденского восстания, но ее интерес стал еше больше в период после восстания.

Светозар НАУМОВСКИ

# ПРИЛОГ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ НА НАРОДНАТА ВЛАСТ ВО КИЧЕВСКА ОКОЛИЈА (НОЕМВРИ 1944-МАЈ 1945 ГОДИНА)

## 1. Организацијата на народната власт

До денот на конечното ослободување на Кичево, 16 ноември 1944 година во Кичевска околија биле формирани и делувале повеќе Народноослободителни одбори (НОО), како: во Ехлоец,[1] Речани,[2] Јаорец,[3] Козица,[4] Подвис,[5] Орланци, Крушица,[6] Брждани,[7] Пополжани,[8] Белица,[9] Атишта, Вранештица, Кладник, Карбуница, Староец, Горно Доленци,[10] Видрани,[11] Свињишта,[12] Кленоец,[13] Орланци, Лисичани, Челопеци, Миокази, Светорача, Крушица, Рбетино, Дупјани, Козичино, Патејц,[14] и на други места. Во еден извештај на членот на Околискиот комитет на КПМ - Кичево Јелица Најдеска од 25 ноември 1944 година, истата известува "дека Народноослободителни одбори се формирани во сите села"[15] на територијата на Првиот реонски комитет на КПМ-Кичево. Во истиот извештај се сретнува податокот, дека и на теренот на Вториот реонски комитет на КПМ-Кичево "почнале да работат Народноослободителни одбори, кои ги има во секое село",[16] итн. Во овој период, на територијата на Кичевска околија веќе биле формирани и функционирале општински

1. Зборник на документи "Кичево и Кичевско во НОВ 1941-1945", Кичево, 1985, стр. 471
2. Исто, стр.473
3. Исто, стр.480
4. Исто,стр.497
5. Исто, стр.498
6. Исто, стр.501
7. Исто, стр.515
8. Исто, стр.517
9. Исто стр.518
10. Исто, стр.447
11. Исто, стр.444
12. Исто, стр.443
13. Исто, стр.440
14. Исто,стр.436
15. Исто, стр.438
16. Исто, стр.438

НОО, а неколку дена пред конечното ослободување на Кичево, во село Вранештица на 6 ноември 1944 година бил формиран и Околиски НОО за Кичевска околија.[17)]

По ослободувањето на Кичево биле формирани и голем број нови НОО, односно била дополнета мрежата на НОО на целата територија на Кичевската околија, вклучувајќи ги сите населени места. Така, во почетокот на 1945 година, во составот на Околискиот НОО за Кическа околија делувале 10 општински НОО со вкупно 79 месни НОО, и тоа:

- Општински НОО биле следните:

1. Општина Кичевска, со седиште во Кичево;
2. Општина Јагол-Долненичка, со седиште во село Јагол-Доленци;
3. Општина Орланечка, со седиште во с. Челопеци;
4. Општина Мидинечка, со седиште во с. Зајас;
5. Општина Церска, со седиште во с. Големо Црско;
6. Општина Брждanska, со седиште во с. Брждани;
7. Општина Раштанска, со седиште во с. Раштани;
8. Општина Карбунечка, со седиште во с. Староец;
9. Општина Кленоечка, со седиште во с. Кленоец; и
10. Општина Премачка, со седиште во с. Осломеј.[18)]

Селски и други градски НОО биле формирани во следните населби на Кичевска околија,

I. Општина Орланечка:

1. Селски народен одбор Патејц;
2. Селски народен одбор Козичино;
3. Селски народен одбор Рабетино;
4. Селски народен одбор Светорача;
5. Селски народен одбор Дупјани;
6. Селски народен одбор Крушица;
7. Селски народен одбор Мијокази;
8. Селски народен одбор Орланци;
9. Селски народен одбор Речани;
10. Селски народен одбор Челопеци;
11. Селски народен одбор Лисичани.

II. Општина Мидинечка:

1. Селски народен одбор Зајас;
2. Селски народен одбор Горно Строгамиште;

---

17. Исто, стр.460-462

18. Историски архив-Охрид,фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичево, 1944-1945", кутија бр.2, (Писмо на Околискиот НОО-Кичево, бр.1868 од 19-IV-1945 година, испратено до Окружниот НОО-Прилеп).

3. Селски народен одбор Долно Строгамиште;
4. Селски народен одбор Бачишта;
5. Селски народен одбор Букојчани;
6. Селски народен одбор Колари;
7. Селски народен одбор Колибари;
8. Селски народен одбор Тајмиште;
9. Селски народен одбор Мидинци.

III. Општина Церска:

1. Селски народен одбор Цер;
2. Селски народен одбор Велмевци;
3. Селски народен одбор Простање;
4. Селски народен одбор Мало Црско;
5. Селски народен одбор Големо Црско.

IV. Општина Брждanska:

1. Селски народен одбор Брждани;
2. Селски народен одбор Јудово;
3. Селски народен одбор Свињишта;
4. Селски народен одбор Козица;
5. Селски народен одбор Белица;
6. Селски народен одбор Видрани;
7. Селски народен одбор Подвис.

V. Општина Јагол-Доленечка:

1. Селски народен одбор Јагол-Доленци;
2. Селски народен одбор Папрадиште;
3. Селски народен одбор Бериково;
4. Селски народен одбор Јагол;
5. Селски народен одбор Поповјани;
6. Селски народен одбор Аранѓел;
7. Селски народен одбор Тујин.

VI. Општина Кичевска:

1. Градски народен одбор Кичево;
2. Селски народен одбор Другово.

VII. Општина Раштанска:

1. Селски народен одбор Осој;
2. Селски народен одбор Кнежино;
3. Селски народен одбор Јаорец;

4. Селски народен одбор Раштани;
5. Селски народен одбор Трапчин Дол;
6. Селски народен одбор Длапчин Дол;
7. Селски народен одбор Грешница;
8. Селски народен одбор Лешница;
9. Селски народен одбор Речани.

VIII. Општина Карбунечка:

1. Селски народен одбор Карбуница;
2. Селски народен одбор Староец;
3. Селски народен одбор Атишта;
4. Селски народен одбор Вранештица;
5. Селски народен одбор Бигор Доленци;
6. Селски народен одбор Кладник;
7. Селски народен одбор Манастир Доленци;
8. Селски народен одбор Србјани.

IX. Општина Кленоечка:

1. Селски народен одбор Горно Добреноец;
2. Селски народен одбор Долно Добреноец;
3. Селски народен одбор Лавчани;
4. Селски народен одбор Иванчишта;
5. Селски народен одбор Душегубица;
6. Селски народен одбор Кленоец;
7. Селски народен одбор Малкоец;
8. Селски народен одбор Попоец;
9. Селски народен одбор Ехловец.

X. Општина Премечка:

1. Селски народен одбор Премка;
2. Селски народен одбор Осломеј;
3. Селски народен одбор Ново Село;
4. Селски народен одбор Србица;
5. Селски народен одбор Мамудовци;
6. Селски народен одбор Лазаровци;
7. Селски народен одбор Горани;
8. Селски народен одбор Стрелци;
9. Селски народен одбор Шутово;
10. Селски народен одбор Црвивци;
11. Селски народен одбор Жубино.[19]

---

19. Исто.

Ваквата состојба во организацијата (мрежата) на органите на народната власт (НОО) во Кичевска околија останала сé до крајот на 1945 година, кога со одлука на Окружниот НОО - Прилеп на целата територија на овој округ било извршено реорганизирање на мрежата на НОО, која акција била спроведена и во Кичевската околија,[20] а како резултат на тоа биле извршени промени и во мрежата на НОО во Кичевско.

## 2. Работата на органите на народната власт

Органите на народната власт во Кичевска околија, уште повеќе ја засилиле својата работа по ослободувањето на Кичево, кога биле создадени и подобри услови за нивната работа и кога била докомплетирана мрежата на НОО, опфаќајќи ги сите населени места во околијата. Во овој период, органите на народната власт на сите нивоа (од околискиот до месните селски НОО) развиле широки активности, покривајќи ги сите подрачја од општествениот живот, за што зборуваат и содржините од повеќе документи на општинските и селските НОО, како и на Околискиот НОО за Кичевска околија. Нивната активност во периодот на НОВ особено дошла до израз во првата половина на 1945 година, кога тие прераснале не само во организатори на општествениот живот, туку и во конститутивни органи и афирматори на новите социјалистички општествени односи во Кичевскиот регион. Најзначајни активности на органите на новата народна власт во овој период, се манифестирале во следното:

*а. Организирање на прехраната и снабдувањето на населението*

Економската неразвиеност на кичевскиот регион, наследена уште од стара Југославија, придружена од пљачкањата и теророт на окупаторот и домашните предавници биле причина, веднаш по ослободувањето новата народна власт заедно со народот од овој крај да се соочат со тешка економска положба. Се појавиле големи тешкотии околу прехраната на населението, кое се должело на окупаторскиот а посебно на балистичкиот терор, поради што истото било принудено да ги напушта своите домови, да емигрира надвор од родните места, а како резултат на тоа големи земјишни површини останале необработени. За несташицата на храна и на разни други манифактурни односно индустриски производи во кичевскиот крај, придонеле и окупаторските и балистичките насилни "реквизиции" односно пљачкања над народот. За ова, во еден извештај на Околискиот НОО-Кичево од овој период пишува:

---

20. Историски архив-Охрид,фонд " Околиски Народно-ослободителен одбор - Кичево, 1944-1945 ", кутија бр. 2 (Писмо на Окружниот НОО-Прилеп, бр. 1589 од 14-XI-1945 година, испратено до Околискиот НОО-Кичево).

"Економското положение во Кичевска околија со самото идење на окупаторот и организирањето на балистичките банди се измени...Балистичките банди вршејќи ги своите познати недела: терор, убиства, пљачки, палежи и друго, беа причина, што населението во голем дел беше приморано да ги остави своите домови, и да бега... Денеска се наоѓаат изгорени и опљачкани скоро сите села под балистичка окупација, и иститe се наоѓаат во многу тешка економска положба. Исто така, истите села не само немаат храна, туку и најнужните постелнини, облекла, а што е најважно немаат ни покрив над главата..." [21]

Покрај недостатокот на жито, во овој период во Кичевска околија се чувствувал недостиг и од други прехранбени продукти. Така, на едно место во горецитираниот извештај се вели: "фактически денеска имаме голем број население кое јаде несолено, а пак стоката неколку месеци наназад не вкусила сол, а изложена е на голем товар, било во услуга на цивилната власт, било на војската...Покрај горенаведените најважни продукти за населението, народот оскудева уште и за: ориз, шеќер, масло, пипер и друго, кои се тесно сврзани со животниот стандард". [22]

Ваквата положба била уште повеќе усложнувана и од разните шпекуланти, како и настојувањето на некои од побогатите селани да ја искористат ваквата ситуација за да го продаваат житото по многу повисоки цени. Така за ова, во петнаестодневниот извештај (за периодот од 1 до 15 март 1945 година) на Општинскиот одбор на Јагол-Доленечка општина меѓу другото пишува:

"Народот многу оскудева за човечка храна и за сточна, оти многу се изгорени, а и на пазар не можат да се снабдат оти многу е скапо житото". [23]

За истава состојба сретнуваме податоци и во еден друг документ-извештај на Премечка општина, каде што пишува:

"Во ова општина, има многу села изгорени, стопаните немаат жито за прехрана ниту за пролетна сеидба. Се моли одделот за исхрана (се мисли при Околискиот НОО-Кичево) да им додели поголема количина жито за прехрана, до новата жетва". [24]

Органите на народната власт развиле бројни активности и презеле мерки за решавање на овој проблем, меѓу другото и преку формирање Централен (Околиски) магазин за прехранбени продукти, од каде се интервенирало во најзагрозените места. Органите на народната власт, пред сé селските народни одбори, ги согледувале

---

21. Историски архив-Охрид, фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичево, 1944-1945", кутија бр. 2 (Извештај на Околискиот НОО-Кичево, бр. 390 од 7-III-1945 година, испратен до Окружникот НОО-Прилеп).

22. Исто,

23. Историски архив-Охрид, фонд" Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичево 1944-1945", кутија бр. 2 (Извештај на Општинскиот НОО-Јагол Доленци, бр. 328 од 15-III-1945 година, испратен до Околискиот НОО-Кичево).

24. Историски архив-Охрид, фонд" Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичево, 1944-1945", кутија бр. 2 (Записник од состанокот на Пленумот на Премечка општина одржан на 27-III-1945 година).

односно евидентирале најзагрозените случаи и преку своите општински НОО предлагале до Околискиот НОО-Кичево на тие домаќинства (најзагрозените) да им се додели од резервите во Централниот околиски магазин извесно количество прехранбени продукти. Најочигледен пример за ваквата грижа на НОО за прехрана на населението претставува еден извештај на општината Карбунечка од 8.III.1945 година, во кој меѓу другото се изнесени податоци за помагање со храна на бедните фамилии од оваа општина, и тоа:во Атишта на 5 фамилии, Староец на 1 фамилија, Бигор-Доленци на 7 фамилии, Манастир-Доленци на 5 фамилии и во Србјани на 10 фамилии.[25]

Вакви слични мерки биле преземени и на територијата на другите општини во Кичевска околија,[26] Така на пример, во општина Церска за задоволување на ваквите потреби од околиските резерви на храна, во периодот од 1.I.1945 до 10.IV.1945 година биле доделени и распределени на населението: 2500 кгр. пченка, 81 кгр. гриз, 15 рала гаќи, 10 кгр.шеќер, 20 кгр. ориз и 65 кгр. сода.[26a] Ваквата грижа на органите на народната власт околу прехраната оставила силен впечаток кај населението, кое било импресионирано и од правилното водење на акцијата, односно поделбата како на прехранбените така и на индустриските мануфактури (така во документите сеословуваат индустриските производи ) производи: облека, чевли и друго, за кои исто така се чувствувал голем недостиг. Така во еден документ се констатира, дека "масите се задоволни од водењето рачун од страна на власта".[27] Во прилог на ваквата констатација зборува и содржината на еден извештај на општината Јагол-Доленци, во кој меѓу другото пишува:

"По поднесените извештаи од селските НОО од седум села од оваа општина, и тоа од селата: Доленци, Јагол, Поповјани, Аранѓел, Тујин, Папрадиште и Бериково се гледат да истите одржале конференции на народот, и истакнати се сите прашања а од страна на народот е изјавена голема захвалност, за водењето на праведната линија и братството, а нарочито за подеднаквата поделба на: оризот, шеќерот, солта, како и житото".[28]

---

25. Историски архив-Охрид, фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичево, 1944-1945", кутија бр. 2 (Извештај на општина Карбунечка, бр. 679 од 8-IV-1945 година, испратен до Околиски НОО-Кичево).

26. Историски архив-Охрид, фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор - Кичево, 1944-1945", кутија бр. 2 (Извештај на општината Премечка, од 27-III-1945 година; Извештај на општината Јагол-Доленечка, бр. 495 од 28-III-1945 година; Извештај на општината Церска, бр. 14 од 10-IV-1945 година).

26а. Историски архив-Охрид, фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичево, 1944-1945", кутија бр. 2 (Извештај на општина Церска, бр. 14 од 10-IV-1945 година, испратен до Околискиот НОО-Кичево).

27. Историски архив-Охрид, фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичдево, 1944-1945", кутија бр.2 (Извештај на Јагол-Доленечка општина бр. 469 од 28-III-1945 година, испратен до Околиски НОО-Кичево).

28. Историски архив-Охрид, фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичево, 1944-1945", кутија бр. 2 (Извештај на Јагол-Доленечка општиона бр. 328 од 14-III-1945 година, испратен до Околиски НОО-Кичево).

*б. Обнова на изгорените куќи од времето на војната*

Еден од потешките проблеми со кој се соочиле органите на народната власт и населението од Кичевска околија веднаш по ослободувањето, било обновувањето на изгорените куќи во деновите на окупацијата, што било резултат на окупаторскиот терор, а особено на балистичките банди. Според извештаите на Околискиот НОО-Кичево од 20 ноември 1945 година, во Кичевска околија биле изгорени вкупно 540 куќи, и тоа во следните населби:

Кичево - 7 изгорени куќи;
Кленоец - 7 изгорени куќи;
Попоец - 65 изгорени куќи (останале неизгорени само 4 куќи);
Малкоец - 39 изгорени куќи (останале неизгорени само 4 куќи);
Лавчани - 1 изгорена куќа;
Свињишта - 17 изгорени куќи;
Јудово - 36 изгорени куќи (останале неизгорени само 9 куќи);
Пополжани - 17 изгорени куќи;
Подвис - 3 изгорени куќи:
Речани - 1 изгорена куќа;
Раштани - 11 изгорени куќи;
Кнежино - 1 изгорена куќа;
Добреноец - 1 изгорена куќа;
Карбуница - 74 изгорени куќи (останале неизгорени 18 куќи);
Србица - 28 изгорени куќи;
Ново Село - 6 изгорени куќи;
Премка - 8 изгорени куќи;
Лутово - 8 изгорени куќи;
Стрелци - 4 изгорени куќи;
Горани - 6 изгорени куќи;
Лазаровци - 1 изгорена куќа;
Тујин - 24 изгорени куќи;
Јагол Доленци - 3 изгорени куќи;
Папрадиште - 14 изгорени куќи;
Аранѓел - 7 изгорени куќи;
Другово - 23 изгорени куќи;
Зајас - 73 изгорени куќи;
Колари - 42 изгорени куќи;
Мидинци - 5 изгорени куќи. [29]

Дека станбениот фонд во Кичевска околија бил сериозно уништен од страна на окупаторот и домашните предавници, зборува и следната констатација во еден документ, во кој се вели: "денеска имаме изгорени и опљачкани скоро сите села под балистичка окупација (се мисли на делот под италијанска окупација)..." [30]

---

29. Историски архив-Охрид, фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичево, 1944-1945", кутија бр. 2 (Писмо до Околискиот НОО-Кичево, бр. 1876 од 20 ноември 1945 година, испратено до Окружниот НОО-Прилеп).

30. Историски архив-Охрид, фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичево, 1944-1945", кутија бр. 2 (Извештај на Околискиот НОО-Прилеп).

Органите на народната власт, веднаш по ослободувањето на Кичево и Околијата (се мисли на конечното-последното-ослободување на Кичево (С.Н.) пристапиле со сета сериозност кон обнова на изгорените куќи. Акцијата била поведена преку месните НОО во сите населени места на Кичевската околија. Општинските и селските НОО добиле задача од Околискиот НОО-Кичево да формираат специјални комисии во сите населени места, кои ќе раководат со акцијата за обнова на изгорените куќи. Ова прашање било постојано поставувано на дневен ред на состаноците на сите нивоа на органите на народната власт (од месните до Околискиот НОО). Така, во петнаесетдневниот извештај на еден општински НОО, испратен до Околискиот НОО под точка 3 пишува:

"Претресено е прашањето за подигање на изгорените куќи, кои можат да дојдат во обзир за поправка, или пак да се направат привремени склоништа. За сите овие прашања, ставено е во должност на НОО и на од нив формираните специјални комисии".[31)]

Како резултат на големото ангажирање на НОО во разрешувањето на ова прашање, до крајот на 1945 година биле постигнати забележителни резултати на полето на обновата на станбениот фонд во Кичевска околија.

*в. Организирање на пролетната сеидба*

Соочувајќи се со проблемот за прехраната на населението, органите на народната власт особено внимание посветиле на организирањето на пролетната сеидба во 1945 година. За оваа цел, Околискиот НОО за Кичево во март 1945 година испратил повеќе окружници (наредби) до сите општински НОО успешно да ја изведат сеидбата и да бидат засеани што поголеми површини. Од извештаите на општинските НОО за пролетните месеци (март, април, мај) се гледа дека истите со целосна сериозност пристапиле кон организирањето на пролетната седиба и истото прашање било постојано на дневен ред во нивната работа. Така во еден извештај од овој период пишува:

"Претресени се сите наредби од власта, а најповеќе се задржавме околу прашањето за засејување на земјиштето".[32)]

За поуспешно изведување на пролетната седиба, при селските НОО биле формирани посебни тела, таканаречени "сеидбени комисии", кои директно на теренот ги организирале и раководеле сеидбените работи. Од документите се гледа дека овие комисии наидувале на големи тешкотии, како поради недостиг на добиток за орање, така и поради недостиг на семе. Недостигот на работен добиток се должел на повеќе причини:

---

31. Историски архив-Охрид, фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичево, 1944-1945", кутија бр. 2 (Извештај на Јагол-Доленечка општина, бр. 495, од 28.03.1945 година, испратен до Околиски НОО-Кичево).

32. Историски архив- Охрдд, Фонд, Околиски Народноослободителен одбор-Кичево, 1944-1945, кутија бр.2. Извештај на Јагол-Доленечка општина, бр.495...).

1. Добар дел од добиточниот фонд и семејното жито биле уништени од окупаторот и домашните предавници;

2. Поради недостиг на добиточна храна, и фондот на добиток со кој располагало населението бил многу слаб и не многу способен за работа. При тоа, треба да се има предвид и фактот дека постојниот фонд на работен добиток бил користен за извршување на разни работи за потребите на органите на народната власт и војската. За тоа сретнуваме податоци во повеќе документи од овој период. Така, во еден извештај на Околискиот НОО-Кичево од 7 март 1945 година, во врска со ова прашање пишува:

"Стоката неколку месеци не окусила сол а е изложена на голем терет, било во услуга на цивилната власт, било на војската. Од друга страна, истата таа запрежна стока утре ќе ни треба за обработување на земјата".[33]

Слични податоци сретнуваме и во другите документи - извештаи на општинските НОО. Така, во еден извештај на општината Церска во врска со ова пишува:

"По однос на стопанството а имено пролетното изорување, работите одат споро. Причината е слабоста на стоката, а и немањето на пролетни култури".[34]

Слично пишува и во еден извештај на општината Премечка од 27.IIᵀ.1945 година, каде се вели:

"Стопаните немаат ни семе за пролетна сеидба. Нарочито нужда имаат од овес".[35]

Сеидбените комисии и покрај многубројните потешкотии за кои стана збор, развиле широки и успешни активности, организирајќи ги истите врз принципот на солидарност меѓу земјоделците од територијата на повеќе селски НОО. Во прилог на ваквиот успешен метод на работа на сеидбените комисии при селските НОО зборува и следниот податок, во еден извештај на Карбунечка општина, каде се вели:

"Село Карбуница по однос на работата - акцијата за орање, стои прилично добро. Сеидбената комисија со голем интерес работи. Така пред четири дена од село Србјани (се однесува на членовите на сеидбената комисија С.Н.) беа на орање во Карбуница, потоа во село Бигор-Доленци и така натаму".[36]

---

33. Историски архив-Охрид, фонд "Околиски народно-ослободителен одбор-Кичево, 1944-1945", кутија бр. 2 (Извештај на Околиски НОО-Кичево, бр. 390 од 7 март 1945 година, испратен до Окружниот НОО-Прилеп).

34. Историски архив-Охрид, фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичево, 1944-1945", кутија бр. 2 (Извештај на Церска општина, бр. 14 од 10-IV-1945 година, испратен до Околиски НОО-Кичево).

35. Историски архив-Охрид, фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичево, 1944-1945", кутија бр. 2.

36. Историски архив-Охрид, фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичево, 1944-1945", кутија бр. 2 (Извештај на Карбунечка општина, бр. 679 од 8-IV-1945 година, испратен до Околиски НОО-Кичево).

Слични податоци сретнавме и во еден извештај на Општинскиот НОО Јагол-Доленци, каде пишува:

"Околу прашањето на засејување на земјиштето се постигна споразум, да се сета земја засеет со узајамно помагање по сите гледишта, било за семе или за работна стока".[37]

На овој начин,тешкотиите во врска со немањето работен добиток и семеен материјал биле полесно совладани и пролетната сеидба во Кичевскиот регион во 1945 година била успешно извршена.

*г. Активности за сузбивење на заразните болести (пегавиот тифус)*

Наскоро по ослободувањето на Кичево, кон крајот на 1944 и почетокот на 1945 година во Кичевскиот регион се појавил пегавиот тифус, кој однел многу жртви. Слабата здравствена заштита, односно немањето доволен број лекари и лекарства, како и здравствената непросветеност на населението и недоволната исхрана ѝ погодувало на болеста, која брзо се ширела, и веќе во почетокот на 1945 година зела широки размери и однела бројни жртви, особено од кичевските села.

Органите на народната власт, уште од првите појави на болеста презеле мерки, а во некои села бил воведен и карантин. Веднаш била побарана помош и од повисоките органи на народната власт (Обласниот НОО), која пристигнала по повеќе од 20 дена, пишува во еден извештај на Околискиот НОО-Кичево.[38] Ова било еден од поводите, во почетокот на февруари 1945 година болеста да добие големи размери и однесе многу жртви. Така, во еден документ на Околискиот НОО-Кичево од 29 јануари 1945 година пишува:

"Смртните случаи за месец јануар од трбушен тифус и други болести се: град Кичево 12 умрени, село Зајас 76 умрени, село Колари 35 умрени, село Бачишта 7 умрени, село Горно Строгамиште 5 умрени, село Долно Строгамиште 4 умрени и село Колибари 5 умрени. Поставен е строг карантин и земени се брзи мерки за спречување на заразата."[39]

Болеста со скоро исто темпо продолжила да се шири и да предизвикува смртни случаи и во месец февруари 1945 година. Во прилог на ваквата констатација зборува и еден извештај на општината Мидинечка од 15 февруари 1945 година, во кој пишува:

---

37. Историски архив-Охрид, фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичево, 1944-1945", кутија бр.2 (Извештај на Јагол-Доленечка општина, бр. 495 од 28-III-1945 година, испратен до Околиски НОО-Кичево).

38. Историски архив-Охрид, фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичево, 1944-1945", кутија бр. 2 (Извештај на Околиски НОО-Кичево, бр. 390 од 7-III-1945 година, испратен до Окружни НОО-Битола).

39. Историски архив-Охрид,фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичево, 1944-1945", кутија бр. 2, (Телеграма на Околиски НОО-Кичево, бр. 123 од 29 јануари 1945 година, испратена до Здравствениот отдел при Окружни НОО-Битола).

"Во врска со Вашето писмо бр.122 од 29.I.1945 година, се известувате дека во оваа општина од 7 па до 15 февруари 1945 година има умрени и тоа: во село Зајас 18 души, во село Горно Строгамиште 3 души, во село Бачишта 7 души, во село Колибари 4 души, во село Колари 4 души, во село Долно Строгамиште 2 души. Вкупно 38 души, сите се умрени од тифус".[40]

Поради наглото ширење на болеста, а со цел за нејзино локализирање на 12 февруари 1945 година Околискиот НОО-Кичево донел одлука за воведување карантин[41] на целата територија на Кичевска околија. Во сузбивањето на болеста, покрај здравствената служба учествувале и масовните општествено-политички организации, како Народниот фронт, СКОЈ, АФЖ, како и единиците на Народноослободителната војска[42] концентрирани во Кичевскиот регион. Нивната помош се состоела во организирањето и одржувањето на карантинот, дотур на храна и лекови, организирање масовни акции за подигнување на хигиената во населбите и друго.

Со заедничко ангажирање на сите структури на социјалистичката народна власт, оваа заразна болест (тифусот) бил совладана. Така, во извештаите на општинските НОО од крајот на март и април 1945 година се сретнуваат податоци кои говорат за смирувањето на болеста. На пример, во извештајот на Општинскиот НОО Јагол-Доленци од 28 март 1945 година пишува: "прашањето со болеста е во поедини места во подобрување".[43] Сличен податок сѐ сретнува и во извештајот на Општинскиот НОО-Премка од 16 април 1945 година, каде пишува: "заразната болест се стабилизира, и сѐ повеќе се намалува".[44]

Од податоците кои ни се достапни, може да се согледа дека воведениот карантин во Кичевска околија бил укинат во мај 1945 година, кога со сестрано ангажирање на органите на народната власт биле елиминирани и последните траги од оваа опака болест, која заедно со воените пустошења и жртви му нанела големи штети на населението од Кичевскиот регион.

### *д. Други активности на НОО*

Освен споменатите, органите на народната власт во овој период развиле и други многубројни активности, во прилог на нормализирање

40. Историски архив-Охрид, фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичево, 1944-1945", кутија бр. 2 (Извештај на општина Мидинечка, бр. 97 од 15-II-1945 година, испратен до Околиски НОО-Кичево).

41. Историски архив-Охрид, фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичево, 1944-1945", кутија бр. 2 (Извештај на Околиски НОО-Кичево, бр. 390 од 7-III-1945 година, испратен до Окружни НОО-Битола).

42. Исто,

43. Историски архив-Охрид, фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичево, 1944-1945", кутија бр. 2 (Извештај на Јагол-Доленечка општина бр. 495 од 28-III-1945 година, испратен до Околиски НОО-Кичево).

44. Историски архив-Охрид, фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор - Кичево, 1944-1945", кутија бр.2 (Извештај на Премачка општина, бр. 547 од 16-IV-1945 година, испратен до Околиски НОО-Кичево).

и подобрување на приликите и зацврснување на придобивките од НОВ и Народната револуција во Кичевска околија.

Така, биле преземени низа мерки за нормално одвивање на сообраќајот, како на железничкиот така и на патничкиот сообраќај. Овие мерки се манифестирале во чистење на снегот, поправка на железничката линија, поправка на разрушени мостови и друго. Така, во услови на немање механизација за чистење на снегот Околискиот НОО-Кичево во зимата 1944-45 година покренал широка акција за мобилизирање на населението од општинските НОО низ чија територија минувала железничката линија. Во прилог на ова зборува следниот документ:

"Околиски Н.О.Одбор
(секретаријат)
бр.133
31 јануари 1945 година
Кичево

До сите општини во Кичевската околија

Командата на Кичевското војно подрачје ни достави акт со следното содржаније:

"Молите се да издајте наредби на општинските НОО, да одма отпочнат со чистењето на снегот на железничката линија, а по следниот распоред:

Општина Зајас:

1. Зајас 2. Страгомиште (горно и долно), 3. Мидинци, 4. Букојчани, од км. 111,000 до км. 116, станица Буковиќ до резервоарот Букојчани.

Општина Доленечка:

1. Бериково, 2. Јагол, 3. Доленци, 4. Папрадиште, 5. Поповјани, 6. Тујин, 7. Аранѓел, од км. 116 до км. 131 од резервоарот Букојчани до железнички мост Тујин.

Општина Премка:

1. Србица, 2. Ново Село, 3. Жубрино, 4. Осломеј, 5. Премка, 6. Шутово, 7. Гарани, 8. Стрелци, 9. Црвивци, 10. Лазаровци и 11. Мамудовци од железнички мост Тујин до касарната Кичево, од км. 131 до км. 150; Село Другово: од км. 150 до км. 153, 2. Село Србјани од км. 153 до км. 157; село Манастир Доленци: од км. 157,2 до 158,8; село Пopoложани: од км. 158,8 до 159,9; село Брждани: од км. 159,9 до 161,1; село Видрани: од км. 161,1 до 163,1; село Добреноец: од км. 163,1 до 165,9; село Подвис: од км. 165,9 до 167,3; село Лавчани: од км. 167,9 до 170,9; село Душегубица: од км. 170,9 до 173,7; село Кленоец: од км. 173,7 до 175,3; село Иванчишта: од км. 175,3 до 178,5; село Ехловец: од км. 178,5 до 181,3; село Поповец: од км. 181,3 до 182,9; село Малковец: од км. 182,9 до 184,1.

Град Кичево останује без реон. За това молиме кога ќе потражиме кулучари да ни се дадат одма.

Доставуват се предната наредба на општинските НОО на поменатите села, стим да одма наредете чистење на снегот према горниот распоред..." [45]

Дека органите на народната власт преземале успешни чекори за нормализирањето на патничкиот сообраќај, зборува и следниот документ на Околискиот НОО-Кичево:

"До Министерството на индустријата и руда
Скопје

Извештаваме Ви другари да патот Дебар-Кичево, је во исправно состојаније, сем које требет да се извршит една мала поправка на еден мост а који истиот может да издржит да преку него и денеска может да поминат камиони со тежина од три тона.

Бр.624
20 арил 1945 година — Секретар
Кичево — Б.Алексоски-Карче" [46]

Со големо залагање на органите на народната власт, во март 1945 година биле успешно спроведени и првите слободни избори во Нова Југославија на територијата на Кичевскиот регион. Во реализирањето на оваа задача биле вклучени сите НОО на сите нивоа, кои на народот му ја објаснувале целта на изборите. Како резултат на ваквите активности, населението од Кичевскиот регион било навреме и целосно информирано за целта односно суштината на овие први избори во Нова Југославија, и истите ги следело со голем интерес. Така по овој повод, во еден извештај на Општинскиот одбор-Јагол-Доленци пишува:

"Поводом гласањето е зборувано на народот, и народот е јако заинтересиран за овие избори..., објаснето им е да се изборите слободни, и ќе се изведат на најширок демократски начин". [47]

Меѓу другото, органите на народната власт во Кичевска околија во овој период развиле активности и во правец на согледување на демографската положба на населението во овој регион. Така, од документацијата се гледа дека веднаш по ослободувањето на Кичево, односно во разгледуваниов период до конечното ослободување на цела

---

45. Историски архив-Охрид, фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичево, 1944-1945", кутија бр. 2 (Наредба на Околиски НОО-Кичево, бр. 133 од 31 јануари 1945 година, испратена до општините: Зајашка, Доленечка, Премачка и Кичевска).

46. Историски архив -Охрид, фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичево, 1944-1945", кутија бр. 2 (Извештај на Околиски НОО-Кичево, бр. 624 од 20 април 1945 година, испратен до Министерството на индустријата на НРМ).

47. Историски архив -Охрид, фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичево, 1944-1945", кутија бр. 2 (Извештај на Јагол-Доленечка општина бр. 328 од 14-III-1945 година, испратен до Околиски НОО-Кичево).

Југославија (1944-1945) на територијата на Кичевска околија имало 79 населби (една градска и 78 селски населби). Според еден извештај на Околискиот НОО-Кичево од 20 ноември 1945 година,[48)] вкупниот број на населението на тогашното кичевско подрачје изнесувал 39643 лица, кои според местото на живеење и националниот состав било распоредено вака:

ПРЕГЛЕД

| ред. | Назив на местото | Број на домови | Македонци | Албанци | Турци | Торбеши | Власи | Руси | Срби |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Кичево | 1156 | 1290 | 102 | 5459 | - | 132 | 3 | 28 |
| 2 | Ехловец | 85 | 465 | - | - | - | - | - | - |
| 3 | Иванчишта | 89 | 489 | - | - | - | - | - | - |
| 4 | Кленоец | 30 | 283 | - | - | - | - | - | - |
| 5 | Душегубица | 89 | 477 | - | - | - | - | - | - |
| 6 | Поповец | 69 | 423 | - | - | - | - | - | - |
| 7 | Малковец | 44 | 322 | - | - | - | - | - | - |
| 8 | Лавчани | 96 | 504 | - | - | - | - | - | - |
| 9 | Белица | 156 | 898 | - | - | - | - | - | - |
| 10 | Свињишта | 50 | 263 | - | - | - | - | - | - |
| 11 | Козица | 70 | 389 | - | - | - | - | - | - |
| 12 | Брждани | 77 | 445 | - | - | - | - | - | - |
| 13 | Јудово | 45 | 259 | - | - | - | | - | - |
| 14 | Бидрами | 22 | 132 | - | - | - | - | - | - |
| 15 | Пополжани | 31 | 182 | - | - | - | - | - | - |
| 16 | Подвис | 43 | 225 | - | - | - | - | - | - |
| 17 | Речани | 9 | 7 | 61 | - | - | - | - | - |
| 18 | Лешница | 48 | 114 | 146 | - | - | - | - | - |
| 19 | Грешница | 112 | - | 686 | - | - | - | - | - |
| 20 | Трапчин Дол | 67 | - | 377 | - | - | - | - | - |
| 21 | Длапкин Дол | 57 | - | 351 | - | - | - | - | - |
| 22 | Раштани | 63 | 409 | - | - | - | - | - | - |
| 23 | Кнежино | 51 | 290 | - | - | - | - | - | - |
| 24 | Осој | 51 | 279 | - | - | - | - | - | - |
| 25 | Добреноец | 100 | 598 | - | - | - | - | - | - |
| 26 | Јаорец | 34 | 180 | - | - | - | - | - | - |
| 27 | Лисичани | 107 | 95 | - | - | 775 | - | - | - |
| 28 | Мијокази | 36 | 222 | - | - | - | - | - | - |
| 29 | Челопеци | 68 | 255 | - | - | 305 | - | - | - |
| 30 | Орланци | 110 | 550 | - | - | - | - | - | - |
| 31 | Речани | 28 | 158 | - | - | - | - | - | - |
| 32 | Светорача | 24 | 175 | - | - | - | - | - | - |
| 33 | Дупјани | 33 | 226 | - | - | - | - | - | - |

48. Историски архив-Охрид, фонд "Околиски Народно-ослободителен одбор-Кичево, 1944-1945", кутија бр. 2 (Извештај на Околиски НОО-Кичево, бр. 1876 од 20 ноември 1945 година, испратено до Окружниот НОО-Прилеп).

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 34 | Крушица | 17 | 148 | - | - | - | - | - | - |
| 35 | Рабетино | 11 | 100 | - | - | - | - | - | - |
| 36 | Козичино | 38 | 297 | - | - | - | - | - | - |
| 37 | Патејц | 10 | 115 | - | - | - | - | - | - |
| 38 | Атишта | 19 | 109 | - | - | - | - | - | - |
| 39 | Вранештица | 144 | 780 | - | - | - | - | - | - |
| 40 | Староец | 14 | 104 | - | - | 18 | - | - | - |
| 41 | Карбуница | 92 | 525 | - | - | - | - | - | - |
| 42 | Србјани | 99 | 406 | - | - | 146 | - | - | - |
| 43 | Ман. Доленци | 40 | 221 | - | - | - | - | - | |
| 44 | Бигор Доленци | 53 | 347 | - | - | - | - | - | - |
| 45 | Кладник | 77 | 420 | - | - | - | - | - | - |
| 46 | Црвивци | 124 | - | 718 | - | - | - | - | - |
| 47 | Осломеј | 28 | 239 | - | - | - | - | - | - |
| 48 | Жубрино | 46 | - | 244 | - | - | - | - | - |
| 49 | Србица | 204 | - | 1151 | - | - | - | - | - |
| 50 | Ново Село | 63 | 81 | 252 | - | - | - | - | - |
| 51 | Премка | 60 | 279 | 64 | - | - | - | - | - |
| 52 | Шутово | 122 | - | 665 | - | - | - | - | - |
| 53 | Стрелци | 96 | - | 583 | - | - | - | - | - |
| 54 | Горани | 55 | - | 320 | - | - | - | - | - |
| 55 | Лазоровци | 28 | 164 | - | - | - | - | - | - |
| 56 | Мамудовци | 27 | - | 144 | - | - | - | - | - |
| 57 | Тујин | 180 | 247 | 1070 | - | - | - | - | - |
| 58 | Јагол | 59 | 199 | 223 | - | - | - | - | - |
| 59 | Јагол Доленци | 29 | 206 | - | - | - | - | - | - |
| 60 | Папрадиште | 46 | - | 231 | - | - | - | - | - |
| 61 | Бериково | 42 | - | 242 | - | - | - | - | - |
| 62 | Аранѓел | 58 | - | 354 | - | - | - | - | - |
| 63 | Поповјани | 42 | 140 | 189 | - | - | - | - | - |
| 64 | Цер | 180 | 1170 | - | - | - | - | - | - |
| 65 | Мало Црско | 43 | 285 | - | - | - | - | - | - |
| 66 | Големо Црско | 43 | 285 | - | - | - | - | - | - |
| 67 | Прострање | 70 | 555 | - | - | - | - | - | - |
| 68 | Велмевци | 108 | 845 | - | - | - | - | - | - |
| 69 | Другово | 73 | 51 | 580 | - | - | - | - | - |
| 70 | Зајас | 360 | - | 2064 | - | - | - | - | - |
| 71 | Бачиште | 106 | - | - | - | 537 | - | - | - |
| 72 | Колибари | 59 | - | 380 | - | - | - | - | - |
| 73 | Долно Страгом. | 45 | - | 297 | - | - | - | - | - |
| 74 | Горно Страгом. | 88 | - | 529 | - | - | - | - | - |
| 75 | Колари | 65 | - | 420 | - | - | - | - | - |
| 76 | Мидинци | 24 | 146 | - | - | - | - | - | - |
| 77 | Бујукчани | 28 | 124 | 24 | - | - | - | - | - |
| 78 | Тајмиште | 74 | 420 | - | - | - | - | - | - |
| 79 | Ман. Св. Преч. | 1 | 31 | - | - | - | - | 15 | 5 |

Од претходниот документ-преглед се гледа дека бројот на населението во тогашна Кичевска околија според националната припадност изгледал вака:

| | |
|---|---|
| Македонци | 21534 (вклучувајќи ги и 1781 Македонци-муслимани, тогаш именувани како "торбеши"), |
| Албанци | 12467 |
| Турци | 5459 |
| Власи | 132 |
| Руси | 18 |
| Срби | 33[49)] |

Во разгледуваниов период, органите на народната власт во Кичевска околија пројавиле и други бројни активности, како: прослави на годишнини (мартовските демонстрации од 1941), формирање комисии за испитување на злосторствата на окупаторот и домашните предавници, враќање на ограбениот имот од страна на окупаторот и домашните предавници на народот, борба против реакцијата и уништување на остатоците од балистичките односно одметничките банди, мобилизација на борци и задоволување на разни други воени потреби (снабдување на единиците со храна и сместување, со товарен добиток) и друго.

* * *

Од изнесеното во овој труд, неспорно се наметнува заклучокот дека органите на народната власт во Кичево и Кичевско во наведениов период, дале непроценлив придонес во зацврстувањето на придобивките од НОВ, како и во изградбата на новиот живот.

49 . Исто,

Svetozar NAUMOVSKI

## SUPPLEMENT FOR THE ORGANIZATION AND WORK OF THE ORGANS OF THE PEOPLE'S AUTHORITY IN THE DISTRICT OF KIČEVO (XI. 1944 - V. 1945)

(Summary)

This study is about the foundation and work of the National Liberation Committees in the district of Kičevo in the period of the National Liberation War 1944-1945 in the following fields of organizing the life on the free territory: organizing food and suuply of the inhabitants, reconstruction of the destroyd and burnt houses, organizing the spring sowing, wiping out the contagious diseases, organizing the first free elections, etc.

Александар АТАНАСОВСКИ

# БАЛКАНОТ И МАКЕДОНИЈА ВО ПОЛИТИЧКИТЕ ПРЕГОВОРИ И ДОГОВОРИ ПОМЕЃУ ВИЗАНТИЈА, СРБИЈА И БУГАРИЈА ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА НА XIV ВЕК

Преминот од III во XIV век се одликува со засилувањето на српската држава и нејзино прераснување во воена сила број еден на Балканот. Српската држава особено се зајакнала и прераснала во голема сила со доаѓањето на власт на кралот Милутин (1282-1321).[1] Причините за проширувањето на српската држава на Балканот се од различна природа. Покрај политичките, за тоа влијаеле и економските фактори. Србија успеала да ги координира своите воени сили со политичките маневри што ги презела во времето на Милутин, со цел да си обезбеди доминација на Балканот.

Обновената Византија, иако за кратко го повратила својот рејтинг на Балканот, сепак била далеку од некогашната моќна империја и не можела да се спротистави на зајакнатата млада српска држава[2].Бугарија пак, потресена од монголската наезда сеуште преживувала тешки денови и исто така не можела да стори ништо за да се спротистави на Србија.[3]

Иако двата главни конкуренти на Србија - Византија и Бугарија биле ослабени, Милутин сепак сакал да си обезбеди поголема политичка поткрепа за своите политички планови. Токму затоа, Милутин ги започнал своите завладувања кон Македонија во договор со Карло Анжујски и заедно со севастократорот Јован Тесалиски навлегле во Македонија во пролетта 1282 година.[4] За овој поход ни дава податоци архиепископот Данило II кој вели: "Милутин заповеда да се соберат сите негови војници и кревајќи се со сета своја сила замина за државата во областите на грчкото царство во соседните краишта, а тоа се овие што ќе ги кажам: прво ги зазеде двата Полога со нивните градови и области, славниот град Скопје, потоа Овче Поле, Злетово и Пијанец сите овие земји ги презеде во почетокот на своето владеење и ги придаде кон државата на својата татковина...Смирувајќи ги сите места, тој ги

1. К. Јиречек, Историја Срба, I, Београд 1978, 189; Историја српског народа, Т. I., Београд 1981, 439; Хр. Матанов, Югозападните български земи през XIV век, София 1986, 12.

2. Г. Острогорски, Историја Византије, Београд 1982, 434; Хр. Матанов, Югозападните български земи, 11.

3. В. Н. Златарски, Българо-сръбскитѣ политически отношения вь миналото, Българска историческа библиотека (БИБ), III-2 София 1930, 90,91.

4. Г. Острогорски, Историја Византија, 434.

истера сите што правеа протести и буни и пак се врати свечено во својата земја...[5]

Овој поход се случил веднаш по доаѓањето на власт на крал Милутин 1282 година. В.Мошин е на мислење дека тоа било во периодот меѓу "сицилијанската вечерна" (31 март 1282 г.) и смртта на Михаил VIII Палеолог 11 декември 1282 година. А бидејќи есента се вратил во својата татковина, тоа значи дека освојувањето на македонските области било извршено во пролетта и летото 1282 година.[6]

Кога Михаил VIII Палеолог дознал за српските навлегувања се зафатил со организирање противнапад и за враќање на изгубените територии. Овој негов потфат не бил реализиран бидејќи во екот на подготовките умрел на 11 декември 1282 година.[7] Од друга страна пак, Милутин го искористил овој настан и "навлегол длабоко во Источна Македонија и ја опустошил сѐ до Сер и Крстопол. Потоа на враќање ги запоседнал краевите: Пореч, Кичево и Дебар. Пограничната линија без склучен мир минувала северно од тврдините Струмица, Просек, Прилеп, Охрид и Кроја"[8], кои останале под византиска власт.

Новиот византиски император Андроник II Палеолог (1282-1328) не можејќи да се помири со губењето на Северна Македонија, организирал воен поход против српската држава. Овој византиски противнапад го водел искусниот војсководач Михаил Главас 1297 година[9], но и тој обид останал без резултат. Наспроти младата словенска држава, истрошената Византија била немоќна. Тогаш Андроник II решил да се договори со Милутин, на кого му понудил договор за мир и брак со сестра си Евдокија.[10] Но, Евдокија одбила да појде за жена на Милутин, при што Андроник II повторно се нашол во тешка положба. Единствен спас за ситуацијата и за смирување на Милутин, Андроник II нашол во својата малолетна ќерка Симонида, која што ја понудил за жена на Милутин.[11] По долги преговори, во врска со кои Теодор Метохит патувал петпати

---

5. Архиепископ Данило II, Животи краљева и архиепископа српских, Београд 1935, 82; Љ. Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, I, Скопје 1975, 155. Спореди за тоа и: К. Иречек, История на Българитѣ, София 1929, 216; М.Пурковић, Јужна Србија од V века до Карађорђевог устанка. Скопље 1937, 202; В.н.Златарски, Българо-сръбскитѣ..., 87; К.Јиречек, Историја Срба, I, 191; В.Мошин, Балканската дипломатија и династичките бракови на кралот Милутин - Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија (натаму само Споменици...) Т.II Скопје 1977, 161; В.Мошин, Крал Милутин според неговата биографија од Данило II, неговото "Житие по свиток" и неговата автобиографија, Споменици..., II, 312; Историја српског народа, I, 439; Б. Панов, Српската хегемонија на Балканот и паѓањето на поголем дел на Македонија под српска власт (крај на XIII-средина на XIV век). Средновековна Македонија, III, Скопје 1985, 89.

6. В. Мошин, Балканската дипломатија и династичките бракови..., 162; Историја српског народа, I, 439.

7. За Михаил VIII Палеолог види: Г. Острогорски, Историја Византије, 422-435.

8. К.Јиречек, Историја Срба, I, 191; К. Иречек, История на Българитѣ, 216; Историја српског народа, I, 41.

9. Историја српског народа, I, 445.

10. За женидбата на Милутин спореди: М. Ласкарис, Византијске принцезе у средњовековној Србији, Београд 1926, 57-58; Историја српског народа, I, 447.

11. М.Ласкарис, Византијске принцезе..., 58; Г. Острогорски, Цар Андроник II, Споменици..., II, Скопје 1977, 45.

во Србија, за што оставил свое "послание"[12], во пролетта 1299 година бил потпишан договор за мир и била прославена Милутиновата свадба со малата византиска принцеза.[13]

Освоените земји и градови во Македонија северно од линијата Охрид Прилеп-Штип, Милутин ги задржал како мираз.[14] Тоа бил единствениот начин на кој Византија можела да го ублажи срамот за изгубените територии во Македонија. Давајќи ги како мираз, таа можела да се надева на евентуално нивно враќање под византиска власт. Но понатамошните настани тоа не го дозволиле. Веќе во 1300 година со грамотата на Милутин дадена за манастирот Св. Георги-Горг Скопски[15] ја затврдил српската власт во териториите што ги освоил, а кои Византија "наводно му ги отстапила како мираз".

Во почетокот на XIV век на Запад оживеала идејата за обновување на Латинската Империја. Главен иницијатор бил Карло Валоа, француски принц. За остварување на своите планови Карло Валоа во 1306 година склучил спогодба со Венецијанската република. Кон овој сојуз пристапил и кралот Милутин, кој ја продолжил својата политика на договарање со Запад за борба против Византија.Тој во март 1308 година испратил во Франција двајца пратеници: Марко Лукари од Дубровник и Трифун Михаиловиќ од Котор.[16] Во еден манастир кај Мелена, на 27 март 1308 година српските пратеници го потпишале договорот со Карло Валоа за поделба на Македонија. Покрај другите одредби во договорот на крајот се набројуваат тврдините и земјите што му се отстапуваат на Милутин: "Прилеп до меѓата на тврдината Присек (Просек), Овче Поле до меѓата на тврдината Штип, земјата од Дибре до реката Махат (р. Маат во Албанија), областа Кичане до границата на Хокерија (црногорски предел на племето Кучи) и од тие области до кралството Славонија".[17] Како што се гледа од горниот цитат поголем дел од тврдините се наоѓале во Македонија.

За да се потврди договорот, Карло Валоа со српските пратеници испратил своја делегација кај кралот Милутин за да се уверат на лице место во кралската заклетва и во приходите на тврдините што ги држел

12. Види: Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Т.II, Скопје 1977, 227-307-Извештај за пратеништвото на Теодор Метохит. Текст според Sathas, превод од П.Хр.Илиевски; Византијски извори за историју народа Југославије, Т. VI, Београд 1986, 63-142.

13. В.Мошин, Балканската дипломатија..., 187; Историја српског народа, I, 447.

14. К.Јиречек, Историја Срба, I, 194; В. Мошин, Балканската дипломатија, 187; Г.Острогорски, Цар Андроник II, 45; истиот, Историја Византије, 457.

15. К.Илиевска, В.Мошин, Л.Славева, Грамотите на манастирот "Св.Георги-Горг Скопски". Грамота на крал Милутин - Споменици..., I, Скопје 1975, 205-238.

16. А.Убичин, Уговор о савезу и пријатељству међу Карлом Валоа и посланицима српског краља Уроша - Гласник српског ученог друштва (ГСУД), Књ.X, Београд 1870 310; В.Мошин, Договорот на крал Урош II Милутин со Карло Валоа од 1308 година за поделба на византијска Македонија-Споменици..., II, Скопје 1977, 422.

17. А.Убичин, Уговор о савезу..., 324, "castri nonime Prilep Usque ad confines castri nomine Prisec, et contrata Oucipoullie ad confines castri nomine Stir, et contrata Quiciane usque ad confines Hoguerie..."

Милутин. Милутин го потпишал договорот на 25 јули 1308 година во шаторите под местото "Goliqueline".[18]

Убичин смета дека "Goliqueline" се однесува на Голак или Гнилане, при што допушта можност Гнилане да е погрешно напишано.[19] Планината Голак се наоѓа на југозападната страна на Пијанец. По неа врвела и српско-византиската граница во времето на Милутин. Од северната страна на Голак постојат остатоци од повеќе средновековни манастири и цркви, а и од две градишта, едното во високиот дел на планината кај Стара Река-помало и едно поголемо над самата река Брегалница. Второто градиште има многу поволна положба за одбрана и од него се гледа целиот Пијанец. На локалитетот се видливи траги од утврдување и остатоци од три петоаголни кули. Тврдината била градена со вар, што значи дека имала важна улога. На мислење сме дека Милутин токму во шаторите кај тоа градиште го потврдил договорот. Дотолку повеќе што при потврдувањето на договорот Милутин истакнува дека го држи градот Штип, кој не е влезен во договорот и бара да биде дополнително внесен. Тоа нѐ наведува на заклучок дека Милутин бил воено ангажиран на исток и затоа се нашол под Голак.[20]

Во прилог на тоа зборува и фактот што во близината на градиштето под Голак се наоѓа селиштето Котража [21] каде што во 1289 година кралицата Јелена потврдила на Дубровчаните поседување на лозја како што им потврдил нејзиниот син крал Урош.[22] Бидејќи меѓу српските пратеници еден бил Дубровчанец, тој сигурно бил запознат со местото под Голак т.е. кај Котража каде што престојувал кралот Милутин.

Договорот меѓу Карло Валоа и крал Милутин никогаш не бил спроведен во дело, бидејќи истата 1308 година умрела Катерина Куртене,[23] со што престанале претендентските аспирации на Карло Валоа кон цариградскиот престол.

Од 1308 година настапил период на затишје на византиско-српската граница и таа не се менувала сѐ до 1330 година, како и опасноста за Византија што доаѓала од Исток, од Турците Османлии. Еден одред дури преминал на Балканот и "пљачкале и ја опустошиле на најстрашен начин ромејската земја во Тракија".[24] За протерување на Турците, Андроник II побарал помош од зетот Милутин кој му испратил еден одред војници во истата 1313 година.[25] Благодарение на српската помош

---

18. Исто, 326-327; В.Мошин, Договорот на крал Милутин со Карло Валоа..., 423.

19. А.Убичин, Уговор о савезу..., 327.

20. А. Атанасовски, Пијанец во XIII и XIV век. (магистерска теза во ракопис, се чува во семинарот за историја при филозофски факултет Скопје) стр.27-28.

21. За убикацијата на Котража види: А.Атанасовски, Кон прашањето околу местоположбата на имотите на Злетовската епархија во Пијанец, според грамотата на цар Душан од 1347 година. - Годишен зборник на Филозофски факултет-Скопје, кн.17-18 (43-44), Скопје 1990/91, стр.42.

22. Старе српске повеље и писма, Књ, I, први део, средио: Љ.Стојановић, Београд-Сремски Карловци 1929, 30...,„и какь им ми т створил сн краслвства ми крал Урошь такоге им и а стварамь а ть имь милсть створи кральвство ми на Котражи...„

23. В.Мошин, Договорот на крал Урош II Милутин со Карло Валоа, 427.

24. Византијски извори, VI, 180-184.

25. Исто, 184-188.

Византија успеала да ги победи Турците и привремено да се ослободи од неделата на европскиот дел на Византија. Од тој момент до крајот на својот живот (1321 г.) Милутин останал верен на својот дедо Андроник II. Со тоа и границата меѓу Византија и Србија не се менувала.

За време на Милутиновиот син и наследник Стефан Урош III Дечански (1321-1331 г.), јужната српска граница не се променила многу. Србија ги добила: крајот околу Штип и излегла на познатиот во средниот век град Просек на Вардар.[26] До промени дошло од вториот период од владеењето на Дечански, кога биле заострени односите со соседите. Тоа е периодот на внатрешните борби во Византија помеѓу Андроник II и внук му Андроник III Палеолог. Во таа борба за власт биле замешана Србија која ја поддржувала страната на Андроник II.[27]

Исто така во овој период се зајакнала и бугарската држава, која не била задоволна од српското проширување на Македонија. Со цел да се спротистави на српското проширување, Бугарија склучила сојуз со претендентот на византискиот престол Андроник III,[28] со што директно се свртела против Србија. Договорот меѓу Андроник III и Михаил Шишман бил склучен на 13 мај 1327 година,[29] според кој договор "Михаил му ветил на императорот дека ќе помага во неговата борба против дедо му-стариот император, а Андроник III дека ќе го помага Михаил против кралот на Србија"[30]. Со овој договор директно била засегната Македонија бидејќи се наоѓала помеѓу трите држави: Србија, Бугарија и Византија.

Српската војска што требало да учествува во граѓанската војна во Византија на страната на Андроник II ја предводел искусниот војсководач Хреља.[31] Хреља не се впуштил во борба, бидејќи според неговото мислење требало да се зачува мирот.[32] Многумина угледни Византијци го наговарале Стефан Дечански да преземе акција, но тој по наговор на Хреља останал само набљудувач на настаните. Не одело многу, на 24 мај 1328 година Андроник III Палеолог ја презел власта во Цариград.[33]

Веднаш по доаѓањето на власт Андроник III се зафатил да ја истисне Србија од Македонија. За таа цел тој уште во 1329 година навлегол во Македонија и ја отстранил српската опсада од градот Охрид. Во исто време се заостриле српско-бугарските односи. Причина за тоа било протерувањето на сестрата на Стефан Дечански-Ана од страна на Михаил.[34] Непријателствата помеѓу Србија и Бугарија отворено

---

26. Види поопширно: Животи краљева и архиепископа српских. 197; С.Ћирковић, Владавина Стефана Уроша III Дечански (Историја српског народа, I) 496-510.

27. За граѓанската војна во Византија види: Г. Острогорски, Историја Византије, 465-472.

28. Исто, 468.

29. Византијски извори, VI, 197.

30. Исто, 199.

31. За Хреља види: А. Атанасовски, Пијанец во XII и XIV век, 39-45 и таму наведената литература.

32. К.Јиречек, Историја Срба, I, 206; Ћирковић, Владавина Стефана Уроша III, 503.

33. Г.Острогорски, Историја Византије, 468.

34. Византијски извори, VI, 207 и бел. 104; С. Станојевић вели нејзиното име е Неда, види: С.Станојевић, Битка код Велубужда, Браство XXIV. Београд 1930/3.

започнале уште во почетокот на 1330 година и тоа најпрво на економско поле.[35]

Погоден од тоа бугарскиот владетел се состанал уште двапати со Андроник III и решиле во летото 1330 година да ја нападнат Србија. За таа цел тие подготвиле воен план, според кој Србија требало да се нападне од две страни, Бугарија да нападне од север, а Андроник III од југ, така што, истакнува Никифор Григора "кралот нема да биде кадар да се бори на две страни и ќе биде ослабен со загубата на голема земја на двете страни".[36]

Воените дејствија започнале во почетокот на летото. Најпрвин Андроник III навлегол во "...полето на Пелагонците каде што поставил логор и чекал вест за тоа како се одвива Михаиловиот напад на Србија од другата страна, за да може тогаш да презеде што смета дека треба".[37]

Србија во тој момент не била спремна за војна на два фронта и се обидела по пат на преговори да се смири со Бугарија, но тие обиди завршиле неуспешно.[38] По неуспешните преговори Србија одлучила прво да тргне против Бугарија, чии војски пристигнале во долината на Струма и биле улогорени кај градот Землен [39] во непосредна близина на Македонија. Српската војска пристигнала и се улогорила на р. Каменча (денешна р. Каменица). Стефан Дечански сакајќи да добие во време, бидејќи дел од неговата властела со одредите задоцниле, покренал иницијатива со преговори.[40] Во последните денови на јули 1330 година на изворите на Струма, северно од Велбужд, стоеле улогорени српската и бугарската војска, подготвени со оружје да го решат прашањето за власт во Македонија и прашањето за превласт на Србија или Бугарија на Балканскиот Полуостров.

На 28 јули 6828 (1330 г.) на границата помеѓу Пијанец, Ќустендилско Поле и областа Каменица (Ќустендилска) се одиграла познатата

---

35. Србија во пролетта 1330 година издала на Венеција еден акт за слободна трговија во Србија. Во тој акт било дозволено транзит на венецијанска стока преку Србија за сите земји, единствено се забранувал транзит за Бугарија. Спореди: С.Станојевић, Битка код Велбужда, 6.

36. Византијски извори, VI, 207-208.

37. Исто, 208.

38. За преговорите види: С. Станојевић, Битка код Велбужда, 7-8.

39. Исто, 8; За правецот на движењето на бугарската војска имаме различни податоци: Во биографијата на С.Дечански на едно место се вели дека бугарската војска тргнала од Трново, а на друго, дека "доаѓала од Бдиња (Видин), Животи краљева и архиепископа, 135-137; Никифор Грегора наведува дека Михаило собрал 12000 војници од сопствената земја и уште 3000 скитски наемници (Татари) и "навлегол во земјата на Трибалите преку северните делови на планината Хема, од прилика таму каде што се наоѓаат изворите на реката Стримон. Четири дена тој се задржувал непречено пустошејќи ја и пљачкајќи ја непријателската земја, не наидувајќи на никој кој би му се спротивставил со оружје. На петтиот ден се појавил кралот на Србија предводејќи силна војска, чие оружје со блесок ги заслепувало очите на набљудувачите". - Византијски извори, VI, 209. .Кантакузин не се совпаѓа со Грегора за правецот на движењето на бугарската војска и тој вели дека "бугарскиот цар доаѓал преку Пеонија" (Унгарија)-Византијски извори, VI, 367.

40. За текот на преговорите и резултатите од нив види: Ст.Станојевић, Битка код Велбужда, 10.

Велбуждска битка.[41] Во битката била разбиена бугарската војска, а Михаил бил убиен.

Битката кај Велбужд имала далекусежни последици за историјата на Македонија и Балканот . Оваа битка го отворила патот за наложување на српската хегемонија во Македонија. По оваа битка бил ликвидиран главниот конкурент на Србија-Бугарија, а Византија иако задржала дел од Македонија, сепак растргната од внатрешните борби не можела да се спротистави на засилената српска држава.

Само неколку месеци по Велбуждската битка "на господинот крал му се предале градовите чии имиња се: град славен Велес, град Просек, град Штип, град Чрешче, град Добрун..."[42]

Поради попустливата политика кон Бугарија воинствената српска властела ги симнала од престолот Стефан Дечански, а на негово место на 8 септември 1331 година[43] го довела син му Стефан Душан. Тој веднаш се зафатил да ја реализира политиката што му ја наметнале силите што го довеле на власт. Уште истата 1331 година Душан повел војна против Византија, која траела сè до 1334 година, кога на 26 август близу до Солун кај реката Галика[44] бил склучен мировен договор меѓу Византија и Србија. Според овој договор Србија за себе ги задржала градовите во Македонија и тоа: Охрид, Прилеп, Струмица и др.[45] Српско-византиската граница се движела јужно од Леш-Пилот-Охрид-Струмица-Мелник и излегувала на Струма.[46]

Од друга страна Стефан Душан ги нормализирал српско-бугарските односи.[47] Во поглед на односите со Византија за да се увери во сигурното пријателство на Андроник III Стефан Душан му испратил пратеници барајќи да се состанат заради "пријателство и разговори во македонското место Боимија".[48] Андроник III сакајќи да ја докаже својата верност кон склучениот договор го изненадил Душан и со својата придружба отишол во местото Радовиште,[49] (Радовиш). На овој состанок Душан и

---

41. За текот на битката и загинувањето на Михаило спореди: Византијски извори, VI, 338, 210, 338, бел.132, 210 бел. 111; Ст.Станојевић, Битка код Велбужда, 17.

42. Животи краљева и архиепископа, 149; Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Скопје 1981, 124; Т.Томоски, Средновековни градови во Македонија меѓу реките Брегалница, Лакавица и Вардар. - Годишен зборник на Филозофски факултет-Скопје, Т. 4(30), Скопје 1978, 277, 280.

43. С.Ћирковић, Владавина Стефана Уроша III, 510; Б.Ферјанчић, Освајачка политика краља Душана-Историја српског народа. I. 511.

44. Византијски извори, VI, 345 и бел. 157.

45. Исто, 346 бел 158; Т.Флорински, Южние Славяне и Византия во второй четврти XIV вѣка, 37; Историја српског народа, и.511-523; М.Динић, За хронологију Душанових освајања византијских градова-ЗРВИ, 4 Београд 1956, 7-10.

46. М.Динић, За хронологију Душанових освајања, 8.

47. За српско-бугарските односи во тој период види: К.Иречек, История на Блгаритѣ, 232; П.Ангелов, Българо-сръбските политически отношения при царуването на Иван Александър (1331-1371) и Стефан Душан (1331-1355). -Годишник на Софийския Университет. Исторически факултет, Т.72, София 1982, 96 и натаму.

48. Византијски извори, VI, 352.

49. Исто, 352; Т.Флорински, Славяне и Византия, II, 73.

Андроник III се задржале 7 дена и било затврдено меѓусебното пријателство. Така Андроник III радосно си заминал, а Душан радосен останал дома.[50]

По смртта на Андроник III (1341 г.) во Византија почнала нова граѓанска војна. Од оваа војна била засегната и Македонија. Хреља, феудален владетел во Источна Македонија му советувал на Јован Кантакузин "да се сврти повеќе на Запад, бидејќи оттаму е наизглед не мала корист". [51] Териториите што ги владеел Хреља се наоѓале на тромеѓето меѓу Србија, Византија и Бугарија.[52] Преговорите помеѓу Хреља и Јован Кантакузин започнале пролетта 1342 година и се однесувале на прашањето околу освојувањето на Мелник.[53] Откако Кантакузин го зазел Мелник, тргнал со синовите во логорот на Хреља и таму поминале еден ден и ноќ заедно, а другиот ден се вратиле во логорот на Кантакузин, тоа се случило во мај-јуни 1342 година.[54] На овој состанок Ј. Кантакузин го придобил Хреља за помош во походот кон Солун. Но во овој поход Кантакузин немал успех и затоа на своите приврзаници им предложил сојуз со Србија. Овој сојуз му бил потребен за да се врати во Димотика.[55] Во јули 1342 година Ј. Кантакузин со придружбата тргнал по долината на Вардар кон Србија за да бара помош. Преку Просек и Велес се упатил кон Скопје. Кај Велес се сретнал со Јован Оливер [56] и од него побарал совет за понатамошните акции. Јован Кантакузин преку Скопје стигнал во Паун и тука во Приштина со посредство на Ј.Оливер се состанал со Стефан Душан и жена му Елена.[57]

На состанокот било прифатено Србија да му помогне на Кантакузин да се врати во својата земја. Но за тоа Душан ги барал од Ј. Кантакузин како награда за сојузништвото, сите градови што биле потчинети на Византија западно од Христопољ, а доколку тоа било премногу, тогаш западно од Солун.[58] Со овој предлог Ј. Кантакузин не се согласил. По долги преговори на крајот било прифатено Ј. Кантакузин да даде заклетва дека до крајот на животот ќе остане верен сојузник и пријател и дека ниеден од градовите кои што се под српска власт нема да ги бара кога ќе дојде на власт под изговор дека припаѓале на Византија.[59] Со овие услови Кантакузин се согласил и бил склучен сојуз со Душан.

---

50. Византијски извори, VI, 353.

51. Исто, 364-365.

52. Т.Томоски, Штип од XII-XIV век. Штип низ вековите , I, Штип 1986, 177.

53. Византијски извори, VI, 366; 368. За текот на преговорите и резултатите од нив спореди: М.Динић, Реља Охмучевић у историји и предању - ЗРВИ IX, Београд 1966, 102.

54. Византијски извори, VI, 371.

55. Исто, 373.

56. За Јован Оливер види: А.Атанасовски, Пијанец под власта на феудалниот господар Јован Оливер (1343-1355). - Годишен зборник на Фолозофски факултет-Скопје, кн.20 (46), Скопје 1993, 103-108 и таму наведената литература.

57. Византијски извори, VI, 387; Д.Ковачевиħ-Којиħ, Приштина у средњем веку. - Историски часопис, 22 (1975), 46.

58. Византијски извори, VI, 392; Т.Флорински, Славяне и Византия, II, 80.

59. Византијски извори, VI, 399-400.

На состанокот станало збор и за Хреља, при што Кантакузин му го дал текстот на заклетвата за соработка и го убедил Душан дека Хреља се одметнал од него уште кога бил жив Андроник III, Душан го прифатил тој факт и на заклетвата го додал својот потпис.[60)] За потврдување на заклетвата бил повикан српскиот архиепископ. Додека се подготвувале за завршниот чин пристигнале гласници од Хреља, кој барал гаранција за повторно враќање во служба на српскиот крал. Тоа од причина што Хреља се плашел за својата судбина, мислејќи дека Кантакузин ќе биде принуден да го предаде на Душан.[61)] Душан ги примил пратениците на Хреља, кои заедно со враќањето на Хреља го нуделе и градот Мелник, Душан дал заклетва и ги примил во своја служба.[62)] Во договорот за ненапаѓање била направена измена, вметнувајќи го Мелник во градовите што ги владеел Душан. Потоа Душан испратил 20 свои велможи со војската да му помогнат на Кантакузин да се врати во Димотика каде што се наоѓала неговата сопруга Ирина.[63)] Преговорите помеѓу Стефан Душан и Ј. Кантакузин завршиле во август 1342 г., а како гаранција на договореното Ј. Кантакузин го оставил сина си Манојло Кантакузин како заложник во Србија.[64)]

Кон крајот на летото 1342 година здружените византиско-српски војски го нападнале Сер.[65)] Овој напад бил неуспешен и придонел да се намали бројот на привржаниците на Ј. Кантакузин. Тој морал со најверните привржаници да се упати во таборот на српскиот крал и да чека погодно време да се врати во Димотика. Есента 1342 година царицата Ана Савојска испратила пратеници кај Стефан Душан на преговори за да им го предаде Ј. Кантакузин или барем да го држи во заточеништво нудејќи му ги сите градови западно од Христопољ. Ова пратеништво не ја исполнило својата задача, бидејќи Душан ги одбил нивните предлози.[66)]

Зимата 1342/43 година свои пратеници кај Стефан Душан испратил и Алексиј Апокавка, со цел да се сретнат во Амфипол. Но до посериозен договор помеѓу Душан и Апокавка не дошло.[67)]

Кантакузиновото враќање во Србија, зимата 1342/43 година предизвикало загриженост во Димотика. Ирина донела одлука да се побара сојузничка помош од бугарскот цар Иван Александар со ветување дека, доколку се случи да умре Ј. Кантакузин, тие ќе го предадат градот на Бугарите, а не на Ромејската војска.[68)] Јован Александар го искористил ова и дошол во Димотика. Инаку од почетокот на граѓанската војна во

60. Исто, 402.

61. Исто, 404; К.Јиречек, Историја Срба, I, 219.

62. Исто, 405; Т.Флорински, Славяне и Византия, II, 83; М.Динић, Реља Охмучевић, 103.

63. Византијски извори, VI, 406; Т.Флорински, Славяне и Византия, II, 86; К.Јиречек Историја Срба, II, 106.

64. Византијски извори, VI, 407.

65. Исто, 410.

66. Исто, 417-418.

67. Исто, 425.

68. Исто, 431.

Византија Јован Александар бил на страната на Ана Савојска. Но сега отстапил, бидејќи се работело за негов интерес да освои повеќе градови во Тракија.[69] Истовремено Иван Александар испратил пратеници кај српскиот крал и неговата сопруга Елена (сестра на бугарскиот цар), барајќи од нив да го задржат Кантакузин што е можно подолго или дури да го убијат, а тие (Душан и Александар) заедно да ја освојат Ромејската земја.[70] До склучување на српско-бугарски сојуз не дошло.

Летото 1343 година Јован Кантакузин се разделил од Стефан Душан[71] и нивниот сојуз се разнишал. Причина за тоа била слабата воена помош што Душан ја давал на Ј. Кантакузин. Откако Ј. Кантакузин влегол во Верија, Стефан Душан го раскинал сојузот. Во летото 1343 Душан му објавил војна на Ј.Кантакузин, со што бил ставен крај на нивното пријателство и сојуз.[72]

Несогласувањата помеѓу Душан и Ј. Кантакузин избувнале околу македонските градови што уште биле под византиска власт.

По доаѓањето на Кантакузин на цариградскиот престол 1347 година му испратил пратеници на цар Душан со цел да му ги врати освоените градови и тврдини во Македонија, кои што во времето на склучувањето на заклетвата биле под византиска власт.[73] Но барањата на ова пратеништво не биле исполнети и тоа било причина за заострување на византиско-српските односи. До 1350 година Ј. Кантакузин ги освоил Верија и Воден (Едеса). Тогаш Душан се упатил кон Солун и му испратил пратеници на Ј. Кантакузин, обвинувајќи го за неблагодарност кон гостопримството што му го пружил. Преку тоа пратеништво му предложил средба за решавање на недоразбирањата и за обновување на договорот за мир.[74] На средбата под Солун Душан покрај обвинувањата, му предложил на Контакузин договор за мир при што да го задржат она што го поседуваат.[75] По неколкудневни исцрпни преговори двајцата владетели се согласиле под византиска власт да останат: Акарнанија, Тесалија, Сервија, градовите: Верија, Воден, Гинекокастрон и Мигдонија со населените градови и села околу Струма до границата на Сер и ридот Тантесан, а Зихна, Сер, Мелник, Струмица и Костур со другите села и градови во Македонија кои се надвор од наведените градови да ги задржи српскиот владетел.[76] Оваа поделба на градовите ја прифатиле двајцата владетели и склучиле договор за мир и пријателство. Веќе идниот ден Душан го раскинал договорот и продолжил со освојување на градовите околу Солун.[77]

---

69. Исто, 430-431; Т.Флорински, Славяне и Византия, II, 221; К.Иречек, История на Българитѣ, 219; П.Ангелов, Българо-сръбските отношения, 101.

70. Византијски извори, VI, 431.

71. Исто, 433.

72. Исто, 447.

73. Исто, 485; Историја српског народа, I, 543.

74. Византијски извори, VI, 524; Т.Флорински, Славяне и Византия, I, 11.

75. Византијски извори, VI, 526.

76. Исто, 537.

77. Исто, 540.

Во борбата против Србија Ј. Кантакузин на своја страна ангажирал турска наемна војска која што безмилосно ги пљачкала Тракија и Македонија. Погоден од тоа бугарскиот владетел Иван Александар испратил пратеници кај Ј. Кантакузин за да му се пожали и да го обвини за штетите. [78] Сакајќи да го оправда своето сојузништво со Турците-Османлии Кантакузин во почетокот на 1351 година испратил свои пратеници кај бугарскиот владетел. Иван Александар пријателски ги примил византиските пратеници и на една народна свеченост ги објавил византиските барања, меѓу кои било и барањето пари за опремување на бродови за чување на Хелеспонт. [79] Иван Александар свечено изјавил дека ќе ги испрати бараните пари за опрема на бродовите. Но по наговор на зет му Душан, [80] бугарскиот цар не го сторил тоа, туку преку пратеници го известил Кантакузин за своето неучество во опремувањето на флотата.

Во пролетта 1351 година во Византија почнала нова граѓанска војна помеѓу Јован V Палеолог и Јован Кантакузин. [81] Јован V Палеолог во тој момент се наоѓал во Солун. На страната на Ј.V Палеолог во тој момент застанал Стефан Душан и тој бил еден од главните иницијатори за почетокот на оваа граѓанска војна. Ј.V Палеолог испратил свои пратеници кај Душан, а овој им ветил дека со војска, пари и со својата сила ќе му помогне во борбата против Јован Кантакузин за да си ја поврати одземената власт. [82]

Стефан Душан заедно со сопругата Елена логорувал близу до Солун за да може да има контрола над новонастанатата ситуација. [83] По наговор на Јован Кантакузин во Солун дошла Ана Савојска и привремено успеала да го одврати синот од сојузот со Душан и од војната со неговиот дедо. [84] Но есента 1352 година почнала војна помеѓу Јован V Палеолог и Матија Кантакузин, син на Јован Кантакузин. Стефан Душан во оваа војна застанал на страната на Јован V Палеолог.

78. Исто, 543.

79. Исто, 545.

80. Исто, 545; Историја српског народа, I, 550; П. Ангелов, Българо-сръбските отношения, 112-114.

81. Византијски извори, VI, 546.

82. Исто, 548.

83. Исто, 550; Ф. Баришић, Повеље византијских царица. ЗРВИ 14 (1971), 180.

84. Византијски извори, VI, 551.

Aleksandar ATANASOVSKI

## LES BALKANS ET LA MACEDOINE DANS LES NEGOCIATIONS ET LES TRAITES POLITIQUES ENTRE BYZANCE, SERBIE ET BULGARIE AU PREMIER MOITIE DU XIV SIECLE

(Résumé)

Le premier traite dans la shainé des traités pour la partage de la Macédoine est le traité entre le roi serbe Milutin et l'empereur buzanitn Andonic II Paleologue. Ce traité est fini avec le mariage entre Milutin et la princesse byzantine Simonida. Comme "trousseau" de Bysance il a reçu les lieux conquis en Macédoine.

Après, Charles Valois a essayé de renouvelé l'empire Latin à Constantinople. Le roi Milutin s'est approché a sa alliance. Le traité a eté ratifie en 1308 au dessous de la montagne Golak où été prévu que Milutin garde les pays macédoniens qui sont au Nord de la ligne; Debar - Prilep - Prosek - Ovce Pole - Stip. Se traité n'a pas été applique. Apres les rapports entre la Byzance et la Serbie ont été normalisés. Ils se sont aggravés aprés la guerre civile à Byzance entre les deux Andronics le 28 maj 1328, parce que la Serbie à été a coté de l'empereur conquis. En meme temps les rapports Serbo-bulgare ont été aussi aggravés. La Bulgarie a fait une coalition avec Byzance contre la Serbie et ils ont préparé un plan militaire dans lequel a été prèvu que les actions commencent en été 1330. Cette coalition a été sens succès après l'échec Bulgare dans le bataille à Velbuzd 1330.

Apres le bataille à Velbuzd, les rapports serbo-bulgare ont été normalisés tendis que le conflit serbo-byzantin a continu. La guerre a fini 1334 avec un traite conclu à la rivière Galika près de Salonique. Selon ce traité la Serbie a gardé villes ed Macedoine: Ohride, Prilep, Strumica et d'autres.

En 1341 est mort Andronic III, et en Byzance a commencé la querre civile entre les régents Anna Savojska et Alexij Apocavca d'un côté et Jean Cantacuzene de l'autre cote. De cette guerre la Macédoine a été directement touche. L'un des gouvernant féodal Hrelja a etablit une alliance avec J. Cantacuzène à 1342. la meme année a été étavlit une alliance avec Stéphan Duchan. En automne 1342 Anna Savojska a commemce les negociations pour une alliance avec Duchan en lui offrant les ville au Nord de Hristopol. L'hiver 1342/43 Alexij Apocavca a esseayé de négocier avec Duchan, mais sens succes.

D'autre part, la femme de Jean Cantacuzène Irina a commencé les négociaton avec le tsar bulgare Ivan Alexandar. Aprés cela, le tsar bulgare a envoyé des députés chez Duchan pour faire une alliance contre la Byzance. Mais les négociations ont fini sans succès.

En été 1343, Duchan et Jean Cantacuzène se sont séparés.IIs sont renouvelés les negociationa à 1347 quand J.Cantacuzène a demandè à Duchan de lui rendre les villes macedoniennes conquit par lui 1343.

A, résourdre les malentendus. Ils ont conclu un traite pour la partage des villes en Macédoine et Duchan devait 1350, Duchan e été initiateur des negociations avec les quelles on devait garder les villes: Zihna, Ser, Melnik, Strumica et Kostur et les autres petite villes et villages derriete cette ligne en Macédoine. A cause des voles des mercenaires turques auc Balkans qui ont ete utillise par Cantasuzène, il y avait des negociations entre le tsar Bulgare Ivan Alexandar et Cantacuzène. Cantacuzène a demande une aide financiere pour construire une flotte pour defendre Helespont. Ces negociations ont fini sans succès.

Le dernier traité dans la chaine a été dans la premiére partie du XIV siècle conclu après le debut de la guerre civile a Byzance 1351. Il été conclu entre Anna Savojska et Jean V Paleologue et il avait pour but d'interrompre l'alliance entrè Jean V et tsar Duchan, ce qui a été accepté et la querre civile s'etait calme.

# ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА СО АРХЕОЛОГИЈА

Иван МИКУЛЧИЌ

## ВАРВАРИ ВО МАКЕДОНИЈА ВО ДОЦНАТА АНТИКА
**(Литературни и археолошки потврди)**

Населувањето на странците на една нова територија може да се реализира по мирен и по насилен пат. Тоа се познати работи за кои нема потреба да дискутираме. Мирната инфилтрација на Варварите (Неримјани) од областите северно од Дунав на просторот на доцноантичкиот римски Балкан може сукцесивно да се следи низ пишаните документи и преку археолошките наоди. Варварите биле населувани во балканските провинции со дозвола на римската власт во одделни кризни моменти и плански распоредувани во опустошените краишта. Од друга страна и повеќекратните провали на одделни народи во балканскиот простор имале за цел да подготват услови за нивно трајно населување. На просторот на Источен и Среден Балкан во Доцната антика се населувале Готите, Бугарите и Словените.

За предсловенските провали и населувања на тлото на денешна Република Македонија досега не е составен целосен преглед во нашата стручна литература. Третирани се главно провалите на бугарските племиња, потоа на Антите и Словените како и на Аварите во 6. век и тоа глобално, во пошироки балкански рамки[1)]. Хунските пустошења на Балкан во средината на 5. век како и готските провали и населувања во овие краишта во 3., 4. и 5. век спорадично се одбележани во домашната литература[2)]. На трајното населување на Варварите на ова тло пред појавата на Словените му се посветени неколку попатни белешки[3)].

---

1. Од поновите трудови ги издвојуваме: P.Lemarle, Invasions et migratins dans les Balkans depuis la fin de l'epoque romaine jusqu'au VIII° siecle, Revue historique T.211, Paris 1954, 265-308; -Љ. Максимовић, Северни Илирик у 6 веку, Зборник радова Византол. института Т.19, Београд.1980, 17-57; - Б. Панов, Средновековна Македонија, 3. Скопје 1985, 9-12.

2. На овие настани досега само потпишаниот им посветил извесно внимание - сп.И.Микулчиќ, Непознат антички град кај Мојно, Год. зборник на Филозоф. факултет (натаму: Гзфф) кн.22, Скопје 1970, 325 и н., особено 340-347(Готи и Херули во 267-269 г.); - Истиот, Старо Скопје со околните тврдини, Скопје, 1982, 46-46 (Готи во 4, и Хуни во 5. век); истиот, за големината на доцноантичките градови во Македонија, Историја год.Х-2, Скопје 1974, 347-348; -истиот, Некои нови моменти од историјатот на Стоби, Студии за старините во Стоби кн.III, Скопје 1981, 205-228, особено 208-212 (Хуните во 447) г.).

3. И Микулчиќ, Доцноримски Гробови од Скупи, Гзфф кн.26, Скопје 1974, 109и н., особено 133-141 и сл.. 12-17, 21, 25, 31-36, 43, 47-64,71-73; -истиот, 1982, 46, Т.8.

Оваа материја не е многу обемна ниту проблематична, а стана актуелна и кај нас во последно време. Тоа е цел на овој приказ. Настаните познати од пишаните извори ќе ги проследиме по хронолошки ред.

### I. Готи и Херули во Македонија во 3. век

Во екот на длабоката криза - социјална, стопанска и културна - што го потресувала од темели Царството во текот на 3. век, бројни провинции биле ограбени од Варварите што живееле зад Дунавскиот лимес. Во Македонија тие провалиле во 267 ( или 268) и 268/69 година. Тоа биле Херулите и Готите, два источни германски народи кои од просторот на денешна Јужна Русија и Украина со кораби стигнале во Егејско Море, таму ги освоиле и ограбиле малоазиските крајбрежни градови, а потоа се истовариле кај Атина и неа ја ограбиле и тргнале по копно на север. Попат, во Македонија, тие опседнале два најзначајни града, Солун и Касандреја и речиси ги освоиле кога слушнале дека пристигнува царот Галиен со голема армија. Тоа ги натерало да ја прекинат опсадата и да продолжат на север. Попат тешко ги опустошиле областите на Пелагонија (Битолско-Прилепската рамница) и Добер (денес Струмица). Тука некаде ги нападнале и римските коњаници - Далматски еквити - и им нанеле загуба од 3.000 луѓе[4].



*Слика 1*

4. Zosimi comitis et exadvocati fisci Historia nova, (ed.L.Mendelssohn, Lipsiae 1887), I, 43; II, 33. - L.Schmidt, Die Geschichte der deutschen Stämme, I Die Ostgermanen, München 1941, 217-219.




*Слика 2*

Овие вести ги забележал Зосим, користејќи ги извештаите на Дексип, атински писател и учесник во овие настани. Вестите се веродостојни, не е сигурно само дали ова се случило во 267 или 268 година.

Археолошките наоди што досега се откриени зборуваат за ширината на готските разурнувања. Градот Стибера во Пелагонија, ископуван пред 4 децении, во тој поглед е најимпресивен. Двете градби што се откопани, градскиот храм на богинката Тихе и гимназионот, биле урнати и изгорени, а мермерните споменици во нив - десетици статуи, бисти, ари и стели со списоци на ефеби, биле едноставно турнати крај нивните постолја и така оставени без некој подоцна да ги дигне или однесе за нова намена. Градот умрел наеднаш и целосно, а по овој настан веќе не бил обновуван. Последните монети и статуи најдени тука потекнуваат од времето на царот Галиен, што одговара на извештајот на Дексип[5]. Стибера ја нарековме Македонска Помпеја (Сл.,1).

Траги од истовремените уривања се откриени во следните години со ископувања кај селото Мојно во Пелагонија, каде лежел еден друг антички град (Пелагонија?)[6]; потоа во Стоби и Хераклеја. Со долгогодишните ископувања во Стоби е потврдено дека раноримскиот град бил целосно урнат во доцниот 3. век. Потоа врз неговите урнатини бил подигнат нов град Стоби, помал по обем и со поинаква улична мрежа односно со еден сосема нов урбанистички план[7].

Во Хераклеја Линкестиска (крај денешна Битола) е забележана слична ситуација. Раноримскиот форум со пропратните тремови бил урнат во тоа исто време, а врз урнатините нешто подоцна биле подигнати нови градби со поинаков план и поинаков карактер[8]. Да не ги набројуваме и другите наоѓалишта кај нас кои носат траги од истите настани.

Готите, здружени со повеќе други германски племиња преминале преку Дунав и во 269 (или можеби 268) година, сега со своите семејства и со желба трајно да се населат на Балканот. Кај градот Најс (денешен Ниш) дошло до голем судир со римската армија. Римските хроничари забележале дека царот Клаудиј II тука извојувал сјајна победа и ја заслужил титулата "Готикус". Вистината била сепак нешто поинаква. Кај Ниш останала закопана голема воена благајна (во кастелот кај Паник, откопана во 1938-39), а Готите со своите семејства продолжиле непречено на југ, кон Солун. Таму пак им се спротиставила римската армија и ги принудила да скршнат на исток, во Тракија. Конечно се населиле во пустите региони на планината Хем (Балкан-Стара Планина)[9]. Траги од населување на Готите кај нас во тие години нема.

---

5. Д. Вучковић-Тодоровић, Styberra - античое поселение во окрестностјах Прилепа, Archaeologia Iugoslavica Vol.IV Beograd 1963, 59-101, особено 96 и сл. 20, 21.
6. И. Микулчиќ, Мојно, 325-347.
7. Истиот, За големината, 351-357.
8. Истиот, исто д. 357-360.
9. L. Schmidt, Ostgermanen, 219.

## II. Готи и Сармати во Македонија во 4. век

Следните половина век во Македонија владеел целосен мир. Во зимата 322/23 западноготското племе Тервинги предводени од Раусимод преминале преку Дунав и пустошејќи низ Долна Мезија и Тракија се упатиле кон Македонија. Царот Константин I во Солун организирал противудар, лично ги повел своите единици против Готите и ги присилил да се повлечат назад преку Дунав[10)]. Досега не се откриени никакви археолошки траги од овој поход кај нас.

На крајот од владеењето на Константин I повеќе готски племиња се населиле на просторот на денешен Банат и Трансилванија, предизвикувајќи многу напната политичка ситуација со домашното Сарматско население на тој простор. Напнатоста се доближувала до критичната точка и секој миг можело да избие војна од големи размери. Царот Константин I со наследникот Константин II и голема римска армија се поставиле на Дунавската граница, одблиску да го следат развојот на настаните. Тогаш царот решил да прифати маса од 300.000 бегалци - Сармати и Готи - и да ги насели во балканските провинции Горна и Долна Мезија, Македонија и Тракија, а дел од нив да ги испрати дури во Италија[11)].

Ова е прво масовно населување на Варварите кај нас. Со ископувања во Скупи (денешно Скопје), во голем број гробови од средината на 4. век и нешто подоцна, се откриени предмети од неримско потекло (сп.сл.2). Археолошки се врзуваат за тнр. Понтски културен круг[12)]. Идентични наоди се откриени и во Демир Капија, во Варош - Прилеп, во повеќе мали селски некрополи од истото време околу Битола, потоа во Охрид[13)]. Меѓутоа, соочени со многу повисока материјална и духовна култура во Римското царство, населените Варвари по 1-2 генерации биле целосно романизирани и тие археолошки "исчезнале" од нашите простори.

*

* *

Во североисточниот граничен појас на Балканскиот Полуостров долж Дунав, во тогашните провинции Долна Мезија и Скитија, во доцниот 4. век имало многу населени Готи. Од пространствата на Јужна Русија и Украина, пред налетот на Хуните од Централна Азија, се кренале народите на Источните и Западните Готи оставајќи ги засекогаш своите населби на тој простор и побарале спас на територијата на Римското царство. Локалните римски управници постапувале различно со бегалците, но главно се однесувале сурово и неочекувано кон нив.

---

10. Ibidem, 225

11. Eusebii Vita Constanitini 4,6 - prema E Stein, Geschishte des spätrömischen Reiches, Bd. I.Vom römischen zum byzantinischen Staate, Wien 1928, 198. -T.D.Barnes, Constantine and Eusebius, Cambridge/Mass.- London 1981, 112..

12. И. Микулчиќ, Доцноримски гробови, 132-141.

13. Иститот, истото д. 141.



*Слика 3*



*Слика 4*

Новодојдените готски групации се поврзале со своите сонародници кои тука биле населени од порано и наскоро организирале општоготски бунт. Царот Валенс побрзал со голема армија да ги разбие Готите и да ги стави под државна контрола, но кај Хадрианопол (денешно Одрино) во 378 г. тој загинал, а римската армија била целосно уништена. Балканските провинции биле препуштени на милоста на Готите[14].

Новоизбраниот цар Теодосиј , подоцна наречен Велики, со големи напори ги потиснувал Готите од една провинција во друга но не успеал да ги истисне надвор од државата. Конечно, најголем дел од нив биле населени во граничните предели за да служат како римски граничари (лимитани) и како треторазредни војници - територијалци (бургарии) заедно со нивните семејства во внатрешноста на Балканот. Пред да се смират, Готите ги пустошеле селата и полските имоти, а не градовите, бидејќи не биле вешти да уриваат градски и тврдински ѕидови. Во Македонија во тие години Готите наминале два пати:

- Во зимата 379/80 западноготскиот водач Фритигерн стигнал со своите одреди од Тракија по патот Сердика (ден. Софија) - Стоби во Повардарјето и се упатил кон Солун, каде царот Теодосие собрал нова војска и подготвил одбрана. Во судирот кој уследил некаде во Повардарјето, римската војска била повторно разбиена а царот едвај успеал да си ја спаси главата. Готите не го гонеле царот ниту остатоците на армијата, туку се задоволиле со пленење на околниот регион, а потоа се повлекле назад во Долна Мезија[15].

- Во 395 г. Западните Готи под Аларих тргнале од Долна Мезија кон Константинопол (Цариград), а оттаму по наговор на царскиот префект Руфин продолжиле кон Македонија и Тесалија. Овие провинции, во рамките на префектурата Источен Илирик, пред умирање (395) Теодосие ги ветил на синот Хонориј, како наследник на Западното царство. Луѓето околу Аркадие, на Цариградскиот двор, тоа не сакале да го прифатат. Затоа Илирик станал предмет на меѓусебни караници меѓу Западното и Источното царство низ следните два века.

Во таа смисла, од Рим бил испратен во Илирик врховниот заповедник на западната армија, непобедивиот Стилихон (исто Герман), со цел да ги избрка Готите на Аларих назад кон исток. Војските биле конфронтирани подолго време на Пелопонез: Стилихон се враќал и пак доаѓал во Грција, меѓутоа не дошло до отворена борба. Западните Готи во 397 г. се населиле во Стариот и Нов Епир и Аларих добил од Цариград титула врховен заповедник на војската во Илирик. Во 401 г. Визиготите ги напуштиле овие краишта и засекогаш се отселиле на запад (во Јужна Франција и Шпанија)[16].

Археолошките потврди за присуството на Готите во нашите краишта во доцниот 4. век се ретки, но ги има. Силно зголемениот број на кастели (тврдини ) и укрепени населби од тоа време кај нас зборува

14. L. Schmidt, Ostgermanen, 415.
15. Ibidem, 416.
16. Ibidem, 427-432, 437.

за готската опасност. Домашното романизирано население барало засолниште зад сигурни крепостни ѕидови, масовно преселувајќи се во кастелите или укрепувајќи ги позначајните населби. Со тоа во голем степен бил изменет и начинот на живеење на домашното население. На сметка на дотогашното земјоделство, во доцниот 4. век силно се развивало рударството во природно заштитените планински ревири, а преработката на метали и бројни други занаети станувале стопански основи на новосоздаденото градско население[17]. На новодојдените варвари им се отстапувале традиционалните земјоделски региони.

Материјалната култура на Готите во тоа време била во најголем степен романизирана. Тие биле исто така Христијани. Само понекој дел од женскиот накит и машка опрема или вооружување биле работени со традиционални готски форми, така што археолошки можеме да ги препознаеме како неримски производи. Вакви наоди кај нас не биле досега предмет на некоја целосна студија. На ова место можеме да споменеме само некои од нив.

Како сигурен импорт прикажуваме една бронзена тока од типот на т.н. ланцета, најдена во тврдината Кале меѓу Миокази и Ижиште, во Поречие, значаен граничен премин помеѓу провинциите Нов Епир и Македонија (Сл.3). Исто така и повеќе обетки со октаедарска глава, наоѓани од порано во гробовите во Скупи (сп.,Сл.2) или кај кастелите во Здуње (Поречје), во Велгошти крај Охрид и во Охрид: потоа во Опила, на граничниот премин од Македонија до Средоземна Дакија. Истите несомнено зборуваат за присутноста на Готи - федерати, ангажирани во тие кастели[18] (сл.4).

Од повеќе тврдини од тоа време потекнуваат специфични врвови за стрели, пред сѐ оние со 2 station наназад свртени крилца и со тордиран врат. Врвните познавачи на оваа материја им ги припишуваат овие форми на германските народи во доцниот 4. и 5. век[19].

---

17. За бројноста на укрепените места од ова време кај нас сп. заб. под 40 подолу. Замирањето на земјоделството и силниот процвет на рударството во доцниот 4 век се потврдени и писмено: Notitia Dignitatum per or. (ed. O. Seeck, Berolini 1876) 13.11 наведува функција на Comes metallorum per Illyricum, а Codex Theodosianus (ed. Th. Mommsen, Berolini 1905) I, 32, 5 (закон од 386 г.) наведува "procuratores metallorum intra Macedoniam, Daciam mediterraneam, Moesiam seu Dardaniam". Околу 150 кастели на нашата територија можат да се поврзат со оваа дејност, односно тие ги штителе рударските и топилничарските постројки.

18. H.W.Böhme, Germanische Grabfunde des 4. bis 5. jahrhunderts zwischen unterer Elbe und Loire, MBVF Бд.19, München 1974, 79-82, 371 (приврзок за појасен каиш од типот Lanceta, тип 2, од крајот на 4. век; -За носачи на појасното торбиче сп. Böhme 1974, 116 и наодите во Македонија кај: И.Микулчиќ, Град Чрешче, Гзфф кн.40, Скопје 1987, 151, сл.2 и З.Георгиев, Градиште, доцноант. тврдина кај Пчиња, МАА кн.10, Скопје 1985-86, 206, сл.5. -За обетките со кубооктаедри: S.Uenze, Die spätantiken befestigungen vo Sadovec, Bulgarien, MBVF Бд.43, München 1992, 163-164, со осврт на ваквите наоди на подрачјето на Бугарија (Перник, Кривина-Јатрус, Кајлака кај Плевен, Ивајловград, Брачигово) и Д.Мркобрад, Архелошки налази Сеобе народа у Југославији, САДЈ, Београд, 1980, 33-34, 17. -За македонскита наоди: И.Микулчиќ, Доцноримски, 120-121, сл.33, 34 (Скупи); М.Ивановски во Археол. Преглед 27, 1986, Љубљана 1987, 123 (Здуње) и Ц.Крстевски во Археол. Преглед 28, 1987, (1989), 130 (Опила), потоа кај В.Лахтов, Накитот од раносредновек. ноќалиште во Охридско, Зборник на трудови на Музејот во Охрид, кн.I, 1961, 43.

19. Böhme, op.cit., 110-111.




Слика 5


MF-73-55
H.Po. 67
MF-73-66

Кон овие наоди треба да ја приклучиме и добро познатата украсна керамика од групата на тнр. Сива македонска сигилата, откриена во низа населби ширум Македонија и датирана во доцниот 4. и раниот 5. век, а поврзана со присуството на Готите [20].

### III. Хуни и Готи во Македонија во 5. век

Во текот на 5. век во Македонија владее главно мир, прекинат со два настани. Хуните населени во Панонија во текот на 4. и 5. деценија од 5. век во низа походи ги разурнале и засекогаш уништиле речиси сите римски градови во Панонија и Норик, Ретија и Германија, Галија и северна Италија. Страдале и балканските градови на Дунавскиот лимес. Во 447 година Атила ги повел војските на Цариград но во последен момент се откажал од него, ја уништил источноримската армија на Галиполе, а потоа по ред продолжил да ги освојува, ограбува и урива градовите низ Источниот и Средниот Балкан. По Мезија и Тракија на ред дошле Македонија и Тесалија, Нов и Стар Епир. Есента го затекнала Атила пред Термопилите на југ и тој изморен од уривање и претоварен со плен тргнал назад кон зимските станишта во Панонија. Во овој поход страдале "не помалку од 70 градови" [21], а најголем дел од нив засекогаш ги изгубиле своите дотогашни градски обележја.

Карактеристично хунско оружје е најдено во Стоби, во слоевите на еден силен пожар и уривање на градбите,а датирано со монети на Теодосиј II и Валентинијан III во средината на 5. век. Се работи за коскени облози за хунски рефлексен лак, трокраки врвови за стрели, тешки боеви ножеви и др. (сл.5)[22]. Идентични наоди потекнуваат и од Хераклеја Линкестис (сл.6)[23], а вакви врвови за стрели се најдени и во неколку помали крајпатни кастели од тоа време на овој простор.

Вториот настан се случил во 479 година. Источните Готи настанети во Долна Мезија и Тракија, незадоволни од Цариградскиот двор се постапките кон нив, решиле да се иселат оттаму. Ги водел кралот Теодерих Амал, кому царот му подарил највисок воен чин - врховен командант на војската. Остроготите тргнале преку Македонија кон Нов Епир со намера таму да се населат. Бидејќи царот им ги должел на Готите ветените војнички плати, тие решиле сами да си ги наплатат. Така попат го зазеле и ограбиле градот Стоби[24]. Градот не го урнале, а неговите жители ги присилиле и натаму да произведуваат оружје за нив.

---

20. J.W.Hayes, Late Roman Pottery, BSR, London 1972, 405-407.

21. Callinici Vita ss. Hypatii cap.138, 139 ("преку 100 градови"); Chronica minora (gallica) I p.662 ("не помалку од 70 градови"). За овие настани сп. и : E.A.Thompson, A History of Attila and the Huns, Oxford 1948, 90-94; H.Homeyer, Attila der Hunnenkönig, von seinen Zeithenossen dargestellt, Берлин 1951, 79-81; -O.J.Maenchen-Helfen, The World of the Hunns, Studies in their History and Culture, Berkeley 1973, 114-125.

22. И.Микулчиќ, Der Untergang der Paläste im spätantiken Stobi, Nordmakedonien, Symp. "Palast und Hütte", Берлин Нов.1979, Mainz 1982, 535-554. -Истиот, Некои нови моменти од историјата на Стоби, Студии за Стоби III, 1981, 210-212, 218, 221, 225-266.

23. Е.Манева, Коскени облоги од рефлексниот лак и тробриди врвови од стрели од номадско потекло во Хераклеја, Зб. на трудови кн.6-8, Музеј Битола 1985-87, 49-60.

24. Malchi frg.18 (FHG IV, p.125); Jordanes Gotica et Romana, c.280; -L.Schmidt, 1941, 284.

Следната жртва бил градот Хераклеја Линкестис. Остроготите се улогориле крај градот, чекајќи поволни вести од Дирахион (денешен Драч, Дурес) за планираното населување околу него. Додека чекале таму, хераклејскиот епископ ги снабдувал со храна. На крајот се скарале: тој одбил да им даде жито и вино за по пат. Се засолнил со своите луѓе во една блиска тврдина, а Готите за одмазда му го запалиле градот[25)].

На пат кон Драч Готите стигнале пред Лихнид (денешен Охрид) и се обиделе да го заземат градот. Лихнид се спасил од нив благодарение на силните ѕидови. Готите конечно се населиле околу Драч но по неколку години тргнале назад. Во Македонија ограбиле неколку помали места околу Солун и градот Лариса во Тесалија. Оттаму тие се вратиле во Долна Мезија. Конечно, во есента 488 најголем дел од нив тргнале на пат кон Италија напуштајќи ги засекогаш балканските простори. Градот Равена бил избран за нова престолнина, каде Теодорих - сега наречен Велики - изградил повеќе монументални и раскошни градби. Од Италија Готите управувале и со Далмација и Превалитана, допирајќи така до северозападниот дел на денешна Република Македонија, до Полозите[26)].

## IV. Нови Варвари во Македонија во 6. век: Бугари и Кутригури, Словени и Авари

Во текот на 6. век Готите останале присутни главно во Далмација и некои соседни западни региони, а помали германски групации се појавиле спорадично на просторот на Источен и Среден Балкан, главно како федерати - платеници во служба на Цариградскиот двор. Нивните карактеристични фибули и други делови од лична опрема се археолошки доказ за тоа. Од Битолскиот регион потекнува една источноготска палчеста фибула; од тврдините во Црешка кај Штип, Пчиња кај Куманово, Голем Град на Преспа и од Стоби потекнуваат носачи за германски појасни торбички (кеси за пари и личен прибор; - сл.7), а од тврдината на Водно крај Скопје германска сива жигосана керамика[27)] (сл.8).

Новите народи кои во 6.век дошле од Источна Европа на Балканот, не оставиле траги од својата материјална култура туку само пустош. Тоа биле Бугарите и Кутригурите, Словените и Аварите. Нивните провали, забележани од современиците, ќе ги следиме по хронолошки ред.

Во 517 година една поголема група на "Гети" (несомнено Бугари) го прокрстариле Илирик од Дунав на север до Термопилите на југ[28)].

---

25. Ibidem.

26. Schmidt op.cit., 287-293.

27. K. Tackenberg, Germanische Funde in Bulgarien, Izvestija na BAI 1928-29, Sofija, 264-266 (palčesta fibula od Makedonija). -Z.Vinski, Kreuzformiger Schmuck der Völkerwanderungszeit in Jugoslawien, Vjesnik Arheol. muzeja 3, S., knj. III, Zagreb 1968, 151-165. S.Uenze 1992, 171-172, Taf.7.18; 8.6-9; 125.17-18;126.1-2 i sl.9.6 (ситни наоди).

28. P.Lemerle, Invasions et migrations dans les Balkans depuis la fin de l'epoque romaine jusq'au VIII$^{e}$ siecle, Revue historique T.211, Paris 1954, 280.



*Слика 6*



*Слика 7*

При тоа некои места на нивниот пат биле ограбени, меѓу нив и Скупи чии жители пред тоа го напуштиле градот и се засолниле во околните збегови[29]. Археолошки гледано, Скупи во тоа време бил сосема запуштен град, осиромашен и мал по обем.

Прокопие од Кајсареја пишува дека во времето на Јустинијан I Хуните, Словените и Антите речиси секоја година навлегувале во Илирик, цела Тракија, исто и во Хелада и Хелеспонт"[30]. Овие реторички зборови секако се претерани. Подрачјето на денешна Република Македонија за време на Јустинијан било само 2 или 3 пати ограбено од Варварите. Така, во 540 година "Хуните" (несомнено Кутригурите) го преминале Дунав и го прошетале Илирик до Халкидик на југ. Таму се поделиле и еден дел од нив продолжиле кон Грција до Истмос (Коринтска превлака) на југ, а другиот дел се упатиле кон Цариград на исток. При тоа страдале 32 укрепени места во Илирик[31].

Може да претпоставиме дека тогаш страдале и низа места на нашето подрачје. Голема остава на бакарни и златни монети во големата рудничка тврдина на Црн Врв кај Кратово била закопана во 540 г. и најверојатно има врска со споменатиот поход од истата година[32].

Во 548 г. Словените преминале преку Дунав во Илирик и продреле до Дирахион (Драч) на југозапад. При тоа тие освоиле низа слабо укрепени места и собрале од нив бројни заробеници[33]. Главната насока им бил патот Најс-Улпиана-Скодра- Дирахион (денес Ниш-Приштина-Скадар-Драч), што значи дека не навлегле во нашите краишта. Сите слободни шпекулации околу тоа, дали тие тогаш скршнале и до нас, немаат основа.

Веќе во 550/51 година дошло до нова и уште поголема провала на Словените од зад Дунав во Илирик. Попат, кај Најс, тие слушнале дека во Сердика (Софија) во заседа чека славниот војсководач Германос со ромејска армија, за да ги удри од грб. Исплашени од тоа, Словените го напуштиле првобитниот план да одат преку Македонија до Солун на југ и скршнале на запад кон провинцијата Далмација. Таму Словените по прв пат презимиле на балканска почва[34]. По сé изгледа дека ни во овој поход Словените не го загрозиле нашето подрачје.

Во 558/59 година преминале преку Долниот Дунав Кутригурите, водени од каганот Заберган, а придружени од "подунавските Бугари" и од Словените. Ги опустошиле провинциите Долна Мезија и Тракија,

---

29. Marcellini Comitis Chronikon (ed.Th.Mommsen, MGH AA XI, 1, Berolini 1893), c.100, sub a.517 ("Getae equites"); -sub a.518. Земјотресот го уништил пропаднатиот и запустениот град Скупи но не и неговите жители, кои избегале порано, пред доаѓањето на Варварите, засолнувајќи се во околните збегови.

30. Procopii Historia arcana 18, p.114.15-115.2; 23, p.141.19-142.11

31. Procopii De bello gotico II, 4, p.163.8-164.16; -Lemerle 1954, 285. Големата остава на златни и бакарни пари од Секулица кај Кратово била закопана токму во тоа време -сп. ја следната забелешка.

32. J. Кондијанов, Две остави на рановизантиски монети од Секулица, Кратово, МАА кн.11, Скопје 1987-89, 199-213.

33. Procopii B.G. III, 29, p.423.3-13. -Lemerle 1954, 286, ја поврзува оваа провала (со право) со големата инвазија од 550/51 г.

34. Procopii B.G. III, 40, p.475.19-483.15.

Европа и Родопи, а еден дел од нив тргнал кон Македонија. Дали при тоа Варварите јавале долж крајбрежниот Егнациски пат кон Солун - што е поверојатно - или го користеле многу посеверниот пат Сердика - Пауталија - Стоби - Солун, не се знае. По Егнацискиот пат тие потоа се вратиле назад во Тракија и преку Дунав дома, во Влашката низија. Не знаеме дали во овој поход бил зафатен и некој дел од нашата територија.

Во следните 20 години нема варварски провали во Илирик а тоа значи ниту во Македонија. Пишаните извори молчат. Само една низа на остави со скриени пари, закопани во 570/71 г. и најдени во наше време на просторот од Дунав на север до Солун на југ, навестуваат дека можеби во 571 година Словените од Средното Подунавје провалиле до Македонија на југ[35]. Неколку депои од ова време се најдени и во Република Македонија, меѓу нив и во големата тврдина на Водно над Скопје. Тука, со археолошките ископувања во 1977 година, зад челната кула на акрополата стратиграфски издвоивме слој со силен пожар и уривање на обидието. Бројните наоди во слојов се датирани со 16 монети на Јустин II, ковани заклучно со 569/70 година[36].

Следниот словенски продир во Илирик се случил можеби во 578, а поверојатно во 580/81 година. При тоа Словените продреле на југ до Грција и останале таму можеби 4 години (од 581-584, според Јован Ефески)[37]. Во тој поход несомнено страдале и нашите краишта.

Веќе во 584/ 85 година Аварите од Влашката низина,придружувани од Словените, преминале преку Долниот Дунав и почнале темелно да ги пустошат источнобалканските провинции. По тоа, движејќи се кон запад по крајбрежниот Егнациски пат, на 22. септември 586 г. Варварите стигнале до Солун[38]. По неуспешната опсада на Солун тие се свртеле кон помалите градови и тврдини во Македонија. Тогаш ограбиле и уништиле сé што вредело да се ограбува. Овие уривања го претставуваат крајот на урбаниот живот во античка Македонија.

Низа остави на закопани пари кај нас го потврдуваат овој настан. Откриени се слоеви со силен пожар и уривање во градовите Баргала, Стоби, Хераклеја Линкестис и тврдините Баба кај Прилеп и Селце. Сите остави завршуваат со 584/85 година. Со овој слој завршува животот во сите споменати места[39].

Монемвасиската хроника споменува Словени на Пелопонез во 587/ 88 година. Тоа биле веројатно словенски групи кои по неуспешната опсада

---

35. В.Поповиħ, Једна непознта провала Словена за време Јустина II, Нумизматичар бр.4, Београд 1981, 111-126.

36. И.Микулчиќ, Старо Скопје, 1982, 50-51.

37. V.Popović, Au origines de la Slavisation del Balkans: la constitution des premieres scilavinies macédoniennes, CRAI, Paris 1982, 50-51.

38. Miracula ss.Demetrii I,12 -P.Lemerle, Les plus enciens recueiles des miracles de Sint Demetrius eta pénétration des Slaves dans les Balkans, T.I, Paris 1979, 126.13-128.2

39. B.Aleksova and C.Mango, Bargala.A Preliminary Report, Dumbarn Oaks Papers No.25, Washington 1971, 273-275 (Баргала); -Т.Јанакиевски, Наоди на византиски монети... во Хераклеја Линкестис, МАА 4, Прилеп 1978, 189-203; -В.Поповиќ 1980, 242-243 (Хераклеја); -К.Кепески, Рановиз. остава на монети од Баба кај Прилеп, МАА3, Прилеп 1977, 183-193. Оставата од Стоби, ископана во објектот "Касино" во 1981 г., сеуште не е објавена.

на Солун во есента 586 г. продолжиле на југ во Грција Натамошните словенски продири преку Дунав кон Македонија и Грција во следните 30 години за нас веќе немаат практично значење, бидејќи животот на староседелците бил речиси целосно замрен. Преживеаното ромејско население избегало во неколкуте големи неосвоени градови на Егејскиот брег и на островите, а некои избегале дури во Мала Азија или Јужна Италија и Сицилија.

Близу 400 тврдини и укрепени населби на подрачјето на Република Македонија, сите потврдени со монети и други археолошки наоди од 6.век, биле целосно напуштени во доцниот 6. век. По споменатите уривања уште само на 10-тина локалитети има траги од извесно живуркање. Монети и други наоди од времето по 586. до 615. година, се најдени во Хераклеја крај Битола, Баргала кај Штип, во големите кастели на Водно - Скопје и Давина кај Чучер близу Скопје; во рудничките тврдини кај Г. Дисан во Тиквеш, Калуѓерица и Шопур кај Радовиш, во Витолиште во Мориово, Стенче и Јегуновце кај Тетово; во Валандово. Архиепископскиот стол Јустинијана I се споменува за последен пат во 602 година. Тоа биле последните обиди, во стратешки најзначајните тврдини и градчиња на нашата територија да се обнови ромејската власт и воспостави контрола над изгубените територии. Сепак, овие обиди останале без поголем ефект[40].

Исидор од Севиља известува дека во петтата година од владеењето на Ираклие (614/15) Словените целосно го окупирале просторот на Хелада (Грција)[41]. За да стигнат до таму, тие мораде да минат и преку нашите краишта. Последните остатоци на ромејската власт и ромејскиот цивилизиран живот воопшто исчезнале по оваа инвазија. За жал, досега не се археолошки регистрирани ниту словенски населби ниту други траги од словенско присуство на подрачјето на Република Македонија. Најраните словенски наоди кај нас потекнуваат од 9. век. Што било пред тоа, останува загатка која чека да биде решена.

---

40. Близу 500 укрепени места доцноримско (средина на 3.-средина на 5 век) и рановизантиско време (доцен 5.- доцен 6.век) од кои една половина се и геодетски премерени и снимени, а сите се датирани со монети или други карактеристични наоди, со начинот на градење, форми на кули и др., со различни градби во или покрај нив (меѓу останатото тука се и 230 ранохристијански цркви), се класифицирани и идентификувани типолошки и функционално како градови и градчиња, укрепени села и збегови, руднички, погранични и царински укрепувања, попатни војнички кастели и стражи. Оваа многу обемна материја потпишаниот ја подготви за печатење во едицијата MBVF во Минхен, водена од Проф.Joahim Verner. Во рамките на оваа студија се прикажани и сите историски настани, а тоа значи и овие варварски упади што ги прикажуваме на ова место.

41. Љ.Максимовић, Северни Илирик у VI веку, Зб. радова Византолошког Института књ.19., Београд 1980, 21.57.

Ivan MIKULČIĆ

## DIE BARBAREN IN MAKEDONIEN WÄHREND DER SPÄTANTIKE

(Zusammenfassung)

In der heimischen Fachliteratur fehlte bisher ein Überblick aller Spuren von den barbarichen Einfällen und Niederlassungen auf dem Boden Nordmakedoniens während der Spätantike. Die schriftlichen Quellen sind da nach L.Schmidt (Die Ostgermanen, 1941) für die Einfälle der Goten in dieses Gebiet von den Jahren 267/69 bis 379 angeführt. Dazu wurden auch alle bisher bekannte archäologische Funde beigelegt.

Der Einfall der Hunnen in diesen Raum in J.447 hat viel mehr Verwüstungen verursacht gehabt und auch deutlichere archäologische Spuren hinter such gelassen. Eine Reihe von Städten in Nordmakedonien wurden dabei niedergebrannt und in Trümmern gelassen.

Im 6.Jh kann man zahlreiche Plünderungszüge neuer Barbaren völker aus Osteuropa in den Balkanraum folgen: der Kutriguren und Bulgaren, Awaren und Slawen. Nach dem Tode Justinian's I werden die slawischen Einfälle immer gewaltiger und die Plünderungen umfangreicher. Der grosse Feldzug der Slawen und Awaren im J.586, in dem unsere letzten Städte niedergebrannt wurden, stellt gleichzeitig das Ende des zivilisierten antiken Lebens in Nordmakedonien dar. Alles das ist auch mit archäologischen Funden unterstützt, vor allem durch Münzreihen in zahlreichen Hortfunden aus dieser Zeit gut dokumentiert und datiert.

Иван МИКУЛЧИЌ и Виктор ЛИЛЧИЌ

# ФИБУЛИ И ПОЈАСНИ УКРАСИ ОД 6. и 7. ВЕК ВО МАКЕДОНИЈА

## I ФИБУЛИ

Во доцноантичкото занаетчиство не постои континуитет, како во интензитетот на производството така ни во идејно-креативното творештво. Тоа го забележуваме во речиси сите домени на материјалното производство, што оставило траги во археологијата, особено во градежништвото, керамичката продукција, во тореутиката и јувелирството. Првото расцутување се случило во доцноримско време, со кулминација во првите две третини од 4. век. Вториот расцут се совпаѓа со рановизантискиот период, достигнувајќи ја кулминацијата во првите две третини на 6. век.

На ова место ќе прикажеме некои метални производи од 6. и 7. век, што досега биле или слабо познати или непознати кај нас и пошироко. Наспроти нив, доцноримските ситни метални производи, лиени најчесто од бронза се добро познати. Откриени се во населбинските слоеви и во стотици некрополи ширум целата Империја.

Големата римска продукција во бронза, во текот на 5. и 6. век била сведена на минимум, а наместо неа насекаде се ковало железо и често побакрувало. Тоа било одраз на длабоката пауперизација на ова време. Вакви железни предмети лежат оксидирани и често распаднати на нашите наоѓалишта и досега не го привлекувале должното внимание на истражувачите. Нашите музеи практично и не поседуваат метални наоди од 6. и 7. век, освен оние неколку поубави парчиња изработени во бронза и ископани во Стоби, Хераклеја и неколку други локалитети.

Тоа претставува голем хендикеп за нас. Мора да констатираме дека доволно не ги познаваме рановизантиските движни археолошки наоди од ова подрачје, наспроти фактот дека токму во ова време тука животот достигнал особено силен интензитет, концентриран околу бројни урбанизирани средишта и со високи дострели во уметноста од тоа време.


T.I
1
9
2
3
10
17
4
5
20

Од предметите за кои сакаме да зборуваме, само неколку наоди од подрачјето на Република Македонија се претставени на јавноста.[1] Меѓутоа, работејќи низа години на доцноантичките фортификации во Македонија[2], евидентиравме низа нови вакви наоди на ова подрачје. Нивниот број е забележителен и навестува дека може и натаму да се зголеми. Поради обемноста на репертоарот на вакви метални предмети со различна намена, во следните редови ќе ги прикажеме само фибулите и металните делови од појасни гарнитури како карактеристични елементи на војничката опрема и официјалната облека од рановизантиско време. Поточно, тие потекнуваат главно од доцниот 6. а делумно и од 7. век, од времето за кое досега мислевме дека претставува вакуум во археолошка смисла.

**Фибули со подвиена нога**

Во рановизантиско време кај нас доминира типот на фибули со подвиена нога. Досега ни се познати повеќе од 30 наоди, цели или фрагментирани. Со ископувања во големиот кастел "Маркови Кули" на Водно кај Скопје (1976 г.), зад челната кула на акрополата открив-ме слој со силен пожар и големи уривања, а во него еднаваква фибула заедно со повеќе други предмети и 16 монети на Јустин II, ковани заклучно со 569 г. (сл. 5). Тоа е единствено прецизно датирана фибула од нашите наоѓалишта.[3]

Во следните неколку години во истиот кастел откопавме една работилница за вакви фибули и друга бижутерија и во неа уште три примероци идентични на првата.[4] Потоа во големата цистерна го најдовме и петтиот примерок, кован како и претходните од железо но украсен на ногата и на лакот со налепен бакарен позлатен лим, во кој со жигосувања е втиснат орнамент (сл. 4).[5]

И преостанатите наши наоди упатуваат на доцниот 6. век, бидејќи се наоѓани во површинскиот слој на локалитетите. Тој слој претставува крајот на живеење на тие локалитети, а временски се совпаѓа со аварско-

1. Е, Манева, Неколку видови накит од крајот на антиката во Хераклеја, Културно наследство кн. 12-13, Скопје 1985-86, 1988, 45-49; -И. Микулчиќ, Старо Скопје со околните тврдини, Скопје 1982, 49-52, 103, 115, сл. 25, 26, 58, 65; -J. Werner, Byzantinischer Trachtzubehor des 6. Jh. aus Heraclea Lyncestis und Garicin Grad, vo: S. Uenze, Die spatantiken Befestigungen von Sadovec, Bulgarien /натаму скратено: Sadovec/, MBVF Bd. 43 /Ed. J Werner/, Munchen 1992, 589-594; -В. Лилчиќ и К. Спасеска, Неколку доцноантички градишта во Пелагонија, МАА бр. 13, Скопје 1992 /1993/, 228 и н., сл. 5, 6.

2. Во монографијата за доцноантичките градови, крепости, сакрални и други градби од подрачјето на Република Македонија, работена под менторството на Ј. Вернер од Минхен и спремна за печатење во неговата серија МБВФ, се опфатени и овие наоди на И. Микулчиќ. Бидејки во домашната литература не постои преглед на истите, ги прикажуваме во овој осврт.

3. И. Микулчиќ, Старо Скопје, 51, 52, сл. 26.

4. Наодите од кастелот "М. Кули" на Водно, Скопје ги чува Музејот на град Скопје. И покрај тоа што потпишаниот беше раководител со ископувањата на овој локалитет, не му се дадени на увид фибулите што тој ги откри и поради тоа изостанаа нивните илустрации од овој преглед.

5. И. Микулчиќ, Старо Скопје, 51, сл. 25.

словенските провали и уривања на укрепените места во Македонија. Прегледот на сите наши фибули е даден во табелата на крајот од ова поглавје.

Само една фибула е најдена во еден град (Хераклеја Линкестис), а сите останати во воени крепости (кастели) кои се концентрирани во северните делови на денешна Република Македонија. Овие кастели имале главна функција на гранични стражари, на премините од провинцијата Дарданија кон Превалитана на запад, кон Македонија на југ и Средоземна Дакија на исток. Ова го нагласуваме за да го истакнеме војничкиот карактер на фибуливе. Тие претставувале дел од воената опрема од тоа време, а просторно се концентрирани во тогашната префектура Северен Илирик.

Веќе споменавме дека најголемиот број наши фибули биле исковани од железо. Меѓу нив една фибула од Водно-Скопје (бр. 4) е украсена со позлатен бакарен лим, а фибулата од Луковица (бр. 21) носи траги од побакрување и има бакарни "капи" во форма на октаедри, што се наденати на краевите од оската и на додатокот на главата. Од бронза се излиени фибулите од Таор, Хераклеја, Пчиња и Пезово. Фибулата од Давина-Чучер (сл.3) е масивно лиена од легура на лошо сребро и поради драгоценоста на металот подоцна била препилена на 3 дела, за некоја нова намена; сочуваниот дел не ни дозволува целосно да ја реконструираме формата.

Нашите наоди ги илустриравме преку технички цртежи (изглед од страна и од горе), со што се доловени сите карактеристики и украсни елементи. Паѓа во очи разновидноста на фибулите: различни им се големината, деталите и различен соодност на деловите; различна е композицијата како целина; различни се и украсите. Ова се значајни показатели кои упатуваат на брзиот развој во овој регион и тоа во низа работилници, при што мајсторите се натпреварувале во изнаоѓањето на сé понови и понови варијанти на основниот тип на фибулата.

Прикажаните фибули можеме по потекло да ги поделиме на импортни и на домашни производи. Во првата група спаѓаат веројатно сите парчиња лиени од бронза, бидејќи истите имаат директни аналогии во подунавскиот регион каде се многубројни. Во втората група, ковани од железо, спаѓаат нашите фибули со форми кои се познати засега само кај нас. Горе укажавме на географските рамки на тој ареал.

Најнапред ќе се осврнеме на некои основни сознанија, до кои дошле досегашните истражувачи на фибули со подвиена нога. Корените им лежат во доцната Латенска култура во Средна Европа и Подунавјето. Во римско време (1.-4. век) исчезнале од употреба, со ретки наоди во Долното Подунавје каде во 5. век повторно влегле во мода. Тука силно ќе се рашират во текот на 6. век, достигнувајќи ја кулминацијата на крајот од истиот век. Формава продолжува и во 7. век, позната од малубројните градови и крепости на Балканот во кои

византиската управа не изгаснала. Во пограничните кастели на Дунав овие фибули се најбројни, со концентрација во теснецот Ѓердап (над 60 фибули). Во внатрешноста на Балканскиот Полуостров досега се регистрирани во мал број.[6]

Од пред половина век кога К. Пешек се обидел да ги собере сите наоди на вакви фибули во ЈИ Европа и да ги дефинира временски и културно,[7] до денес е направен голем чекор напред. Сина Инце која како последна најдетално се задржала на овие фибули, успеала да собере импозантен фонд од околу 150 парчиња. Неа ѝ биле познати неколку прототипови од 4. и 5. век, меѓутоа големата продукција паѓа во 6. век што и неа целосно ѝ е јасно. Од македонските наоди Инце знае само за една фибула (од Водно-Скопје) и истата без двоумење ја определила како нова, јужнобалканска варијанта од која низ натамошниот развој ќе се изроди специфичната форма на многу дискутираните Комани-фибули.

Потпирајќи се на типологијата на Инце и дополнувајќи ја со нашите нови наоди, сите наши фибули со подвиена нога можеме да ги поделиме во 3 групи. Тоа се:

1. *Фибули од подунавскиот тип.* Лиени се од бронза (и 1 од легура). Фибулите од Таор и Пезово претставуваат варијанта на тнр. мала фибула со кукла на главата од 6. век. Парчето од Хераклеја-Битола спаѓа по Инце во варијантата со целосно лиена нога, од доцниот 6. век.[8]

2. *Лентести фибули со едноставна глава.* Вака изгледаат 20-ина наши фибули, ковани од железо во повеќе локални работилници. Надвор од нашиот ареал ги нема. Лакот има форма на лента која со време се проширува, а кај повеќе примероци е изделен со плитки жлебови во 3-5 подолжни ребра. Ногата им е одозгора сплескана и понекогаш се шири кон крајот. Главата завршува едноставно, како подвиена ушка во која се вметнува мала оска-носач на опругата на иглата. Опругата има 2-3 навои лево и десно од главата а се затегнува (напнува) од внатрешната страна. Подвиениот дел од ногата завршува со долга тесна лента, која е навиткана со 3-5 навои околу коренот на лакот.

Овие фибули се поголеми од претходните но сеуште имаат осредна големина. Инце со право ги сврстала во одделна (по неа јужнобалканска) група на фибули со подвиена нога

3. *Фибули со "луковици" (3.група).* Нашите следни 8 фибули одразуваат натамошен типолошки развој на главата. Очигледно под влијанието на доцноримските луковичести фибули од 4. и почетокот на 5. век, оската (носачот на опругата) се издолжува и на краевите добива луковичести задебелувања; еден ваков украс стои и пред главата, фалоидно издолжен напред и искосен нагоре. Ногата на

6. S. Uenze, Sadovec, 137-160 Fibeln.

7. Chr. Pescheck, Zur Sudausbreitung der Fibel mit umgeschlagenem Fuss, Prahist. Zeitschrift Bd. 34/35, Berlin 1953, 255-266.

8. S. Uenze, Sadovec, 150, Abb. 2. 3 und 5. 3, 7, 8 (со кукочка на главата); 154-158, Abb. 7. 6-8; 8 (со исцело лиена нога).

T. II



T. III



фибулата е во неколку случаи пластично нагласена или изделена, украсена со врежување и жигосување. Една фибула од Будинарци има силно раширен лак, идентично на Комани-фибулите. Фибулата од Лукавица на трите луковици има навлечени "капи" од бакарна фолија, во форма на октаедри (Т.III).

Оваа варијанта на фибули со подвиена нога досега не била позната никаде. Паѓа во очи сродноста и блискоста на оваа форма со тн. Комани-фибула, претставувајќи го всушност нејзиниот непосреден претходник. Фибулите од оваа група кај нас се регистрирани од Полозите на запад (Г.Чајле, Јегуновце, Лукавица) преку Скопско-кумановскиот регион (Барово, Пчиња, Пезово) до Малешево на исток (Будинарци). Целиот овој потез лежи надвор од ареалот на класичната Комани-фибула.

Тн. Комани-Крује културата просторно се совпаѓа со денешна Северна Албанија. Околу нејзиното потекло е жестоко дискутирано.[9] Тезата на историчарите од Тирана дека е во прашање раносредновековната протоалбанска култура (и нација), почнала да губи од својата уверливост по новите и најновите наоди на вакви предмети надвор од споменатото подрачје. Тие се протегаат долж Јадран до Средна Далмација на запад, потоа во Охридскиот регион (Св.Еразмо, Оровник, Радолиште) и Прилеп на исток.[10] Ова е премногу голема територија, на која божем се раѓала протоалбанската нација. Впрочем, оваа култура исчезнала целосно по 8. век, што исто така зборува против споменатата теза.

Денес европските учени се согласуваат во следното. Тн.Комани-култура е регионална културна манифестација, израсната врз локални византиски традиции инспирирана со некои источноевропски, пагански симболи и мотиви, кои по аваро-словенските инвазии на југ останале во тој регион. Некрополите и крепостите во кои се наоѓани "Комани"предмети можат да се поврзат со преживеаното ромејско христијанско население од 7. и 8. век, групирано околу позначајните тврдини долж големите патишта, што Византија ја поврзувале со Јадран на запад. Во контекстот на ова, нашите фибули од 2. и 3. група претставуваат развоен пат на Комани-фибулите, кои внеле непотребни спекулации и политизирања во археологијата.

### Фибули на шарнир

1. *Зооморфни фибули.* Од граничниот кастел кај Г.Чајле, Гостивар (провинција Превалитана) потекнува една бронзена фибула

9. Од обемната албанска литература за овие фибули и Комани-Круе-културата како позначајни прикази: H. Spahiu, Les Illyliens et la gense des Albanais, Iliria 2, Tirane 1971, 201-215; S. Anamali, Des Illyriens aux Albanais, Iliria 5, Tirane 1976, 23-40; istiot vo Iliria 15, 1985-1, 220-227; istiot, Oreficerie, glorelli bizantini in Albania: Komani. 40. Corso di cultura sull'arte Ravennate e bizantina, Ravenna 1993, 435-446; В. Поповић, Албанија у касној антици, во: зборникот: Илири и Албанци, САН књ. 39, Београд 1988, 201-251, особено 231-245 и сл. 16-22.

10. Е. Манева, Средновековен накит од Македонија, Скопје 1992, 25-26 и Т. 1-3, со наведена постара литература.

во форма на паун (бр.Т.IV). Вакви фибули досега се најдени главно во Источноалпскиот регион (денешна Словенија и СИ Италија). Неколку осамени наоди се нижат низ Далмација кон ЈИ. Датирани се во доцниот 6. и 7. век. [11)]

Полошкиот регион претставувал источна граница на Превалитана во доцната антика. Во доцниот 5., најголемиот дел од 6. и 7. век Далмација со Превалитана биле управно-политички приклучени кон Италија, под последните западноримски цареви, потоа под Остроготите од Равена, а потоа под Лангобардите.[12)] Меѓутоа, културните врски со Италија биле многу посилни и речиси непрекинати низ антиката и средниот век.

2. *Фибули со еднакви краци.* Од истиот културен круг, од Северна Италија, доспеала една друга фибула на шарнир до превалитанскиот граничен кастел во Јегуновце кај Тетово (бр.Т.IV). Му припаѓа на типот фибули со еднакви краци. Овие големи и масивни фибули претставувале дел од машка (воена) опрема.[13)] Извесен број вакви фибули потекнуваат од Истра и Далмација, каде стигнале со готските или лангобардските походи, а несомнено така стигнал и нашиот наод до Јегуновце на југоисток. Датирани се од доцниот 6. до доцниот 7. век.

Нашиот примерок е кован од железо, масивен е и голем како и италските фибули. Има полирана површина која била побакрена и украсена со жигосување. За жал, краевите му се откршени така што целосниот изглед останува непознат.

3. *Фибули со плочеста нога.* Од исто време потекнуваат 3 лачни фибули на шарнир и со вертикална плочеста нога, украсена со копче на врвот. Фибулата од Стоби (бр.Т.IV) е лиена од бронза и украсена со вржување и жигосување одгоре на ногата и на лакот. На ист начин е моделирана и украсена и големата фибула од превалитанскиот пограничен кастел во Стенче кај Тетово (бр.Т.IV). Од неа е запазена само ногата и дел од лакот.

Една ваква фибула, искована од железо е најдена во безимената гратче на "Давина" кај Чучер, Скопје, има нога не на шарнир туку на опруга, како фибулите со подвиена нога (бр. Т.IV). Овој детал ја поврзува временски и културно со претходниот тип. Од истиот локалитет потекнува и една железна игла со заб, како дел од ваква фибула на шарнир (бр.   ,Т.IV).

Меѓу овие наоди само фибулата од Стоби има сигурен временски репер. Ископана е во објектот "Домус фулоника" (или "Г Р"), во станбен слој датиран на крајот од 5. век (со монета на Леон). Врз овој слој следел друг станбден слој, датиран со монети на Јустин I (518-527).[14)]

---

11. V. Bierbrauer, Invillino-Ibligo in Friaul, MBVF Bd. 33,I, München 1987, 145, 146.

12. B. Saria, PW RE XXII, 2, Stuttgart 1954, s.v. Praevalitana, 1673-1680.

13. J. Werner, Die langobardischen Fibeln aus Italien, DAI, Berlin 1950, 39-43, 63; Z. Vinski, Krstoliki nakit, 164-165, T. 9. 47-50.

14. I. Mikulcic, Der Untergang der Palaste im spatantiken Stobi, Nordmakedonien. Symposium: Palasrt und Hutte, Berlin Nov. 1979. Mainz 1982, 535-554, Abb. 8 Domus fullonica, Mf- 72-43.



34




33



35







32



36





31

| Наоѓалиште | Кат. број | Материјал | Тип |
|---|---|---|---|
| "Градиште", Таор, Скопје | 1 | б | 1 |
| Хераклеа Линкестис, Битола | 2 | б | 1 |
| "Давина", Чучер, Скопје | 3 | легура | 1 |
| "М. Кули", Водно, Скопје | 4-8 | жжжжж | 2 |
| "Каља", Барово, Скопје | 9-11 | жжж | 2 |
| "Давина, Чучер, Скопје | 12-15 | жжжж | 2 |
| "Исар", Шипковица, Тетово | 16 | ж | 2 |
| "Кале", Ижиште, Брод | 17 | ж | 2 |
| "Градиште", Подвис, Кичево | 18 | ж | 2 |
| "Кула", Годивје, Охрид | 19 | ж | 2 |
| "Кале", Браилово, Прилеп | 20 | ж | 2 |
| "Собри", Ораше, Тетово | 21 | ж | ? |
| "Калата", Каменица, Делчево | 22 | ж | ? |
| "Каља", Барово, Скопје | 23 | ж | 3 |
| "Градиште", Пчиња, Куманово | 24 | б | 3 |
| "Вукасија", Пезово, Куманово | 25 | б | 3 |
| "Градиште", Јегуновце, Тетово | 26 | ж | 3 |
| "Брикул", Луковица, Тетово | 27 | ж | 3 |
| "Каља", Г. Чајле, Гостивар | 28 | ж | 3 |
| "Будинград", Будинарци, Берово | 29, 30 | жж | 3 |
| "Градиште", Јегуновце, Тетово | 31 | ж | ш |
| "Каља", Г. Чајле, Гостивар | 32 | б | ш |
| "Стоби", Градско, Т. Велес | 33 | б | ш |
| "Градиште", Стенче, Тетово | 34 | б | ш |
| "Давина", Чучер, Скопје | 35, 36 | жж | ш/о |

Потеклото на овој тип фибули не ни е познато. Се наметнува мислата дека се работи за еден локален сирвивал. Како да е оживеана формата на тнр. Илирска лачна фибула со плочеста нога која има копче на врвот, а позната од внатрешноста на Средниот Балкан од 6.-5. век пред н.ера. Додека не се најдат поблиски аналогии, ова прашање останува отворено.

* *
*

На крајот на ова поглавје е даден и табеларниот преглед на сите споменати наоди на фибули. Во графите се наведени следните податоци: - местото на наодот; -редниот (каталошки) број: - материјалот од кој се изработени (б - бронза; ж - железо); -типот на фибулата. Тука се ставени следните ознаки: бројките 1, 2 или 3 ја претставуваат групата 1, 2 или 3 на фибули со подвиена нога; ознаката "ш" е кратенка за фибули на шарнир. Другите технички податоци можат да се извлечат од цртежите на фибулите, а нивните димензии со помош на размерниците на истите. Со тоа е одбегната непотребната дескрипција во текстот.

## II УКРАСИ ЗА ПОЈАС

Во текот на римската епоха а особено во 4. век, како карактеристични археолошки наоди во машки гробови се појавуваат метални украси за појасен колан. Тука спаѓаат токи за закопчување со одредена форма и детали, потоа украсот за на крајот на ременот (тнр. јазиче) и низа од плочки-потпирачи (ребра) долж коланот. Особено карактеристични се вакви појасни гарнитури од војничките појаси.[15]

Во текот на доцниот 4. и 5. век особен афинитет кон вакви појасни украси развиваат варварските соседи на Римјаните, особено Германите. Металните делови стануваат сé побројни и поразновидни, украсени со нови техники и збогатени со специфични претстави од симболично или митолошко потекло. Појасите добиваат хиеархиско значење во една племенска заедница и прераснуваат во етничко (национално) обележје на еден одреден народ.[16]

---

15. E. Keler, die spatromischen Grabfunde in Sudbayern, MBVF Bd. 14, Munchen 1971, 56-68, Abb. 18, 23. -В. Соколовска, Новија арх. ископавања у Демир Капији, Старинар Н.С. 24-25, 1973/74, Београд 1975, 183-192, т. VII. 1, 2, 3; истата, Исар-Марвинци и Повардарјето во античко време, Скопје 1986, 126, т. 46. -И. Микулчиќ, Доцноримски гробови во Скупи, Год. зборник на Филозофскиот факултет кн. 26, Скопје 1974, 137-138, сл. 12-15.

16. За германските појасни украси од 4. и 5. век сп. книгата на H. W. Bohme, Germanische Grabfunde des 4. bis 5. Jhs. zwischen unterer Elbe und Loire, MBVF Bd. 19, München 1974, 1-384, Taf. 1-147, Karten 1-19. За наодите од Скупи: И. Микулчиќ, Доцноримски гробови, 133-138, сл. 13, 17, 21, 25, 27-29, 31-36, 42, 43, 47-64.


T.V
1
2
3
4
5

T. VI



Појасните гарнитури продолжуваат и низ 6. и 7 век, како кај варварските народи така и во Византија.[17] Номадските народи од источните степи во ова време се чести гости во Византија - најчесто како непријатели кои упаѓаат и ги пустошат граничните провинции, меѓутоа и како федерати кои служат во византиската војска. Номадите го носеле сето свое вооружување и бројни реквизити за секојдневен живот обесени на појасниот колан. Затоа биле креирани нови метални делови за бесење и врзување - алки и приврзоци, носачи со висулѕци, гајки, разводници за поврзување со помошни каиши и др. Се носеле по 2 појасни колани истовремено - еден за полесни реквизити а друг за потешко оружје (сабја, лак и тоболец со стрели). Коњските кожни амови и седла исто така биле богато украсувани со бројни специфични метални делови и украси.

На овие украси и делови од опрема кај германските народи како и кај степските номади, досега се посветени стотини прикази, студии и цели монографии. Наспроти нив, византиските украси и делови за појасен колан и друга опрема едвај да ги познаваме. Насетуваме дека тие се развивале напоредно со варварските украси, служејќи им на соседите како пример или работејќи непосредно за нив. При тоа се забележува византиско техничко и уметничко ниво на изработка, додека вкусот и модата се варварски. Првите истражувачки чекори во таа насока, ги направил J.Вернер, укажувајќи на фактот дека и бројните локални стилски групи на вакви производи, одбележани во постарата литература како тип Сучидава, Балгота, Болоња, Сиракуза, Херсон, Корфу и др. и познати само во еден одреден регион, а припишувани главно на соседите - варварите, му припаѓаат во основа на големото рановизантиско уметничко занаетчиство.[18] Во натамошниот приказ на нашите наоди и ние ќе се потпираме врз типологијата на J. Вернер.

1. *Токи и јазичиња од типот Сучидава.* Тука спаѓаат речиси сите наши токи и јазичиња од појасни колани. Регистриравме вкупно 12 парчиња (кат. бр. 1-10, T.V.VI). Од порано биле познати два вакви украси од Стоби и еден од Хераклеја (бр. 7).[19] Со ископувањата во споменатиот кастел на Водно кај Скопје во 1980 г., во големата цистерна на екрополата е најдена ваква тока (бр. 2) заедно со неколку други предмети скриени тука на крајот од 6. или почетокот на 7. век[20].

Останатите примероци се прибрани како површински наоди во градот "Давина" кај Чучер, Скопје (бр.1), потоа во кастелите "Кула",

17. J. Werner, Der Schatzfund von Vrap in Albanien, Oe. A. W. 184, Wien 1986, 1-86, Taf. 1-20 за златните и сребрени појасни украси и др. на еден аварски каган од доцниот 7. век; Истиот, наод од Малаја Першчепина и Куврат, каган на Бугарите, Софија 1986,

18. J. Werner, Byzantinische Gurtelschnallen des 6. und 7. Jhs. aus der Sammlung Diergardt, Kolner Jahrbuch fur Vor- und Fruhgeschichte Bd. 1, Koln 1955, 36-48, Taf. 1-8.

19. Dj. Mano-Zisi, 1962, 102 и н. -Z. Vinski, Krstoliki, 142, 143 Стоби; Е. Манева, Неколку видови, 47, Т. I. 3 и III. 3 Хераклеја.

20. И. Микулчиќ, Старо Скопје, 51-52, сл. 26 Водно; 115, сл. 65 Чучер.

Челопек (бр. 8, 9) и "Градиште", Градиште кај Куманово (бр. 10); во "Будинград", Будинарци, Берово (бр. 4); во "Хисар", Црешка, Штип (бр. 5) и "Кале", Белица, Брод (бр. 6). Украсот од Белица е излиен од легура на лошо сребро, а останатите се бронзени.

Ако ги иземеме наодите во градовите Стоби и Хераклеја, сите останати наоди потекнуваат од тврдините во северниот дел на денешна Република Македонија, главно од некогашните погранични стражи крај премините од провинцијата Дарданија и Средоземна Дакија кон Македонија. Во прашање се стандардизирани делови од рановизантиски војнички појасни украси.

Први вакви украси биле откриени во Долно Подунавје, на северната граница на Империјата. Името го добиле според местото Сучидава (во ден. Романија).[21)] И токите и јазичињата имаат иста стандардна форма и исти или слични украси, изведени со ажур (пробој). Основните украси се рамнокрак крст и лунета, пробиени низ средишниот дел на плочката. Истите се јавуваат на 8 или 9 наши наоди. Втора варијанта е човечка маска, составена од споменатата лунета (-уста и веѓи) и кружни дупчиња (очи и нос; бр. 1, 2). Сепак не постојат два идентични украси. Едното од јазичињата од Челопек (бр. 8) воопшто нема ажурирани детали, а е украсено само со жигосани концентрични кругчиња.

Сина Инце се обидела, овие украсни детали да ги класифицира типолошки и од тоа да извлече една пофина хронологија. Меѓутоа не успеала во тоа. Разнообразноста на деталите и нивното различно комбинирање зборуваат за многу силен подем на производството во доцниот 6. век, така што тие егзистирале главно истовремено.[22)]

Токите и јазичињата биле зацврстувани на кожен каиш со 3 масивни ушки од нивната задна страна. Ушките се протнувале низ дупчињата на каишот, така што избивале на другата страна, а потоа таму биле фиксирани со помош на метални чивии, забиени странично во ушките. Ова претставува значајна рановизантиска иновација, за разлика од римските токи и апликации кои биле зацврстени на каишот директно со заковки (нитни).[23)]

2. *Други форми на токи.* Една железна тока од "Кале", Белица, Брод, има издолжен носач сличен на таквите римски форми, но главата и е крстесто оформена и ажурирана, елемент кој ја поврзува со претходниот тип (сл. 14). Во крајпатниот кастел "Кале", Дебреште, Прилеп, во горните станбени слоеви (доцен 6. - 7.век) е ископана бронзена појасна тока блиска до типот Болоња според Ј. Вернер (бр.11).[24)]

Една бронзена појасна тока потекнува од граничниот кастел "Д. Градиште", Филиповци, Куманово (бр. 12). Носачот е оформен како

---

21 J. Werner 1955 Diergardt, 41, Abb. 6, Taf, 8. 6-11.

22. S. Uenze, Sadovec, 184-187, Abb. 14, Taf. 12. 1-7; 131. 6.

23. J. Werner, 1992 Sadovec, 591.

24. J. Werner, 1955 Diergardt, 39-40, 48, Abb. 5.


T. VI
14
21
22
23
24
33
34
30
15
16
17
18
29
25
26
27
28
31
32
19
20

палмета, упатувајќи на хеленистичките традиции кои сега оживуваат во Источниот Медитеран. Трите масивни ушки на задната страна на токата со сигурност ја определуваат како рановизантиски производ.

Престолничкото уметничко занаетчиство во ова исто време има развивано многу побогати и посуптилни форми и украсни мотиви. Едно вакво јазиче, изработено од сребрен лим и украсено со ажур, доспеало до нашата Хераклеја (бр. 13).[25] Го наведуваме тука како контраст на поскромните војнички украси, прикажани напред.

3. *Апликации за појасен колан.* Во низа кастели во нашиот регион како површински наоди се евидентирани ситни плочки ковани главно од железо и различно оформени. Со заковки биле прицврстени за кожна подлога. Освен колланите, со нив можеби биле украсени и помошните каиши од војничката опрема. Тука ќе прикажеме неколку форми.

3.1. *Потпирачи (ребра) за појасен колан.* Колланите многу често биле изработувани од мека (козја) кожа и поради својата широчина и недоволна дебелина тие се дефинирале (подвиткувале), особено на задната страна на телото. Поради тоа, во 4.век биле креирани бронзени потпирачи (ребра), со чија помош колланот останувал неподвиткан. Ребрата се едноставно профилирани, со незабени и провртени краеви, низ кои со нитни биле заковани на кожна подлога. Вакви појасни гарнитури, со вакви ребра, се наоѓани главно во војничките гробови ширум Царството низ целиот 4. век., Кај нас се познати од Скупи, Стоби, Демир Капија, Марвинци, "Кадата", Каменица, "Давина"-Чучер и др.[26]

Помладата варијанта на овие појасни ребра има проширени краеви и кружен средишен дел, тнр. пропелер-форма. Вакви ребра се наоѓани во војничките гробови долж границата на Рајна и Дунав[27], а исчезнале по сломот на римската власт во Западна Европа и повлекувањето на војската од граничните провинции. Интересно е да спомнеме дека германските војнички појаси, инаку пребогати со разни метални украси, не ги прифатиле овие ребра од римските колани.[28]

Металните ребра од пропелер-типот биле продуцирани во источната половина на царството (Визант) и натаму, низ 5. и 6. век. Најдени се како површински наоди во кастелите во Канарево кај Куманово, во Белица и Здуње во Поречјето, Железнец во Демир Хисар, Каменица кај Делчево и др. (бр. 15-18). Потекнуваат од крајот на животот во тие кастели, значи од рановизантиско време. За жал, досега никој не им обрнал должно внимание и треба да очекуваме многу повеќе вакви наоди.

---

25. Е. Манева, Неколку видови, 47, Т. II. 5, IV. 5.

26. В. Соколовска, Новија, 183-192, Т. VII. 3.

27. E. Keller, 1971, 67, Abb. 23. 13, Taf. 35. 4.

28. H.W. Böhme, 1974, 66, 335, Taf. 136. 11 i 143.2 само 2 наоди од раниот 5. век, наспроти многу стотини војнички гробови од тоа време кои не употребуваат вакви ребра.

Од граничниот кастел кај Белица, Брод, потекнуваат 2 поинакви окови за појасен ремен, исковани исто така од железо (бр. 19, 20). Едниот има кука на долниот крај (гајка), за бесење на некој реквизит.

3.2.-3. *Од кастелот крај Челопек*, Куманово потекнуваат како површински наоди мали железни окови во вид на тенки плочки, прицврстени за каиш со нитни. Една аплика има форма на малтешки крст, другите се во форма на 6-лисна розета (бр. 21-24). Украсени се со низа брадавки, изведени со исчукување од задната страна. Крстестата аплика потсетува на вакви крстести фибули од 6. век, чие потекло лежи во Источниот Медитеран.[29]

3.4. *Нејасна е намената на поголеми четвртести плочки* - аплики чија ивица е разиграна со 6 полукружни изрези. Плочките се благо испакнати, на средина имаат по 3 дупчиња во една низа, а низ крајните дупчиња биле протнати нитни со украсни полутопчести глави. Од овие дупчиња кон ивицата водат зрачести линии, всечени со длето.

Плочкиве се исковани прецизно од железо и полирани, а служеле несомнено како украси на каиши. Најдени се во кастелите кај Челопек, Куманово (бр. 25), Каменица кај Делчево (бр. 26-28) Т. Велес (бр. 29), Корешница - Демир Капија (бр. 30-32) и повеќе други. За жал, и на овие окови досега никој не им обрнувал внимание, вклучувај-ќи ги тука и потпишаните. Бидејќи не ги познаваме, не ги ни евиденти-равме сите, оставајќи ги таму каде што се најдени, на самиот локалитет.

3.5.-6. *Прегледот на појасните украси* ќе го завршиме со уште 2 форми прибрани како површински наоди од споменатиот град на "Давина" кај Чучер, Скопје (бр. 33, 34). Еден од нив, лиен од легура на бакар со сребро, завршува на горниот крај со 2 глави на орел - грифон, наспрамно (хералдички) поставени. Долниот дел е во форма на четвртеста ушка за бесење на приврзок, а на задната страна има помала ушка за прицврстување на каиши. Друго парче претставува минијатурна тока за мал ремен, со 2 пластични испакнатини на носачот. Овие две специфични форми на појасни украси, поникнати во уметничкото занаетчиство на Иран, преку византиските работилници доспеале до богатите алански гробници на Купан и Кавказ и до аварските кнежевски гробови во Панонија (Бoча, Кумбабоњ; 7. век).[30] Таму, во Панонија, тие биле веројатно изработени од византиските мајстори - златари што бoравеле на дворот на каганот или на неговите доглавници.[31]

* * *

На крајот обрнуваме внимание на читателите на следното. Разните бронзени аграфи (брошеви), приврзоци, украсни алки,

29. Z. Vinski, Krstoliki nakit, 129, T. V. 8 docen 6. vek.
30. J. Werner, Vrap, 57-60, Abb. 16. 1-4, 17.2; Taf. 17. 17-21 Boca; Taf. 21.2 Girlan, Persija.
31. Ibidem, 62-68, Taf. 24. 29-30.

разводници и висулци на гајки од некрополите Св. Еразмо кај Охрид и Цигански гробишта кај Радолишта, Струга, покрај фибулите што ги споменавме, се датирани во 7. и 8. век. Временски тие се совпаѓаат (делумно) со нашиот приказ. Истите не ги прикажуваме од следните причини: тоа е специфична група на наоди која заслужува одделен третман, врзана за регионалната Комани-култура. Исто така, пред кусо време Е. Манева успеала сите овие наоди да ги регистрира, каталошки и илустративно да ги прикаже по прв пат откако се ископани.[32] Се радуваме на тоа. Останува натаму да се дискутира каква била функцијата на секој од тие предмети; но, на тие прашања не одговоривме целосно ниту кај нашите наоди. И нашата основна задача беше да ги прикажеме наодите на стручната јавност, за да можат натаму поблиску да се дискутираат.

Ivan MIKULČIĆ, Viktor LILČIĆ

## FIBELN UND GÜRTELBESCHLÄGE DES 6. JHS. AUS MAKEDONIEN

(Zusammenfassung)

In dem folgenden Überblick sind einige Funde aus dem Gebiete der heutigen Republik Makedonien dargestellt, die aus dem späten 6. Jh. stammen und den frühbyzantinischen Werkstätten zuzuschreiben sind. Die Fibel mit umgeschlagenem Fuss ist bisher durch 30 Exemplare vorgestellt. Neben einigen kleinen Stücken die aus Bronze gegossen sind und zweifelloss aus dem Donaugebiet stammen sollen (Abb. 1, 2, 4, 15; s. Anm. 1, 7, 10, 11), taucht eine Gruppe von 12 Stück auf (Abb. 4-9) die aus Eisen geschmiedet sind und eine regionale Gruppe darstellen sollen südbalkanische Gruppe nach S. Uenze[1].

Eine weitere Gruppe (Abb. 10-14) trägt hinter dem Kopf eine dornartige Erweiterung, die mit einem Schmuckknopf endet. Gleiche Schmuckknöpfe stehen auch an den Enden der Spiralachse. Auf diese Weise nähern sich diese Fibeln den späteren grossen Fibeln der sog. Komani-Kultur aus Nordalbanien, aus dem 7. Jh. (Abb. 18a, b, 19) an.

32. Е. Манева, Средновековен, 25-34, 181-184 и 223-226, Т. 1-5.

Höchstwahrscheinlich können sie sowohl typologisch wie auch geographisch die Verbindung zwischen den donauländischen Fibeln mit Spiralhacken und den Fibeln der sog. Komani-Kultur darstellen.

Als Rarität in unserem Region taucht eine gleicharmige Fibel auf. (Abb. 20). Sie wurde in dem Kastell bei Jegunovce, an der Provinzgrenze von Praevalitana gegen Dardanien gefunden und kann nach ihrer norditalischen Herkunft gewisse historische Momente abspiegeln.

Im weiteren Text sind bronzene Riemenschnallen und -Beschläge vom sog. Sucidava-Typ (nach J. Werner; Abb. 21-30), auch einige andere Schnallenformen (Abb. 31, 32) und verschiedene Beschläge und Aplikationen aus dem späten 6. Jh. dargestellt, die vorwiegend aus Eisen geschmiedet sind und Teile der byzantinischen Militärausrüstung darstellen sollen (Abb. 33-54).

Снежана ФИЛИПОВА

# НОВИ НАОДИ ПЛАСТИКА ОД ЦРКВАТА СВ. БОГОРОДИЦА ВО ДРЕНОВО

**Табли I, II, III и IV**

Црквата Св.Бородица во Дреново има план на комбинирана куполна трибродна базилика и крстообразна црква, со купола над наосот и нартексот, со три апсиди, централна деветострана и странични петострани (Табла I). За жал, нејзиниот северен ѕид е денес во многу лоша состојба, делумно саниран во 1992 г. Од северната и јужната страна селаните неодамна додале два затворени трема, кои заедно со новоизградената камбанарија и нартексот го сокриваат вистинскиот облик на црквата.

Дреновската пластика за првпат во науката ја вовел Богдан Филов во 1923 г.[1] Додека за постарата пластика - 5 столбови и 2 капители употребени во градбата како сполии, а 2 пред црквата, е разјаснето дека биле наменети за ранохристијанска базиликата во Мутичански Дол,[2] за помладата пластика нема консензус во датирањето, а не се познати ниту на широката јавност сите постојани фрагменти. Филов објавил четири фрагменти, различно толкувани во текот на следните 6 децении, како во однос на нивната функција (корниз, или надвратник), така и во однос на хронологијата (Табла II). Така предложеното датирање на Филов за 7 в., односно 8 в., подоцна е негирано и се предложени 10, 11 , до крај на 12 па дури и 14 век.[3] Петтиот фрагмент-дел од греда вѕидана во северниот довратник на западниот влез е објавен од И. Николаевиќ дури во 1978 г.[4] Во последните осврт на дреновската пластика од С. Пејиќ, кога се

[1] Bogdan Filow, *Altchristliches aus Macedonien*, Studien zur Kunst der Osten, Wien 1923,27.

[2] Ivan Mikulcic, Antički gradovi kod Drenova i konjuha u Makedoniji-topografsko snimanje, Arheološki Pregled 15, Beograd 1973, 177-179.

[3] Без било какви аргументи ниту образложение Константин Петров ги датира во 14 в. во "Декоративната скулптура во Македонија во XI и XII век", ГЗФФЦ, 1962, 276; за 10, односно 11 в. се застапува Кондаков, и Иванка Николаевић Стојковић, "Прилог проучавању византијске скулптуре од 10 до 12 век из Македоније и Србије", ЗРВИ 4, Београд 1956, 165-168; крај на 12 и 13 в. Ђурђе Бошковић, Eglise de Sainte Sophie a Salonique et son reflet dans deih monuments posterieurs en Macedonine et en Serbie, Archeologia Yugoslavica 1, (1954), 113. André Grabar предлага 12-13 v. vo Sculptures Bzzantines du Moyen Age (XI-XIV siecle). Paris: A. and J. Picard, 1976, 117-118.

[4] Иванка Николаевић, "Miscellanea о средњовековној скулптури у Југославији", ЗРВИ 18, 1978, сл.8-9

T I



Сл. 1.
Св. Богородица, Дреново, поглед на западната страна



Сл. 2.
Поглед од југоисток, источен апсидален дел



Сл. 3.
Поглед од североисток, источен апсидален дел

Сл. 1 и 2. Олтарски столбчиња од Св. Богородица, Дреново, денес во Археолошки Музеј во Софија, иконостасот.





Сл. 3. Столбче или мено вѕидано во с. дел на постаментот на

Сл. 4 и 5. Фрагменти од истиот архитрав, денес во Археолошки Музеј во Софија



Сл. 6. Фрагмент од архитрав (?) вѕидан во сз. довратник на зап. влез во црквата.



анализирани четирите импост капители, како и декорацијата на апсидалното мено, преовладува мислењето сите наведени фрагменти и капиталите да се датираат во 11 в., предложено уште во 1929 г. од Кондаков 5 (Табла III).

При мојата посета на црквата Св. Богородица во Дреново во февруари 1995 г., забележав два пластични елементи, необјавени досега од бројните истражувачи кои се занимавале со проучувањето на оваа црква (Табла IV). Интересно е дека првиот-најверојатно олтарско столбче, но можеби и мено, е сосема видлив, вграден во постаментот на влезот во северниот дел на олтарскиот простор, додека вториот-парапетна плоча, вградена е во постаментот на иконостасот, под дрвените двери, а е покриена со черга. Иако плочата при мојата посета беше целосно покриена со прав, сепак може да се распознае за што се работи. По чистењето, утврдив дека е изработена од бел мермер.

Очигледна е аналогијата во стилот на обработката и мотивите меѓу столбчето (димензии 1,08 м.X 0,115 м.), и четирите импост капители во црквата. Декорацијата ја сочинуваат грчки крст со благо проширени краци на врвот, впишан во круг формиран од разграната витица која опфаќа уште пет петолисни палмети кои во подножјето завршуват со ливчиња свиткани во волути. Над крстот и под последната палмета е изработена хоризонтална ивична лента со која декорацијата се врамува и издвојува од десетина см. долгите краеви на столбчето. Ваквиот распоред и декорација имаат аналогии со олтарското столбче од Св. Софија, Охрид, датирано во 11 в.,[6] иако кај него палметите се впишани во срцолики форми, а исто така недостасува странична рамка на мотивите, како што постои на четирите столбчиња од Охрид, составена од мотив на астрагал, или правоагална линија, или пак истата е излижана. Крајот од столбчето што лежи на подот не е целосно видлив, зашто е делумно покриен со цементна прашина и песок.

Што се однесува до плочата (димензии 0,80 м. X 0,63 м., висина 0,12 м., дијаметар на средишен круг 0,46 м., страничен раб 0,10 м., горна и долна рамка 0,07 м.), таа како да ја имитира композицијата претставена на десната страна од една преградна плоча од епископската базилика во Стоби.[7] Сепак, видлива е трансформација на палметите и гранките со акантусови лисја, кои сега во просторот странично од средишниот круг се претвораат во три осмици, односно три меѓусебно поврзани круга, чии краеви завршуваат со по два акантусови листа (тролисни палмети) во горниот дел, и со по едно гранче со два издолжени листа и тролисна палмета-пупка на врвот во долниот дел. Внатрешноста на кругот е исполнета, истоветно на плочата од Стоби со разгранети витици со акантусови лисја, но кои во Дреновската плоча во средината формираат

---

[5] Светлана Пејић, "Архитектонска пластике Богородичне цркве у Дренову", Старинар XXXVI, 1985, 161-171.

[6] Петров, "Декоративната скулптура во Македонија во XI и XII век", 142, сл. 9.

7 Иванка Николаевић Стојковић, *Рановизантиска архитектонска декоративна пластика у Македонији, Србији и Црној Гори*, Посебна издања САНУ, Књига 5, Београд 1957, сл 152

T III



Сл. 1.
Мено со капител од апсидалната бифора со мотив аналоген на еден од западните импост капители













Сл. 2-7: Различни видови декорација претставени на четирите импост капители од црквата Св. Богородица, Дреново.

две елипсовидни завиени гранки, кои завршуваат со петолисна палмета како средишен впишан мотив. Под и над нив се образуваат петолисни палмети, од кои симетрично се развиваат гранчиња со тролисни палмети.

Според бројот на досега откриените фрагменти, може да се сумира следново: постојат три олтарски столбчиња, од кои две сосема различно декорирани од столбчето кое го открив при мојата посета, а аналогни по декорација со материјалот од Св.Стефан, Конча, Радовиш; три фрагменти од корниз или надвратник, со вкупна димензија од 2 м; од кои едното сеуште се наоѓа во црквата, вградено во подножјето на западната врата; прозорско мено во апсидалната бифора, четири импост капители со ретардирани јонски волути во подножјето и кај некои капители украсени со идентичен апстрактен флорален мотив како и централниот дел од страните на капителот.

Декорацијата применета на фрагментите е мошне различна. Застапени се сосема апстрактни флорални и геометриски мотиви, стандардни геометриски мотиви составени од розети впишани во кругови поврзани во осмици, класични комбинации на крст и палмети, како и животински фигури, реални - лав и птици, и фантастични-грифон и змеј. Се разликуваат два вида на крст, обичен грчки и крст од трочлена лента кој завршува со краеви завиткани во круг-волути, што потсетува на дела работени во метал.[8]

Од капителите, пократката страна на југозападниот капител со средишен крст и две странични петолисни палмети може делумно да се поврзе со декорацијата аплицирана на столбчето вградено во постаментот и плочата, пократката страна на северниот капител со деталот на издолжена петолисна палмета чии долни два листа се издвоени од горните три, поврзана со уште две такви, од надворешната страна на капителот на меното на централната апсидална бифора.

Двете подолги страни на југозападниот капител и исто така двете подолги страни на северозападниот капител имаат аналогии во декорацијата со три поврзани со јамки круга (осмици), во кои се впишани комбинирано кимпас и флорални розети, со декорција на едно од олтарски столбчиња од Св. Софија, Охрид.[9] Уште поблиска е декорацијатга на релеф од Yali Bagal, Турција.[10]

За декорацијата на источните капители очигледни се сличностите на средишната апстрактна троделна форма од која растат шематизирани гранки со апстрактниот мотив под капителот на внатрешната страна од меното на централната апсида, како и истоветниот мотив претставен на едно од олтарските столбчиња употребени секундарно во црквата Св. Стефан во с. Конче, Радовиш.

---

[8] Пејић дава неколку аналогии на овој вид крст, капители од Бруса, олтарска преграда од католикон во Петраки, 11 в., фасада на Малата Метропола во Атина. Види Пејић, op cit., 164. Ние ќе додадеме и капител од Св. Лука, Фокида, илустрирани кај Грабар, op.cit., T XVIII, a.

[9] Петров, "Декоративна скулптура во Макеонија во 11 и 12 век", 141, сл. 5

[10] Grabar, *Sculptures Byzantines du Moyen Age (XI-XIV siécle)*, T XVI, a.

# АНАЛОГИИ



сл. 1 б)



сл. 2 а)



сл. 2 б)



сл. 1 а)



сл. 4



сл. 4 б)



Сл. 3 а)



сл. 3 б)

сл. 1 а) плоча вградена во подот на влезот
во иконостасот -Св. Богородица, Дреново
сл. 1 б) паралелна плоча од
епископската базилика во Стоби
сл. 2 а) надв. страна од
апсидално мено
Св.Богородица, Дреново
сл. 2 б) олтарско столбче
Св. Богородица, Конче
Сл. 3 а) внатр. страна
на апсидалното мено
Св. Богородица, Дреново
сл. 3 б) импост капител
Св. Богородица, Дреново
сл. 4 олтарско столбче или мено
вградено во подот в с. и. страна
од иконостасот -Св. Богородица, Дреново
сл. 4 б) олтарско столбче Св. Софија, Охрид

Snezana FILIPOVA

## NEW FINDINGS FROM THE CHURCH ST. VIRGIN IN DRENOVO, KAVADARCI

(Résumé)

During my visit of the church St.Virgin in the village Drenovo, Kavadarci, i have noticed two new fragments of decorative sculpture which belong to the medieval ensemble of the iconostasis of the church. They are incorporated in the cement base of the present wooden iconostasis. The first fragment, probably a column of the older iconostasis is placed in the northern part, while the other fragment - a marble plate is incorporated in the part of the base under the doors of the iconostasis.

The column or a window shaft, (1,08 m. X 0,115 m.), is decorated with frieze of 5 five-leaf palmettes that are incorporated in a sinusoidal tendril, that begins of the top with a Greek cross.

The plate (0,80 m. X 0,63 m., height 0,12 m., diameter of the central circle 0,46 m., side frame 0,10 m., upper and lower frame 0,07 m.), has central circle which contains tendril that rolls elliptically and ends in three-leaf palmettes, starting to develop from larger five-leaf palmetts placed on the top and bottom of the circle. Aside of the circle there are three small circles enclosing palmettes, made of tendril that finishes in both ends in a small three-leaf bud with two long and sharp leaves. According to the analogies with the ornaments applied on the four capitals in the same church, as well as the analogies in the decoration of the altar columns from the church St.Sophia, Ohrid, a date of llth C.can be proposed.

So far, there are three altar columns, one plate, three fragments of a epistle or door lintel, that may belong to the medieval llth C. iconostasis. To the decorative sculptural ensemble four impost capitals, one window shaft with capital that is still in situ can be added. At this stage of research, this is the only medieval church in Macedonie that has preserved so many fragments of the whole decorative ensemble.

Трајан ГОЦЕВСКИ

# ПАЗАРНАТА ЕКОНОМИЈА И ЕКОНОМСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ КАЈ ПЕДАГОШКИТЕ КАДРИ

**II дел**

## Вовед

Поновите истражувања во сферата на економскиот и вкупниот општествен развој, неспорно покажуваат дека нематеријалните фактори на развојот, во кои спаѓаат: нивото на стручната подготвеност на кадрите, научно-истражувачката работа и методите на управувањето со процесите, заземаат сè поголемо учество во структурата на создавањето на националното богатство. Така, кај средноразвиените земји влијанието на овие фактори врз порастот на производството надминуга една третина, додека тоа учество кај високоразвиените зазема доминантно место.

Во прилог на оваа констатација зборува и фактот што Нобеловата награда за економија во 1993 година ја добија економистите Роберт Фогал и Даглас Норт од САД, кои се историчари на економијата и го анализираат придонесот на нематеријалните фактори за стопанскиот развој. Имено, тие докажале дека организационите промени во американската економија имале поголемо значење за порастот на продуктивноста на трудот одошто било значењето на техничките промени. Исто така, тие укажале дека клучот за економските промени лежи во ефикасната економска организација која во себе го апсолвира значењето, стручноста, инвентивноста, креативноста, способноста за управување и раководење и сл. Поради оваа реалност во последно време не постои земја во светот која не му посветува посебно внимание на придонесот на кадрите, научно истражувачката работа и методите на управувањето во подобрувањето на својата општа благосостојба. Притоа теоријата особено внимание му посветува на човечкиот ресурс како на првостепен фактор на развојот и тоа набљудуван од двата негови аспекти: квантитативниот и квалитативниот.

Квантитативниот аспект подразбира вкупно расположиво население на една земја како извор на работна сила за вршење на општествената репродукција во сите нејзини фази, додека квалитативниот аспект на човечкиот ресурс ги третира сите негови специфичности и карактеристики како што се: квалификационата, образовната,

старосната и останатите релевантни структури битни за стопанскиот развој. Така, се вели дека без максимално можна корисна употреба и унапредување на човечкиот фактор во општественото производство и без најоптимален развој на нивната стручност, знаење и способност не е можно да се постигне забрзан стопански и општествен развој. Овој заклучок се потврдува низ практиката на сите и земји во светот и е најизразен во Јапонија, која како земја со лимитирачки природни ресурси успеа да се вброи во најразвиените земји потпирајќи се врз човечките ресурси.

Но, за постигнување на саканите ефекти во овој домен е потребно:

1) Во основа да се води ефикасна политика на развој и перманентно унапредување на знаењето, стручноста и талентираноста кај рботната сила што е задача на воспитно-образовниот систем на земјата:

2) Да се изградат вредносни системи за корисна употреба на знаењето, стручноста и способноста во процесот на трудот на сите нивоа.

Оттука се поставува и прашањето за оспособеноста и за условите во кои ќе дејствува нашиот воспитно-образовен систем, во смисла на подобрување на квалитативните својства на човечкиот ресурс (знаење, стручност, способност).

## 2. Пазарната економија и образованието

Денес со право се поставува прашањето кои се новите карактеристики на пазарната економија, кои ќе го условуваат натамошниот развој на воспитно-образовниот систем? За ова прашање се потребни пошироки елаборации, но ние ќе се задржиме само на некои од нив. Како прво се поставува прашањето на оппштите претпоставки кои ги наследивме во сферата на воспитанието и образованието, со кои влегуваме во пазарниот амбиент. Ова прашање има три димензии и тоа:

1. Во смисла на инфраструктурна изграденост, имаме: релативно добра ситуираност на обрзованието, раширена мрежа на институции, висок процент на опфат на генерациите во сите степени на образованието, но со ниско ниво на опременост со современи средства и стереотипна образовна технологија.

2. Во смисла на општествениот статус и положба на образованието имаме наследено неповолна клима за оваа дејност. Имено, таа е третирана како потрошувач на националното богатство, товар и бреме на заедницата и еден од факторите, "кој го гуши општиот, а пред сè економскиот развој на земјата". За жал и денес образованието, науката и културата се издвојуваат надвор од стопанството и се посочуваат како едно од многуте зла кои му висат на главата на стопанството, што е своевиден апсурд.

3. Од стручен аспект, сепак во воспитно-образовниот систем и покрај позитивните резултати се чувствува стереотипност, неефикасност и пред сè неусогласеност помеѓу потребите од кадри и кадрите кои се едуцираат во воспитно-образовниот систем.

Второто клучно прашање се однесува на промената на сопственичките односи, а со тоа и на продукционите односи.

- Досегашниот модел на општествено-економски и политички систем базира на доминирањето на општествената сопственост, а со тоа и на адекватни продукциони односи. Сметаме дека проблемите на сопственичките односи ќе бидат сржта на промените што ќе настанат во општеството во целина, а со тоа и во економскиот и воспитно-образовниот систем. Тоа значи дека сè досега беше врзано со продукционите односи, кои што беа дефинирани како социјалистички самоуправни, и тие условуваа и воспитно-образовниот систем да се врзува за таквите продукциони односи. Таквите односи кои произлегуваа од општествената сопственост ги ставаа на втор план струката, науката, научните вредности итн. Сега треба да се направи инверзија на работите и да се создаде воспитно-образовен систем кој ќе базира пред сè на докажаните вредности врз значењето и науката, а сè повеќе да се оддалечува од она што значи дневни интереси на разни субјекти кои се наоѓаат во општеството и кои во одредени периоди имаат ваква или онаква улога.

- Следниот проблем е околу дефинирањето на субјектите во општествено-економскиот систем. Сега како правен и економски субјект е дефинирано претпријатието-кое истапува на пазарот, работи според пазарни критериуми и освен интересот за профит сето друго за него добива второстепено значење. Затоа сега општеството преку своите институции треба да се појави и во тоа смисла да го дефинира местото и улогата на воспитно-образовните организации, кои се занимаваат со еден суптилен проблем и кои, исто така, ќе делуваат во пазарни услови. Иако е јасно дека и тие имаат "стока" за пазарот, но таа "стока" не е како другите и затоа нивното место, улога и значење мора да биде специфично и тој проблем мора да се разреши.

- Натаму, настапува период на пазарна валоризација на сите фактори на производството, па оттука ќе се постави и прашањето на вреднувањето на работната сила, која исто така, е прворазреден фактор на производството. Работната сила, покрај квантитативните има и квалитативни аспекти во кои спаѓа знаењето, стручноста, способноста, кои се најбитни и директно зависат од степенот на развиеноста на воспитно-образовниот процес. Тука мора да се најде ефикасен спој кој ќе образува такви кадри што пазарот ќе ги прифаќа, цени, валоризира и со тоа и воспитно-образовните организации ќе добијат во материјална смисла поадекватен општествен третман.

Се отвора и проблемот за слободно движење на капиталот, стоката, работната сила, идеите итн., а тоа веќе значи создавање простор за конкуренција во сите области, па со тоа и во областа на образованието. Конкуренцијата веќе ќе значи повратно да се изградат критериуми за вреднување на кадрите кои доаѓаат од воспитно-образовните организации, за да може пазарот да ги прифаќа како што тоа нему му одговара.

Исто така, новиот систем заговара состојби во кои положбата на секој поединец, претпријатие, организација, ќе се определува врз основа на пазарната валоризација при што пазарот ќе ги утврдува сите потреби, вклучувајќи ги и потребите од кадри, а тоа значи структурата на понудата на кадри на пазарот ќе мора да ни биде дефинирана врз основа на побарувачката од општествените, економските и другите субјекти кои ќе излезат на пазарот и ќе бараат соодветна работна сила, односно кадри од одредени профили, со соодветни знаења, стручност и способност. Затоа мора овие работи да се стават во корелација и да се организираме бидејќи може да бидеме затечени и да имаме одредени проблеми во едукацијата на кадрите, нивната структура и прифаќањето на пазарот.

Во оваа состојба се поставува и прашањето за улогата на воспитанието и образованието? Тоа формира "суптилен производ" од кој натаму зависат целокупните односи во општеството, па затоа, имплицитно се наметнува прашањето, со организациите од областа на воспитно-образовниот систем мора да се занимава и државата што значи тие не ќе можат да бидат оставени (како што е сега дефинирано претпријатието) како самостоен правен и економски субјект во права смисла на зборот. Денес во развиениот свет се знае дека за науката и знаењето се утврдени модели и врз основа на нив се пресметува учеството на науката, знаењето, сознанието, во создавањето на националното богатство (тие денес во развиениот свет учествуваат дури некаде со две третини). Ние мора во основа да појдеме од тој параметар и да се создадат критериуми каде ќе се утврдува колку науката и знаењето учествуваат во создавањето на националниот доход, па оттука инверзно да се постави прашањето, како сега општеството преку создадениот национален доход ќе учествува во неговото финансирање (со колкав процент од тој национален доход).

### 3. Утврдувањето цена на образованието - неминовност

Во земјите со развиено пазарно стопанство, кон што тежнее и нашата, материјалното втемелување на воспитно-образовниот систем се потпира врз државните институции и приватниот сектор. Притоа учеството на државата скоро без исклучок во сите земји зазема доминантно место, а заедно со приватната конкуренција во одделни делови на системот сочинуваат конзистентен и високо ефикасен систем на едукација на кадри од сите профили и струки и за сите степени на образование. Според тоа и Македонија треба да прибегне кон воспоставување сличен модел на образование и воспитување, кој се покажа како ефикасен и општествено оправдан.

Ако е така, се поставува прашањето каде е проблемот? Проблемот е во тоа што науката, образованието и целиот систем кај нас досега е класифициран во сферата на потрошувачката (тој е потрошувач). Бидејќи ако е некој потрошувач тој е товар (а како товар не се прифаќа), па аналогно на тоа и самиот воспитно-образовен процес и организациите

во него се сфаќаа како некој товар. Според тоа излезот или исходиштето треба да се бара пред сѐ во редефинирањето на оваа дејност, како производствено развоен ресурс, па притоа и неговото третирање во цената на општествениот производ како трошок, мора да добие соодветно место, како дејност која директно создава вредности (а не која троши вредности).

Денес, кога зборуваме за местото и улогата на воспитно-образовниот процес во новиот општествено-економски амбиент, неминовно се наметнува потреба да се утврдат стандарди во образованието кои ќе подлежат на барањата на пазарот, односно на пошироката општествена заедница. Како резултат на тоа мора да се утврди и цената на образованието што државата мора да ја признае како нужност во цената на општествената репродукција, бидејќи понатаму производството на кадри директно учествува во создавањето на општествените вредности. При утврдувањето на цената на образованието мора да се оди редуцирано.

- *Првиот дел* од воспитно-образовниот процес може да оди на целосна пазарна валоризација, но мора да се сфати дека тој дел ќе има најмало структурно учество во рамките на образовниот систем како целина.

- *Вториот дел* од воспитно-образовниот процес мора да оди комбинирано при што - дел ќе оди на пазарна валоризација, но добар дел од него ќе мора да биде финансиран комбинирано од државата (преку буџетот и другите институции што ќе бидат во функција на финансирање на воспитно-образовниот процес), со дел од стопанството кое ќе се јавува како побарувач на кадрите, кои понатаму ќе ги ангажира во производствениот процес и создавањето на вредностите.

-*Третиот дел* мора да го финансира државата преку формите што таа ќе ги определи (буџет, фондови) и тука во основа влегуваат научните дисциплини и струките кои имаат национално значење и кои во ниедна состојба не можат да подлежат на пазарна валоризација (историските науки, наставничките институции итн).

Образовните организации треба да се поврзат и со дел од научната и истражувачката работа, која нужно ќе биде ставена во функција на воспитно-образовниот процес, а дел од неа ќе биде и во апликацијата. Искуствата од финансирањето на универзитетите во другите земји покажуваат дека и тој дел се обезбедува преку сигурни извори (фондови) кои посредно или непосредно ги определува државата преку своите инструменти за финансирање на тој дел.

Научно-истражувачката работа сфатена во најширока смисла ќе се реализира така што воспитно-образовните институции ќе се јавуваат на конкурси пред разни институции (стопанството, политичките партии и други општествени организации итн.) и ќе изведуваат проекти врз пазарни услови, а резултатите од нив покрај останатото ќе бидат и во функција на подобрувањето на воспитно-образовниот процес и правилната едукација на кадрите. Само еден ваков интегрален модел на

образование и воспитание може да одговори на современите пазарни барања на кадри оспособени да се носат со проблемите на новото индустриско, постиндустриско а сега сè повеќе и информатичко општество.

## 4. Структурните промени во стопанството и промените во образовниот систем

Денес светот е несомнено детерминиран од сестраниот и интензивен научно-технички развој кој ги зафаќа сите сфери на човековото живеење, а особено неговиот развој. Динамиката на промените, особено во последните децении, е толку интензивна што историјата досега такво нешто не забележала. Ваквите промени доведоа до крупни структурни промени во стопанството но и во останатите сфери, така што сферата на образованието и науката од потрошувач се пресели во доменот на директна производна сила без која не може да се замисли прогресот. Традиционалните гранки особено оние од примарниот сектор постепено го намалуваат своето структурно учество, а го отстапуваат местото на новите производни гранки со супермодерна технологија и на услужните дејности. На повидок е еден нов период во развојот кој бара адекватно дефинирање и историско лоцирање на глобалните развојни процеси на светското стопанство. Новите развојни процеси доведуваат и до промени во структурата на побарувачката на работна сила што е логично за развиените пазарни стопанства. Тие промени во структурата на работната сила може да се илустрираат преку следните податоци:

ДВИЖЕЊЕ НА БРОЈОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО САД ПО СЕКТОРИ

| Сектор | 1800 год | 1950 год | 2000 год. |
|---|---|---|---|
| Примарен | 80-90% | 15% | 7% |
| Секундарен | 7% | 30% | 10% |
| Терцијарен | 10% | 55% | 80-90% |

Извор: Влијание на движењата во производството на стручното образовние, ВИПШ, Риека, 1962 год.

Слични тенденции се покажуваат и кај движењето на учеството на одделните области и гранки во развиените земји, што може да се види од наредниот дијаграм.

Со оглед на определбата на нашата земја за брз технолошки развој несомнено ќе дојде до вакви структурни промени и кај нас, па според тоа ќе настанат промени и во побарувачката на работната сила. Тоа имплицитно наложува и во сферата на образованието, кое оспособува кадри за потребите на општеството, будно да се следат овие промени и истите веднаш да се инкорпорираат во наставните програми и содржини,




бидејќи само така образовниот систем ќе може да егзистира во пазарен амбиент на работење. Промените, глобално, треба да се одвиваат во следниве правци:

- Намалување на учеството на примарниот сектор во создавањето на националното богатство, извозот, вработеноста и сл., а со тоа и побарувачката на работна сила од овие профили на образование;

- Секундарниот сектор ќе претрпи крупни структурни промени при што одредена динамика на развој ќе задржат технолошко-интензивните гранки, а ќе опаѓа учеството на технолошко-екстензивните и традиционалните гранки. Врз основа на ваквите промени треба да се планира и оспособувањето на кадрите.

Терцијарниот сектор ќе доживее просперитет и неговото учество во создавањето на општествениот производ, извозот и вработувањето натпросечно ќе се зголеми. Тоа значи дека во овој сектор ќе има и најголема побарувачка на работна сила.

Согласно ваквите трендови треба да се адаптира и воспитно-образовниот систем, кој ќе профилира квалитетни кадри, и по структура која ќе одговара на новите структурни промени во стопанството и општеството во целина.

### 5. Економиката на образованието како научна дисциплина

Во услови на инаугурација на моделот на пазарната економија, од особено значење се поставува и прашањето за економското образование на кадрите кои работат во воспитно-образовниот систем, бидејќи очевидно тие покрај со воспитно-образовната технологија, секојдневно ќе се соочуваат со економските аспекти, организацијата и управувањето

со образовниот систем. Со тие прашања, покрај останатите економски дисциплини, најдиректно се занимава Економиката на образованието, како посебна економска дисциплина. Таа во основа се занимава со економските аспекти на воспитанието и образованието и ги истражува и анализира појавите, процесите, движењата и економските законитости кои се манифестираат во оваа сфера.

Со цел да дадеме придонес во афирмирањето на оваа посебна дисциплина најнапред ќе се задржиме на искуствата во некои земји од изучувањето на економиката на образованието, а потоа ќе ги изнесеме резултатите од анкетата направена со дипломираните педагози кои ја имаат изучувано наставната содржина од овој предмет.

Што се однесува до странските искуства може да се заклучи дека на сите факултети кои образуваат наставнички кадри задолжително се изучува предметот Економија на образованието, а истиот е застапен и на економските факултети. Во добар дел на случаи оваа дисциплина е надополнета и со планирањето на кадрите и организацијата и управувањето на образованието. Поконкретно, искуствата во оваа сфера се следните:

Во Хрватска на Педагошките факултети се изучува педагошко-економска дисциплина под наслов "Планирање и економика на образованието, која има четири децении развој. На постдипломските студии на овие факултети се изучуваат две дисциплини и тоа: Образованието и стопанството и Истражување на образовните потреби и планирање на образованието.

Во оваа држава и на редовните студии на Економскиот факултет се изучува предметот Економика на образованието и културата, а на постдипломските студии се изучува предметот Економика на образованието.

Во Словенија, исто така, на Педагошките факултети се изучува предметот под наслов Економика и организација на образованието, а во оваа држава во изминатите децении се напишани бројни наслови за економските аспекти на образованието, планирањето во образованието, управувањето и организацијата на воспитно-образовниот систем и сл.

Во Бугарија,исто така е развиена оваа научна дисциплина при што покрај изучувањето на содржини од економската сфера на редовните студии на пеагошките факултети, се организираат и специјалистички студии од областа на економиката, организацијата и управувањето со образовниот систем. Така на пример, по завршувањето на четиригодишните студии педагозите кои ќе се определат за специјализација во оваа област, слушаат предавања со фонд од 520 часови и по полагањето на испитите стануваат специјалисти по економика, организација и управување со образованието.

Во Франција, се изучува предметот Економија на образованието кој има долга традиција и спаѓа во развиените економски дисциплини. Предметот се изучува според учебникот на проф. Pierre Gravot "Economie de l' education", издаден во Париз 1993 година, кој според напатствијата е усвоен за учебник според кој се подготвува испитот во цела Франција.

Инаку овој професор раководи и со лабораторијата за економика на образованието при Центарот за економски истражувања на Франција во Париз, кој досега има вршено бројни истражувања на полето на економиката на образовниот систем.

И во Англија проблемот на економиката на образованието е одамна присутен, може да се рече дека тој е поврзан уште со учењето на Адам Смит (1723-1790) кој прв докажал дека основниот покренувач на стопанската активност и стопанскиот развој е образованието, а се развива и доградува до денес. Предметот кој денес се изучува се вика Економика на образованието, а се изучува на бројни високообразовни институции од економската и педагошката дејност. И во оваа земја постојат бројни трудови, учебници и публикации со тема економика на образованието, а под тој наслов се издаваат и разни стручни списанија и ревии.

И во останатите европски земји, но и во Северна и Јужна Америка, економското образование е застапено на сите високообразовни институции кои едуцираат кадри за воспитно-образовниот систем. Предмет Економика на образованието се изучува и на економските факултети.

Искуствата во Република Македонија по прашањето на економското образование на воспитно-образовните кадри се сосема нови. Имено, на Институтот за педагогија сè до учебната 1990/91 година предметот Економика на образованието е во групата на изборни предмети, додека на останатите високо-образовни инчституции кои образуваат кадри за образовниот систем како и на педагошките академии тој предмет воопшто не е застапен.

Меѓутоа, следејќи ги новите тенденции како во сферата на образованието и воспитанието, така и во сферата на економските односи во земјата, изграден е став за измени на наставниот план и програма, при што предметот Економика на образованието од изборен станува редовен предмет на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје. Оттогаш наставата ја слушаат три генерации на педагози, што претставува можност за согледување на искуствата од воведувањето на оваа дисциплина на овој Институт. За таа цел е спроведена анонимна анкета со 53 дипломирани педагози кои го полагале предметот Економика на образованието, кои одговориле на 10 поставени прашања во врска со сите аспекти на предметот.

## 6. Економското образование на педагошките кадри

Со оглед на краткото искуство од воведувањето на предметот Економика на образованието на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје, од учебната 1990/91 година и во 1994 година е спроведена анонимна анкета со дипломираните педагози кои со успех го имаат положено испитот.

Минатата година со анкетата се опфатени вкупно 23 дипломирани педагози, а во 1994 година 31 педагог.

На мислење сме дека бројката од вкупно 54 испитаници е релативно добра за извлекување релевантни заклучоци во врска со содржините кои се изучуваат од предметот Економика на образованието како нова наставна дисциплина, како и за евентуалните иновирања на истите согласно новите трендови кои настануваат во сферата на образованието и воспитанието.

Инаку на сите испитаници им се поставени по 10 прашања во анонимен анкетен лист, кои според наше мислење се најзначајни за осознавањето на сите релевантни прашања сврзани со предметот

По обработката на материјалот од оваа анкета се добиени следните резултати:

1. На поставеното прашање дали предметот Економика на образованието и содржините кои се изучуваат преку истиот се актуелни за дипломираните педагози во денешните услови на воведување на пазарната економија 93,4% од анкетираните одговориле позитивно т.е. дека содржините кои се изучуваат се актуелни и неопходни за нивното успешно вклучување во воспитно-образовните институции во Републикава. Дека содржините не се актуелни со оглед на нивната професија одговориле само 3,22% од анкетираните, а исто толку 3,22% се произнеле дека немаат став по ова прашање.

На истото прашање минатата година 95,6о% од испитаниците чија бројка беше 23 дипломирани педагози, одговориле позитивно, 4,4% се произнеле дека содржините не се актуелни, а ниту еден анкетиран не бил без став по ова прашање.

Графички овие резултати се претставени на следниот начин:






Од резултатите може да се забележи дека бројот на дипломираните педагози анкетирани во 1994 година кои содржините од предметот Економика на образованието ги оцениле како актуелни е зголемен за 2% во однос на претходната година, што е позитивен тренд, а оние кои ги оцениле содржините како неактуелни е намален од 4,4% на 3,2%, што е исто така позитивно.

Од дополнителните разговори што ги водевме со испитаниците, особено со оние кои дипломирале пред 3 години, е сугерирана идеја дека содржините од економската област треба уште повеќе да бидат застапени, а за педагозите кои не го полагале предметот Економика на образованието да биде организирана дополнителна настава како би се здобиле со неопходните знаења од оваа актуелна материја.

Исто така е сугерирана и потребата од воведување содржини од областа на Економиката и на постдипломските студии кои се организираат за кадрите од областа на педагогијата.

2. Следниот проблем се однесуваше на содржините од наставната програма по предметот Економика на образованието, при што испитаниците одговориле на три прашања и тоа: На првото прашање, кое се однесува на оценката за застапеноста на содржините дури 86,96,% се произнеле дека тие се доволни во оваа фаза. Ниту еден од анкетираните не одговорил дека содржините не се доволни, а само 13,04% одговориле дека тие се само делумно доволни.

За разлика од резултатите од првата анкета овој пат се забележува зголемување на бројот на испитаниците кои сметале дека содржините во наставната програма се доволни (од 70,96% на 86,96%), а опаднал бројот на оние кои мислеле дека содржините се само делумно доволни (од 22,58% на 13,04%).

Графички овие резултати можат да се претставаат на следниов начин:






3. На поставеното прашање да се даде одговор за тоа кои содржини во наставната програма не се добро застапени и со нив треба да се надополни, анкетираните посочиле 6 нови тематски содржини и тоа: организација на образованието; планирањето на образованието; светски искуства од оваа област со посебен осврт на земјите со развиени пазарни стопанства; корелацијата образование-стопански развој и успехот на стопанството во зависност од образовниот систем и сл.

За разлика од оваа анкета, испитаниците од минатата година посочиле само три тематски содржини со кои треба да се прошири наставната програма и тоа; организација и управување со образованието; планирањето на образованието и кадрите и икуствата од другите земји. Податоците покажуваат дека скоро се идентични мислењата на анкетираните во двете години по првите три групи тематски содржини, со тоа што анкетираните во оваа година ги пришируваат тие прашања со уште три нови содржини.

Резултатите од двете анкети недвосмислено упатуваат на заклучок дека кај дипломираните педагози кои го полагале предметот Економика на образованието, имаат изградено конкретни ставови кон наставната програма, особено кон новите содржини кои би им биле од полза за нивната натамошна работа.

4. Со оглед на фактот што еден од основните услови за совладување на наставните содржини е располагањето со доволна и соодветна литература, на анкетираните им се поставени и прашање за располагањето со адекватна литература. Дека има доволно литература за овој предмет се произнеле 67,74% од анкетираните, а останатите 32,26% се произнеле дека има само делумно од потребната литература. Ниту еден од анкетираните не се произнел дека нема воопшто литература по овој предмет. Интересно е дека во однос на минатата година се намалил бројот на оние кои сметале дека има доволно литература (од 73,91% на 67,74%), што упатува на заклучокот дека студентите покажуваат проширен интерес кон оваа материја и постојниот учебник не ги задволува нивните потреби.

Графички овие резултати се претставени на следниот начин;



5. Со оглед на фактот што за прв пат се изучуваат ексномски содржини од педагози, нужно е да се види ставот на дипломираните педагози на прашањето како тие ги совладуваат економските содржини. Од одговорите на овие прашања се добиени следните резултати: 51,61% одговориле дека успешно ги совладале овие содржини, 22,58% одговориле дека тешко ги совладале, а 25,58% одговориле дека немаат став по ова прашање. Интересно е дека и минатата година се добиени слични одовори на овие прашања, Имено 52,17% одговориле дека добро ги совладале содржините, 21,73% дека тешко ги совладале, а 26,08% немале став кон ова прашање.

Графички овие резултати може да се претстават на следниов начин:







6. Во врска со оценката за квалитетот на предавањата по овој предмет испитаниците се произнеле на следниот начин: 51,61% ги оцениле како многу добри, 35,48% како добри а 12,90% немаат став. Сличен став испитаниците изнеле и минатата година кога 47,82% од нив предавањата ги оцениле како многу добри, 39,13% како добри, а 13% немале став кон ова прашање.

Графички овие резултати можеме да ги прикажеме на следниов начин:







7. Исто така на анкетираните им е поставено и прашањето дали им се потребни и вежби по овој предмет. Позитивно на ова прашање одговориле 38,70% т.е. дека има потреба од вежби; 19,35% одговориле дека не гледаат потреба од вежби, а дури 41,93% немаат став по ова прашање.

Графички овие резултати се прикажани на следниов начин:







8. На прашањето дали сметаат дека на Република Македонија ѝ се потребни кадри од педагошката област со проширени знаења од областа на економската наука, испитаниците ги дале следните одговори: 87,09% одговориле позитивно, т.е. дека такви кадри се потребни, 12,90% не размислувале на оваа тема, а ниту еден анкетиран не одговорил негативно на ова прашање. Минатата година по ова прашање 82,60% одговориле позитивно, 17,39% немале став, а ниту еден не дал негативен одговор. Укажувањата одат на тоа дека треба да се оспособуваат специјалисти и магистри со знаења од областа на економијата кои ќе ја унапредуваат економската положба на образованието, организацијата и управувањето, стандардот и сл.

Графички резултатите се прикажани вака:







9. Што се однесува до оценката за наставникот по предметот Економика на образованието, која е побарана од анкетираните (анкетата е анонимна), 83,87% од нив го оцениле како многу успешен, 12,90% како успешен, 3,22% немаат став кон ова прашање, а ниту еден од

анкетираните не го оценил како неуспешен. Одговорите по ова прашање од минатогодишната анекта се следните: 78,26% од анкетираните го оцениле наставникот како многу успешен, 17,39% како успешен, 4,34% немале став, а ниту еден од анкетираните не го оценил наставникот како неуспешен.

Графички овие резултати изгледаат вака:




ЛИТЕРАТУРА

1. D-r Dragomir Vojnić, "Aktuelni problemi sistema društvene reprodukcije", Informator, Zagreb, 1982.

2. Д-р Никола Кљусев, "Меѓународниот трансфер на технологијата и земјите во развој", Комунист, Скопје, 1987.

3. Д-р Никола Кљусев, "Информацијата како развоен ресурс и економскиот предизвик", МАНУ, Скопје, 1980.

4. D-r Antun Petak, "Osnove razvoja znanstvene delatnosti u SFRJ", Institut za društvena istraživanja, Zagreb, 1986.

5. Д-р Цветко Смилевски, "Интеракцијата на трансферот на знаењата и технолошкиот развој", Просветно дело, 4/89, Скопје.

6. Д-р Никола Петров, "Новите тенденции во воспитанието и образованието и нивното влијание врз поставувањето нова концепција за реформа на воспитно-образовниот систем", Просветно дело-3/91, Скопје.

7. Д-р Трајан Гоцевски, "Стопанскиот развој и одбраната", НИО "Студентски збор", Скопје, 1988.

8. Д-р Трајан Гоцевски, "Технолошката зависнот и задачите на воспитно-образовниот процес, Педагошкото творештво во функција на научниот и технолошкиот развој", Сојуз на педагошките друштва, Скопје, 1990.

9. Д-р Златка Поповска, "Технолошкиот развој на Македонија", Македонска книга, Скопје, 1991.

10. Д-р Владимир Петковски, "Знаењето и новите технологии", Комунист, Скопје, 1989.

11. Alain Fouraine, "Postindustrisko društvo", Globus, Zagreb, 1980.

12. John Naisbitt, "Magatrendovi", Globus, Zagreb, 1985.

Trajan GOCEVSKI

**MARKET ECONOMY AND ECONOMIC EDUCATION OF THE TEACHING STAFF**

**(Summary)**

Giving emphasis to the significance of non-material factors of development, the author of this study attempts to evaluate economic education of the teaching staff in market economy.

Analyzing the inhereted structure in the field of education in the Republic of Macedonia, the author gives an account of the infrastructure, of the social status, the place and the staff in the current stage of development.

The author offers a model for establisning a market price of education based upon the existing market principles of economy according to the Constitution of the Republic of Macedonia. Furtner on, he analyzis structural changes in economy that affect the educational system.

Through analysys of common experiences from Croatia, Slovenia, Bulgaria, France and England, the author gives his own views on the economy of education as a scholarly discipline at the Faculty of Philosophy in Skopje, suggesting its future course and place in education programmes and curriculums.

Билјана ВАНКОВСКА-ЦВЕТКОВСКА

# МЕЃУНАРОДНО-ПРАВНИТЕ ОСНОВИ НА СИСТЕМОТ НА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Фактот што современите држави не опстојуваат во некаков политички вакуум, туку во одредена констелација на односите кои влаадеат во меѓународната заедница, ги принудува да ги прифатат и да им се покоруваат на законитостите на заедничкото живеење. Во оваа смисла, уште повеќе влијае и нивното формално членување во ООН, како универзална светска организација, во која се креира посебен меѓународно-правен поредок. Правните норми што ги содржи овој поредок претставуваат задолжителни правила на поведение во меѓународните односи, кои ги обврзуваат државите - членки на ОН (а понекогаш и оние што не се членки). За нивното непочитување се предвидени одредени санкции кои за жал, повеќе имаат политичка отколку правна тежина. Во секој случај, државата која на сака да биде изолирана и бојкотирана во меѓународната заедница, мора да се придржува до правните начела, принципи и правила на однесување содржани (првенствено) во Повелбата на ОН, како и во другите меѓународно-правни акти.

Во овој контекст, се поставува прашањето за односот меѓу меѓнародното и внатрешното (државно) право, односно за степенот на усогласеност на внатрешниот позитивно-правен систем со нормите (актите) на меѓународното право.[1)]

Уставот на Република Македонија најначелно го решава овој проблем, кога во редот на темелните вредности на уставниот поредок (член 8) го вбројува и "почитувањето на општоприфатените норми на меѓународното право". Овој став треба да се сфати како акцептирање и почитување не само на нормите од договорен карактер, туку и на обичајните норми и општоприфатените начела на правото, на кои се темели, односно извира меѓународното право. Ако се земе предвид и уставната одредба според која "меѓународните договори се дел од

1) По ова прашање во теоријата се развиле две спротиставени стојалишта: монистичко и дуалистичко. Според првото, приматот му припаѓа на меѓународното право, додека второто ја застапува тезата дека меѓународното и внатрешното право претставуваат одделни правни гранки, кои регулираат сосема различни области. За ова пошироко кај: П. Манговски, "Меѓународното јавно право", Култура, Скопје, 1983 год. стр. 13-15; С. Аврамов - М. Крећа, "Међународно јавно право", Научна књига, Белград, 1990 год. стр. 25-30.

внатрешниот правен поредок, и не можат да се менуваат со закон" (член 118), станува јасна интенцијата внатрешното право да се усогласи со меѓународните норми кои по пат на ратификација се инкорпорираат во нашето позитивно право. На тој начин се обезбедува не само почитувањето, туку и приматот на нормите на меѓународното право.

Кога станува збор за меѓународно-правните основи на системот на одбраната на Република Македонија, всушност, се поставува прашањето за согласноста на внатрешните правни норми кои го сочинуваат одбранбеното право со нормите на меѓународното и посебно на меѓународното воено право. Во одговорот на ова прашање, логично е да се појде од суштинските определби на основниот извор на меѓународното право Повелбата на ОН. Според неа, основна цел на постоењето и функционирањето на Организацијата (чии член е и Република Македонија) е запазувањето на меѓународниот мир и безбедност (член 1 од Повелбата).

Со Повелбата на ОН, за прв пат во човековата историја, не само што е забранета војната, туку и заканата за употреба на сила. Меѓутоа реалитетот на современите меѓународни однос укажува дека сé уште е далеку времето кога воените средства и притисоци ќе се елиминираат од политичката сцена на глобален, светски план. Затоа, паралелно со осудата и забраната на напаѓачката војна (агресијата), Повелбата го прокламира и гарантира природното право на одбрана на секоја држава (член 51). Поаѓајки од неделивоста на светскиот мир и безбедност, всушност, се смета дека преземањето конкретни мерки во функција на обезбедување на сопствената безбедност и слобода, истовремено претставува придонес во настојувањата да се одржи светскиот мир.[2)]

Политичката определба во однос на карактерот на војната која евентуално би ја водела Република Македонија, иако не е децидно искажана во Уставот и Законот за одбрана, јасно произлегува од духот на одрадбите содржани во овие прописи. Така, функцијата на системот на одбрана, и особено на вооружените сили, се гледа во штитењето на територијалниот интегритет и независноста на Републиката (член 122 од Уставот на РМ и член 1 од Законот за одбрана). На ова се надоврзува и ставот за забрана на дејствување на оние здруженија на граѓани и политички партии кое, меѓу другото, е насочено кон поттикнување или повикување на воена агресија (член 20 став 3 од Уставот на РМ). Слична интенција има и одрадбата според која се забрануваат воени или полувоени здруженија што не им припаѓаат на вооружените сили на РМ (член 20 став 4 од Уставот на РМ). Со тоа, фактички, Република Македонија како држава, ја презема врз себе одговорноста да го монополизира правото на организирање и употреба на воената сила, во

---

2) Може да се каже дека Повелбата правото на самоодбрана во членот 51 само го реафирмира, но од фактот што војната е осудена, неговата судбина не се врзува само за државата која се брани, туку создава претпоставка дека тоа индивидуално право на државата е истовремено и работа на целата меѓународна заедница" (Г. Перазић "Уставнополитички и међународноправни статус одбране и оружаних снага", ВИЗ, Београд, 1976 год., стр. 155

согласност со меѓународните норми. Таа е единствениот и врховен политички субјект кој не само што ја воспоставува и одржува армијата, туку и ја елиминира можноста од постоење и дејствување на приватни или пара-војски на својата државна триторија.

Свртеноста на вооружените сили, како и на целиот одбранбен систем кон обезбедување на сопствената слобода и независноста, недвосмислено ја вбројува Република Македонија во редот на мирољубивите земји. Меѓутоа ова може да се посматра и низ еден друг аспект: дали на воздржувањето и откажувањето од употреба на сила во меѓународните односи и на мирољубивата политика, може да се гледа како на придонес во напорите на меѓународната заедница да го обезбеди светскиот мир и безбедност? Како рамноправна членка на ООН, Република Македонија не смее да биде само нејзин пасивен субјект односно консумент на погодностите на системот на колективна безбедност. Во рамките на овој систем, таа мора да биде активен носител не само на правата, туку и на обврските што произлегуваат од нејзиното членство. Во таа смисла, евидентно е отсуството на било каква правна основа за извршување на меѓународните обврски од страна на АРМ, а кои во врска со колективната безбедност може да ѝ бидат наметнати на македонската држава. Внесувањето одредби од овој вид би влијаело изградбата, организирањето и подготвувањето на АРМ да се одвива синхронизирано и во склад со меѓународните трендови. Ова е од посебно значење ако се знае дека Републикава настојува рамноправно да се вклучи во безбедносните системи на ОЕБС и НАТО (во прво време посредно, во рамките на акцијата "Партнерство за мир").[3)]

Во овој контекст, може да се посочи и начинот на уставното дефинирање на условите под кои Република Македонија може да се најде во воена состојба: "кога претстои непосредна воена опасност од напад врз Републиката или кога Републиката е нападната или ѝ е објавена војна" (член 124 став 1 од Уставот на РМ). Од ова јасно произлегува дека Република Македонија може да прогласи воена состојба или да се најде во вооружен судир само доколку биде однадвор загрозена , односно биде жртва на агресија. Со други зборови, таа единствено може да води одбранбена војна, која е дозволена и со меѓународното право. Иако, начелно во духот на меѓународното право, на оваа уставна определба можат да ѝ се упатат и сериозни забелешки. Имено, анализата покажува дека се работи за три ситуации во кои надлежниот државен орган (Собранието) може да прогласи воена состојба. Познавањето и прецизирањето на тие ситуации е подеднакво значајно и од меѓународно-правен и од внатрешно-правен аспект. Најдискутабилна, се чини, е првата ситуација: кога претстои непосредна воена опасност од напад. Во овој

---

3) Во Република Македонија е посебно индикативно тоа што и во поширокага, и научната јавност, се гаат големи очекувања во врска со ефикасноста на колективната безбедност во однос на одржувањето на мирот и независноста на нашата држава. Во таа смисла, можат да се посочат следните автори: Т. Гоцевски, "Колективната безбедност и одбраната на Македонија", Просвета, Куманово 1993 год.: С. Димишковски, "Војна, војска и политика", Глобус, Скопје, 1994 год.

контекст е битно да се нагласи потребата од разграничување на институтот "непосредна воена опасност" од " војна", односно претстојниот (imminent) напад врз актуелниот (actual). По ова прашање, меѓународното право е децидно: правото на самоодбрана може да се користи само во случај на стварен напад, додека преуранетата (anticipatory) одбрана не е дозволена, бидејќи "на мала врата" би довела до легализирање на т.н. превентивни војни.[4)]

Од друга страна институтот непосредна воена опасност, како основа за прогласување воена состојба во државата, има поголемо значење за внатрешниот правен поредок, бидејќи секоја земја предвидува различни мерки и активности во функцијата на премин од мирновременски во воени услови на живот и работа. Точно е дека постојат низа устави во светот кои непосредната воена опасност ја наведуваат како една од околностите под кои може да се прогласи воена состојба. Меѓутоа, проблемот е во тоа што кога станува збор за другите такви околности (како "во случај на војна", "извршен напад", "агресија на земјата" и слично), ситуацијата е појасна; околноста "непосредна вена опасност" доколку не е прецизно уставно-правно дефинирана, може да се покаже многу неодредена, па и двосмислена. Имено, прогласената воена состојба во земјата врши значајна трансформација на општествениот и политичкиот систем. Во државата најголеми промени настануваат во вид на пренасочување на тековите на економскиот и политичкиот живот, преструктуирање на политичкиот (државен) апарат, замрзнување на извесни слободи и права на граѓаните. Од тие причини, попрецизното определување на состојбата на непосредната воена опасност би претставувало брана и гаранција на автономијата на цивилното општество и на сферата на човековите слободи и права од евентуално самоволие на носителите на политичката власт.

Македонскиот Устав, не само што не ја познава категоријата непосредна воена опасност, туку содржи една несреќна формулација според која дури и непосредната воена опасност (од напад!!!)[5)] не е актуелна, туку само "претстои". Оваа ситуација, Законот за одбрана (член 14) само ја усложнува со тоа што зборува за непосредна воена опасност, но начин кој е во спротивност со уставната одредба (од член 124 став 1). Во контекст на определувањето на надлежноста на Собранието на Републиката во областа на одбраната, Законот зборува за непосредна воена опасност (која Собранието ја утврдува), но како за една од одбранбените мерки, а не како за основа за прогласување на воена состојба. Според него Собранието прогласува воена состојба (само) кога Републиката е нападната или ѝ е објавена војна.

Како трета можност во Република Македонија да се прогласи воена состојба се наведува објавувањето на војна од друга држава. Иако е неспорно дека чинот на претходна објава на војна претставува основа за прогласување на воена состојба во земјата на која ѝ е упатена,

---

5) Кога е во прашање воена опасност, логично е дека се работи за потенцијален напад.

уставотворците како да заборавиле дека се работи за веќе одамна заборавена практика од аспект на современите војни. Меѓународно-правната регулатива на овој начин е содржана во Конвенцијата за отпочнување на непријателствата донесена на Втората хашка конференција од далечната 1907 година. Нејзината интенција била да ги натера земјите потписнички на договорот да не започнуваат со непријателствата пред недвосмисленото и образложено објавување на војната. Овие одредби никогаш не биле целосно почитувани (од воени причини), но до нивно најмасовно кршење дошло во текот на Втората светска војна. Остварливоста на овие правила денес, во услови на важење на Повелбата која дефинитивно ја забранува војната како најголемо злосторство, не само што е доведено во прашање, туку се чини дека и не е можна. Апсурдно е да се очекува некоја држава со отвореното објавување на војна себеси да се прикаже како агресор, и да се изложи на целосна меѓународна осуда.[6)]

Во рамките на генералното право на самоодбрана на државата загарантирано со Повелбата на ОН, секоја држава е слободна во изборот на начините и модалитетите на организирање и подготвување на општеството за одбрана, согласно сопствените воени потреби и можности. Меѓутоа, оваа слобода на изборот е, секако, лимитирана во однос на потпирање само на законските средства и методи на војување, кои се во склад со нормите на меѓународното воено право. Тоа произлегува од фактот што без уважување на овие критериуми, и политички праведниот а правно законитиот вид на вооружена одбрана може да се претвори во своја спротивност, во правно недозволен облик на употреба на воената сила во меѓународните односи.

Во оваа смисла, особено е важно државата да го обезбеди и гарантира почитувањето на нормите на меѓународното воено право од страна на сопствените вооружени сили. Оваа нужност произлегува од фактот што во случај на војна, тие се најнепосредно во ситуација да ги почитуваат или кршат меѓународно-правните правила, кои се однесуваат на начините на водење на воените операции, како и на заштитата и хуманиот однос кон лицата зафатени со воениот судир. Во оваа смисла, вообичаено секоја земја која се обврзала со нормите на меѓународното право е должна да ја гарантира нивната примена со сите механизми на правната држава, а особено со санкционирање на нивната повреда во контекст на кривичното право. Кај нас тој пристап се обезбедува со одредбите на кривичното законодавство.

Од друга страна, постои општо прифатена практика на изработка на посебни правилници, упатства или слични внатрешни акти за примена и почитување на овие норми во рамките на вооружените сили. Покрај тоа, оваа материја претставува и дел од програмата на војничката настава во единиците на армијата, со што се обезбедува запознавање на поширокиот армиски состав со суштината и значењето на овие правила.

---

6) За ова пошироко кај: Г. Перазиħ, "Међународно ратно право", ВИЗ, Београд, 1986 год. стр. 90 до 96

Што се однесува на ова прашање во Република Македонија, може да се укаже на два основни недостатоци. Посуштествениот недостаток се состои во фактот што никаде во Законот за одбрана на се споменуваат обврските на припадниците на АРМ во однос на почитувањето на правилата на меѓународното хуманитарно и воено право.[7)]

Вториот недостаток се огледа во тоа што за припадниците на АРМ сеуште не е изготвен посебен правилник или упатство за примена и почитување на меѓународното воено право. Со оглед на тоа што станува збор за формално-правни недостатоци, треба да се настојува тие што побргу да се отстранат.

Од аспект на меѓународно-правната заснованост на одредбите на одбранбеното право на Република Македонија, како и на целиот систем на одбрана, посебен интерес предизвикува уставната одредба според која се забранува признавање на окупација на Република Македонија или на нејзин дел (член 123). Имено, парадоксот се состои во тоа што од една страна окупацијата претставува категорија (односно состојба) регулирана со еден сплет на правила од меѓународен карактер, а важечката уставна одредба претставува нејзина негација. Непротивречноста меѓу меѓународните и внатрешните прописи на Република Македонија се должи на тоа што тие суштински се поклопуваат, односно се дадени со една иста намера и во еден ист дух. Во нормите со кои се регулира состојбата на окупација на една територија (Хашкиот правилник од 1907 година) е содржана интенцијата не таа да се прифати или озакони, туку да се обезбеди максимална заштита на населението и материјалните добра на тоа подрачје. Во ниту еден момент не се оди на тоа на окупационата власт да ѝ се обезбеди легалитет или легитимитет, окупацијата и според меѓународното право претставува фактичка (а не правна) состојба, која е од привремен и минлив карактер, и која не повлекува пренос на државниот суверенитет врз окупаторската власт. Гарантирајќи го правото на самоодбрана на државата и воспоставувајќи го системот на колективна безбедност, и меѓународното право настојува да ги елиминира појавите на агресија, како и на воспоставувањето окупаторска власт. Затоа не може да се каже дека уставната одбрана за забрана на окупацијата е во нешто спротивна на нормите на меѓународното право.

Сепак, вистинското значење на уставната одредба за забраната на окупацијата не може да се согледа преку нејзиното соочување со нормите на меѓународното право; напротив, таа не е случајно предвидена, бидејќи претпоставува низа правни реперкусии во однос на одбранбениот систем на Република Македонија, кој согласно оваа определба треба да се организира на начин кој ќе обезбеди континуирано дејствување и

7) За илустрација може да се направи споредба со поранешниот сојузен закон за ОНО кој во член 93 вели: "Припадниците на вооружените сили при изведувањето на борбените дејствија се придржуваат секогаш и под сите околности кон правилата на меѓународното воено право за хумана постапка со ранетиот и заробениот непријател и за заштита на населението и кон другите правила на тоа право, во согласност со Уставот и законот".

функционирање во сите (па и крајно неповолни) воени услови. Обезбедувањето континуиран вооружен и невооружен општествен отпор во случај на војна, претставува фактичка негација на окупацијата. Нејзината правна негација, подигната на ранг на уставна норма, се врши во време на мир, и го претставува полесниот дел од задачата. Меѓутоа, останувањето само на ниво на уставна прокламација, која не е операционализирана и преточена низ правните прописи со помала правна сила (законските и подзаконските општи акти) на може да биде релевантен фактор со влијание во случај на актуелен воен судир. Оваа уставна одредба (не) посредно упатува на постоење јасен став по ова прашање во одбранбената доктрина, но и обврзува со својата правна сила на натамошно разработување на најоптимален начин кој ќе овозможи нејзино реализирање во случај на потреба. Ако тоа изостане, оваа одредба се лишува од суштината и се сведува на обична парола, без стварно или правно дејство.

Во однос на меѓународно-правните односи на системот на одбрана на Република Македонија, може да се констатира дека се јасно видливи и препознатливи во внатрешните норми кои ја чинат правната основа на овој систем. Во оваа смисла, начинот на кој е воспоставен и организиран одбранбениот систем во основа не противречи на нормите на меѓународното право, ниту во формална ниту во суштинска смисла. Меѓутоа отстранувањето на недостатоците кои се (исто така) евидентни би придонело не само во поглед на неговата поголема усогласеност, туку и целосна компатибилност со важечките норми и механизмите на меѓународниот политички и правен поредок. Ова за Република Македонија е од голема важност кога се знае дека таа своето активно вклучување во светскиот и регионалните системи на колективна безбедност го смета за трет столб на својата одбрана.

Biljana VANKOVSKA-CVETKOVSKA

## THE INTERNATIONAL-LEGAL FUNDAMENTS OF DEFENSE SYSTEM OF REPUBLIC OF MACEDONIA

(Summary)

The system of defense of every state is based on the their right of individual self-defense, according their proper needs and possibilities. The fact that the states are the members of the international sommunity, entails some obligations to respect the norms of the international law. In that sense, this work makes efforts to illuminate international-legal fundaments of defense system of Republic of Macedonia. The general conclusion of this work is that although this system, in the process of its legal establishing, has mostly respected the main principles and rules of the international law, nevertheless some omissions and defects remain and they are signified there. Their elimination is conditio sine qua non for complementarity of Macedonian's defense system with the universal system of collective security.

Митко КОТОВЧЕВСКИ

# УТВРДУВАЊЕ НА МОДЕЛОТ НА ПРОГНОЗА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО РИДСКО-ПЛАНИНСКИТЕ И ПОГРАНИЧНИТЕ ПОДРАЧЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Демографските проблеми во современиот свет добиваат сè повеќе на својата актуелност не само во научните истражувања туку и во политиката на многу држави.

Непрекинато се зголемуваат сознанијата на значењето на демографскиот фактор во економскиот и социјалниот развој на современите воени односно одбранбени концепции. Исто така, демографските компоненти имаат влијание на поширок општествен план - во сферата на образованието, зравството и социјалното осигурување, урбаното и просторното уредување и слично, односно претставуваат предмет на преокупација и на значајни меѓународни организации и научни институции.

Од тие причини демографската политика на една земја не може да се води изолирано, одделно од развојната и социјалната стратегија, туку напротив треба да претставува нејзин интегрален дел.

Покрај глобалните демографски студии, оценки, прогнози и слично, за практиката се мошне значајни и проучувањата од демографски аспект, односно од согледувањата на состојбите и проблемите на демографските елементи во просторот. Демографските проучувања на ридско-планинските и пограничните подрачја во нашето истражување, во голема мерка ја прошируваат примената на оваа научна дисциплина и во сферата на одбраната.

Тоа значи релевантните демографски показатели да се анализираат преку поважните просторни детерминанти, односно согледување на функцијата на човекот во просторот. Структурните промени на населението можат да се проучуваат за целиот простор или за одделни региони и подрачја, меѓутоа, мошне се значајни истражувањата на таквите промени во однос на мрежата на населби, според орографските услови (што претставуваат суштина на предметот на нашето истражување), во гравитациските сфери на централните места во однос на сообраќајната мрежа, во споредба со аграрните површини и друго, што во основа претставуваат просторни детерминанти. Ваквиот

метод во демографските проучувања има исклучително значење како за економското и просторното планирање така и за планирањето и подготовките на севкупниот одбранбено-заштитен систем на земјата.

Просторните детерминанти се јавуваат како значаен фактор за состојбите на демографскиот развој во нашата држава, по која јасно се издиференцирани како економски така и природни макро, мезорегиони и микрорегиони со различни специфичности, што му даваат свој печат на демографскиот развој. Просторните детерминанти укажуваат зошто се јавуваат различни проблеми во динамиката на популацијата и нејзините структурни промени, па според тоа и насочуваат како покомплексно да се решаваат проблемите. Нивното проучување како еден од побитните фактори, демографските истражувања ги прават покомплексни и апликативни, што треба да претставува значајна компонента во нашето истражување на демографските карактеристики на ридско-планинските и пограничните подрачја на Република Македонија за нивното планирање и подготвување за водење одбранбена војна. Со подготвувањето и вклучувањето на ридско-планинскиот простор во одбранбената војна се остварува стратегиската определба на нашата земја за вклучување на целокупниот простор како значајна константна големина.

Во стратегијата на стопанскиот развој, т.е. во изворот на приоритетните цели на економската политика на земјата ридско-планинското земјиште зазема многу значајно место, бидејќи од обемот и интензитетот на неговиот севкупен, а посебно економски развој ќе зависи и севкупниот развој на економиката на земјата. Интересот за развојот на овие подрачја во голем број земји во светот е огромен, бидејќи тие заземаат голем простор во одделните континенти и земји што претставува и негова значајна меѓународна детерминанта.

Основното обележје на активностите за развој на овие подрачја во голем број земји во светот претставува формулирањето и апликацијата на концепцијата за специјалните планински зони како институционален облик на побрзиот развој на ридско-планинските региони. За протагонист на оваа концепција се смета францускиот професор Франсоа Перу. Француските автори посебно го подвлекуваат регионалниот карактер на економскиот простор, разли-кувајќи три типови: хомогени, поларни и програмски или плански простори. Просторот може да носи карактеристика на нагласена униформност, тој тогаш е хомоген. Регионот може да се изучува и од стојалиште на повеќе или помалку подвлечен степен на кохезија, т.е. од релативната меѓузависност на неговите различни делови, тој е повеќе или помалку поларизиран. Регионот може да се разгледува и од стојалиште на целта која сака да се постигне, поаѓајќи од програмата што е прифатена, тоа претставува програмски или плански регион.

Регионот ќе добие поизразена индивидуална афирмација и полесно ќе ја оствари својата задача таму каде што се потпира врз чувствата на

етничката заедница создадени низ заедничката историја и од географската конфигурација на земјиштето. За успешно остварување на регионалната политика се потребни национални рамки на регионалното планирање.

Во рамките на овие општи сознанија на меѓународни релации се движат и активностите во нашата земја, потенцирани од фактот дека апсолутното и релативното заостанување на севкупниот развој на ридско-планинските подрачја во однос на рамничарските започнува сé поинтензивно да го загрозува економскиот раст на земјата во целина. Силен (но не и целосен) импулс во разрешувањето на проблемите во тој поглед дава и реализацијата на концепцијата на одбраната преку реализацијата на Макропроектите 1, 2 и 3.

Ридско-планинските и пограничните подрачја претставуваат значајна и интересна област за концепцијата на одбраната, бидејќи опфаќаат широк економски, географски, социјален и друг простор со кој се обезбедува зачувувањето на човечкиот фактор и одржување на борбената и економската активност во услови на одбранбена војна. Во ридско-планинските подрачја уште поизразено се исполуваат сите предности на нашиот простор значајни за успешно водење и остварување на целите на одбранбената војна.

Бидејќи овие подрачја во услови на одбранбена војна ќе претставуваат погодна рамка за одржување и јакнење на борбените потенцијали, т.е. значајна основа за пополнување на вооружените сили и другите субјекти на системот на одбраната, се зголемува потребата за непрекинато истражување на тенденциите во движењата на демографскиот фактор и утврдувањето на трендот со кој успешно и апроксимативно може да се врши екстраполација до годината до која се врши прогнозирање.

Значењето на утврдувањето на трендот (моделот) за прогноза на движењето на демографските потенцијали (посебно во ридско-планинските подрачја) произлегува и од значајната стратегиска улога на овој простор како ´рбет на одбраната и од руралниот егзодус, односно огромниот миграционен бран кој почна целосно да ги празни руралните населби. Негативните импликации од демографското пустошење на овој простор и од стихијноста на миграционите движења се огромни и се манифестираат во повеќе подрачја на одбранбените подготовки.

Големата и изразена демографска деградација на овие подрачја неповолно се одразува врз формирањето на единиците, командите и штабовите на ВС (посебно на единиците на резервниот состав на АРМ).

Релативно ниската густина на населеност како и апсолутното и релативното опаѓање на бројот на младата популација овозможува постојано да се зголемува бројот на населението над 65 и повеќе години односно населените места во околу 1/3 од општините ја надминале критичната вредност на индексот на стареење. Со тоа се намалуваат




*Графички приказ на движењето на населението во ридско-планинските подрачја на Република Македонија од 1991 до 2021 година*

можностите за квалитетно и целосно формирање на единиците и командите на резервниот состав на АРМ.

Идентична е состојбата и во определен (помал) број населени места во граничниот појас од 0-5 км и од 6-10 км. Во овие подрачја неминовно се појавува и недостаток на помали воено-евиденциони специјалности кои се потребни за квалитетно и целосно пополнување на единиците и командите на резервниот состав на АРМ.

Релативно ниската густина на населеност негативно влијае врз квалитетот и извршувањето на мобилизацијата во тие подрачја. Во ретко населените региони, мобилизацијата се врши во неповолни услови и на пошироко географско подрачје, со што се зголемува времето потребно за извршување на мобилизацијата, што придонесува за намалување на брзината на мобилизацијата. Миграцијата на младите, висококвалификувани работници од различни профили, претставува проблем за успешно работење на производствените и ремонтните установи во услови на војна. За таа цел ќе биде потребно да се врши пополнување со работна сила по основа на работна обврска од друга средина.

Актуелните трендови во движењето ќе имаат негативни последици и во сферата на подготовките и остварувањето на невооруженото спротиставување во целина. Нарушувањето на економската и демографската виталност на овие простори негативно ќе се исполува во обезбедувањето на пополната, сместувањето, исхраната и згрижувањето на припадниците на ВС и на евакуираното население од големите градски центри. Тоа ќе има огромно значење за водење долготрајна исцрпувачка одбранбена војна.

Во населените места кои се на прагот на своето цалосно празнење и исчезнување од географската карта, е нарушена нивната економска и животна активност што негативно се одразува врз сите активности на тој простор, а со тоа и врз организирањето и делувањето и на целокупниот одбранбен систем.

Во современи услови на водење војна човечките потенцијали не го губат своето значење и доминантно место. Но на овој простор колку што е негативно празнењето на населените места и нивното демографско пустошење, толку е понегативно нерамномерното разместување на населението во определен број градски подрачја. Тоа има непроценливо воено-политичко, економско, социјално и психолошко значење. Ваквата просторна разместеност (дистрибуција) на населението е во колизија со определени барања на системот на одбрана. Од нерамномерноста во просторната разместеност на населението произлегуваат голем број негативни последици за системот на одбраната меѓу кои најважни се: намалување на степенот на трансформобилност од мирновременска во воена состојба, создавање економско-демографски концентрации во одделни зони како стратегиски цели за агресорот со зголемен степен на повредливост на просторните структури, демографското а со тоа и економското празнење

на големи простори кои по правило се совпаѓаат со просторите кои треба да претставуваат одбранбено-оперативни зони и слично.

Од друга страна, огромната концентрација на населението на Република Македонија во Скопје и во уште неколку други градови доведува до формирање рентабилна цел и за употреба на нуклеарно оружје од што последиците за Република Македонија би биле катастрофални.

Стихијноста на миграционите движења (посебно во ридско-планинските и некои погранични подрачја), сеуште е актуелна и се пројавува со целата своја жестина, со далекусежни последици врз системот на населби во иднина. Од огромен интерес за општествената заедница ќе претставува истражувањето за идентификација, лоцирање и утврдување на функцијата на трендот на движењето на населението во населените места зафатени со процесот на руралната деградација. Целта ќе биде општествената заедница, иако задоцнето, да се насочи кон запирање или намалување на миграциониот бран и насочување на мигрантите во населените места (рурални центри) кои треба поинтензивно да се развиваат и да постануваат привлечни средини за прифаќање на тоа население. Со тоа би се определило тежиштето на активноста на општествената заедница, со цел да се направи конечниот решителен и рационален потег за ублажување или насочување на миграционите бранови од овие простори. Со спречувањето на негативните тенденции на демографските движења во овие простори од стратегиско значење, би се избегнал целосниот "пораст" на тој план и би се намалиле ефектите од негативните импликации на економски и воено-одбранбен план.

За целосно и егзактно утврдување на перспективниот развој на населението во ридско-планинските и пограничните подрачја на Република Македонија, се наметнува потребата од утврдување оригинален модел за прогнозирање на бројот на населението. Оригиналноста на моделот треба да произлегува од специфичноста и значењето на ридско-планинскиот и пограничниот амбиент, но и од актуелните демографски процеси со силно изразени негативни тенденции. Како што укажува современата економска теорија на потребата за сообразување на општествено-стопанскиот развој со состојбите и трендовите на населението, така е потребно да се врши ускладување и на воено-одбранбените подготовки со состојбите и трендовите на населението во определени подрачја, региони и пошироко. Но во исто време треба да се насочува и да се планира развојот на населението, така што овие два меѓузависни колосеци на развојниот процес да бидат доведени во заемен рационален однос. Од тие причини, со право може да се зборува дека не би смеело да има алтернатива за ориентацијата: стратегијата на развојот (вклучувајки го и развојот на одбранбено-заштитниот систем) постојано да се проверува и сообразува од аспект на решавање на овие витални прашања.

Прогнозирањето на идните промени на бројот на населението се темели врз резултатите од претходните пописи. Тие резултати претставуваат појдовна основа за утврдување на непознатите положби во изминатиот период и во иднина, модифицирани и усогласени со разни временски интервали за кои вршиме истражувања.

За научно следење на движењето на бројот на населението во ридско-планинските и пограничните подрачја на Република Македонија во иднина се определивме за утврдување на моделот за прогноза на населението со примена на параболичниот тренд (параболична функција). Врз основа на пресметаните вредности на параметрите на параболичниот тренд* кои претставуваат константи, може успешно и апроксимативно да се врши екстраполација (предвидување на појавите) до годината за која вршиме прогнозирање.

Начинот на пресметување на математичкиот израз на параболичниот тренд за граничниот појас од 0-5 км. е следниот:

Функцијата на параболичниот тренд **yt=a+bx+cx2**

**Po=a**
**Pt=a+bt+ct2**
**Pt+n=a+b(t+n)+c(t+n)2**

Po - број на населението во граничниот појас од 0-5 км.

Pt - број на населението во граничниот појас од 0-5 км. во 1971 година

Pt+n - број на населението во граничниот појас од 0-5 км. во 1981 година

Ги определуваме и вредностите "X" и "Y"

| Година на пописот (X) | Број на население (Y) |
|---|---|
| 1961 (0) | 59215 (Po) |
| 1971 (10) | 59214 (Pt) |
| 1981 (20) | 56536 (Pt+n) |

Со замена на вредностите добиваме:

**59215=a**
**59214=59215+10b+100c**
**56536=59215+20b+400c**

Со пресметување ја определуваме вредноста на "b" и "c"

**b=133,75**
**c=-13,385**

---

*Во основа параболичниот тренд и другите функции на трендот даваат поточни екстраполирани вредности за покус временски период.




*Графички приказ на движењето на населението во ридско-планинските подрачја на Република Македонија од 1991 до 2021 година*




*Графички приказ на движењето на населението во ридско-планинските подрачја на Република Македонија од 1991 до 2021 година*

Параболичниот тренд (параболичната функција) за граничниот појас од 0-5 км. ќе го има следниот математички израз:

**yt=59215+133,75x-13,385x2**

Врз основа на утврдениот модел може да се врши прогноза на движењето на населението во граничниот појас од 0-5 км.

За илустрација ќе наведеме еден пример за утврдување на бројот на населението во 1991 година и ќе извршиме прогноза на бројот на населението во 2001, 2011, 2021 година од пограничниот појас од 0-5 км.

Пример:

**1961 (0) yt=59215+133,75y-13,385y2**
**1971 (10) y** со замена добиваме:
**1981 (20) y 1991=59215+133,75.30-13,385.90**
**1991 (30) y 1991=51181** жители.

Резултатите од наредните пописни години ќе бидат следните:

$y_{2001}$=**43149** жители
$y_{2001}$=**32440** жители
$y_{2001}$=**19054** жители

Презентираниот начин на пресметување и утврдување на моделот на прогноза на населението во граничниот појас од 0-5 км. преку утврдувањето на математичкиот израз на параболичниот тренд за граничниот појас од 0-5 км., го применуваме и утврдуваме на моделот и на други гранични појаси за ридско-планинските подрачја.

Параболичниот тренд за граничниот појас од 6-10 км. го има следниот математички израз:

**yt=66792+61,55x+12,125x2**

Бројот на населението во наредните пописни години би ги имало следните вредности:

$y_{1991}$=**79551** жители
$y_{2001}$=**8865** жители
$y_{2011}$=**100182** жители
$y_{2021}$=**114135** жители

Параболичниот тренд за граничниот појас од 0-10 км. го има следниот математички израз:

**yt=12007+195,30x-1,26x2**

Прогнозата за бројот на населението во наредниот период би била следната:

$y_{1991}$=**130732** жители
$y_{2001}$=**131803** жители
$y_{2011}$=**132622** жители
$y_{2021}$=**133189** жители

Параболичниот тренд за ридско-планинските подрачја го има следниот математички израз:

$$y_t=108963-1521x-4{,}18x^2$$

Состојбата на "празнењето" на просторот во иднина ќе биде најкритична во ридско-планинските подрачја, што илустративно се гледа од следнава прогноза и од утврдениот графикон за движењето на населението во наредниот период на тој простор.

$y_{1991}$=**59577** жители
$y_{2001}$=**41441** жители
$y_{2011}$=**22469** жители
$y_{2021}$=**2661** жители

Утврдените модели за прогноза на населението во ридско-планинските и пограничните подрачја на Репулика Македонија ќе имаат огромно значење за планирање на мобилизациските подготовки посебно во системот на воената пополна на структурите на одбранбено-заштитниот систем на државата.

Mitko KOTOVCEVSKI

## ESTABLISHING THE MODEL OF PROGNOSIS OF THE POPULATION IN MOUNTAINOUS AND BORDER AREAS OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

(Summary)

For scientific observation of the population and its development at tha mountainous areas in the Republic of Macedonia, as well for completely and exactly establishing of the perspective development of the population in these areas, we specified the model for prognosis by using parabolic trend (parabolic function).

The prognosis for the following aleration of its number is based on the results of the last year's censuses modified and harmonized with the different space of time, which results are studied.

The established models for prognosis the population should be of great importance for planning mobile preparations, especially in the system of military completion of the structures in the defence-protective system of the Republic of Macedonia.

Зоран НАЦЕВ

# ПРИСТАПИ ВО ОДБРАНАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Одбранбената, безбедносната и заштитната проблематика на одделна држава и пошироко, во основа е предмет на проучување на стручњаците од различни области. Но, во времето во кое живееме, таа сé повеќе е во фокусот на интересирањето на пошироката јавност, од различни аспекти. Особена заслуга за тоа имаат електронските медиуми кои сликите на убивањето, разурнувањето и страдањето од различни меридијани многу успешно им ги "сервираат" на луѓето од планетава, речиси катадневно, во чиста форма, "ексклузивно", "атрактивно". За жал тоа е дел од нашата реалност што го потврдува правилото дека силата, особено воената, оди "рака под рака" со цивилизацискиот развој, успевајќи беспрекорно да се приспособи и да го трансформира својот вид и облик на манифестирање на конкретното време. Веќе нема илузии дека живееме во период кога прашањата на мирот и војната стануваат неделиви врз основа на територијална, расна, верска и национална припадност на луѓето.

Република Македонија како дел од светската заедница, а во рамките на своите реални можности, нужно мора да партиципира во настојувањата да надвладее концептот на соработка и пријателство над силата и доминацијата. Без оглед што не сме членови на клубот на големите сили, чии глас во меѓународните односи главно значи и конечно решение, постојат определени релевантни индикатори кои говорат дека не сме толку беззначајни, барем во регионот. Потврда за тоа се определените историски искуства, а особено новосоздаденото сознание и уверување кај пошироката заедница за значењето на Македонија како субјект во присутната регионална (балканска) криза, сублимирана во слоганот "стабилна Македонија, стабилен Балкан, стабилна Европа". Колку тоа да ни звучи важно и респективно, сепак тоа не нé прави спокојни, особено во случај да се направи обид за негација на таквата состојба. Можеме ли и колку, ние самите да го елиминираме тоа фамозно "не" пред искажаниот слоган и што ако се најдеме во ситуација да го почувствуваме виорот на војната на нашиот простор. Имено, разновидни варијанти на "партнерство, туторство, заштитништво, заедништво, спонзорство, постоење на голем брат и др." во одбраната колку и да е значајно и полезно, не секогаш се сигурна

гаранција за елиминирање на агресијата или за успешно спротиставување. Современите војни покажуваат дека овие варијанти на соработка со посилни, главно успеваат ако сте готови да излезете на првата борбена линија "гради в гради" со противникот, а "големиот брат" ви е зад грб (релативно безбеден), во функција на логистички, дистанционен или консултативно-инструкторски партнер и сл. Цената на замената на местата во денешни услови, а најверојатно и во иднина, ретко која држава е готова да ја плати, особено ако станува збор за релативно неатрактивни економски и политички подрачја, надвор од непосредниот национален интерес на одделни држави. Како и да се гледаат работите, во основа го сакале ние тоа или не, базична платформа во сите комбинаторики околу создавањето услови за безбедно живеење треба да ни биде сопствениот одбранбено-заштитен систем, високо корелативен со мерки кои би се преземале на надворешен план.

**Нашата одбранбена стварност**

Веднаш мора да се нагласи дека документ под наслов "Основи на политиката и доктрината на одбрана на Република Македонија" или со сличен наслов и содржина во Републикава нема! Односно, сеуште од страна на највисоките органи на власта на е промовирана официјалната политика во областа на одбраната во вид на пишуван, комплексен доктринарен документ. При тоа, не може да се каже дека отсуствува политички однос кон дел од прашањата во сферата на одбраната. Имено, Уставот и Законот за одбраната се нормативно-правни документи во кои се вградени и соодветно операционализирани некои од основите на политиката и доктрината на одбраната. Дел од определбите се во чиста и препознатлива форма, додека другите можат да се извлечат од повеќе определби и тоа само делумно.

Творците на Законот за одбраната морале да вложат извонредно голем творечки труд, во услови на делумно дефинираниот политички однос кон одбраната, при неопределени размери на ангажирањето на општеството во одбраната и во услови на суштински и недоволно дефинирани промени на општествените основи на одбраната, да инаугурираат систем на одбрана врз база на низа хипотетички одредници. При тоа, очигледно е дека во рамките на можното и оправданото, максимално се потпреле врз дотогашните федерални решенија кои ги исчистиле од идеолошко-политичките конотации, ги трансформирале и прилагодиле кон новонастанатите промени и потребите на Република Македонија, утврдувајќи притоа и нови решенија.

Може да се најдат мотивите и причините зошто токму така е пристапено кон моделирањето на системот на одбрана и заштита. Претпоставуваме дека креаторите на решенијата во одбраната, под силен притисок на потребата од брзо преструктуирање и прилагодување кон новото време и услови во кои се најде Републикава го одбрале

патот кој значи максимално прилагодување на претходните решенија кон новонастанатата ситуација.

Имено, како што е познато Законот за одбрана и подзаконските акти кои произлегоа од него, се изготвувани во фаза на осамостојување на Републиката, а воената закана беше наш "природен" амбиент на работење. Сето тоа влијаеше да се детерминира пристап во организирањето на одбраната со цел тој да биде во функција на активирање на дотогашните елементи без поголеми потреси и тешкотии. Гледано од тој аспект, можеби е оправдано што "старата" организација и натаму продолжува да опстојува. Најверојатно се раководело според поговорката "не го затрупувај стариот бунар додека не ископаш нов". Всушност, идејата била да се овозможи да функционираат суштествените елементи од системот, со поставки кои на определен начин ги антиципираат идните насоки во развојот на одбраната. Меѓутоа, разработката на тие т.н. "визионерски елементи и доосмислувањето на новите решенија не се остваруваат во насоки и со динамика која се очекуваше. Како "нормален" продукт на таквата состојба, по тригодишен период на површина излегоа во препознатлив облик сите системски пропусти во одбраната. Најизразени промашувања и проблематични решенија се во делот кој се однесува на структуирањето на елементите на системот, во поглед на видовското и родовското димензионирање на АРМ, на планот на структуирањето на системот на управувањето и командувањето, во сферата на школувањето на старешинита и др.

Врз основа на сегашната состојба во одбраната, објективните можности, искуствата и тенденциите во развојот на оваа дејност во други држави, а со почитување на елементите кои имаат универзално и општоцивилизациско значење, ќе ги посочиме нашите видувања во врска со фундаменталните определби на одбраната на Републиката. Нив ќе ги презентираме во вид на ставови, без подлабока елаборација, поради ограниченоста на просторот.

Идентификацијата на одбранбено-доктринарните ставови ги вршевме низ призма и акцептирање на следниве барања:

а) Одбранбената доктрина на Републикава своите фундаменти мора да ги изнаоѓа во вкупното досегашно искуство на воено то организирање на македонскиот народ;

б) Одбранбената доктрина секогаш мора да биде насочена кон иднината, да ги уважува современите достигнувања на нашата држава во сите области на општествено-политичко живеење, да биде отворена за секаков вид промени, да го следи развојот на воениот фактор во непосредното окружување и во светот;

в) Во граници на објективно можното да се следат и вградуваат светските искуства во подготвувањето за одбрана, на научно-теоретски и практичен план, водејќи сметка доктринарниот пристап да биде одраз на нашата стварност прилагодена на нашите услови и достигнувања во материјална, културна и општо-цивилизациска смисла, со високо ниво на конзистентност и временска опстојчивост.

Во основа моделот на одбраната на Република Македонија би требало да се потпира врз три носечки фундаменти:

- вооружени сили,
- цивилна одбрана, и
- вклучување во колективните системи на одбрана (безбедност).

Според нашите видувања, основните доктринарни ставови во однос на одбраната на Република Македонија би биле следниве:

1. Мирољубивиот и антимилитаристички карактер на доктрината за одбрана би биле трајна определба и заложба;

2. Одбранбените подготовки мораат примарно да бидат во функција на одвраќање од агресија од било кој бид, но исто така, доколку до агресија дојде, мораат да се обезбедат услови за успешно водење на вооружена борба и отпор. Оваа определба не се остварува сама посебе, туку бара разработка на извонредно голем број активности и мерки во рамките на внатрешната и надворешната политика кои би придонеле агресијата да биде помалку веројатна. Со таа цел особено е значајно да се разработат воено одбранбените аспекти на нашата политичка, економска, дипломатска и психолошко-пропагандна стратегија, вклучувањето во колективните механизми и системи на безбедност, изградба на високо професионални и функционални вооружени сили, соодветно вооружени и опремени и функционалниот развој на цивилната одбрана.

3. Одбраната на Република Македонија мора, пред сѐ, да се потпира врз сопствените сили. Но реално, оваа определба има свој дофат и лимит, како во задоволувањето на потребите на вооружените сили, така и за други одбранбени потреби. Оттаму, нужно ќе мора да бидеме упатени кон пријателските, па и сојузничките држави.

4. Концепцискиот приод кон одбраната би се изградувал врз теоретските и практичните сознанија за одбрана на "малите земји", проектиран за водење на одбранбена војна, за зачувување на суверенитетот, територијалниот интегритет и независноста, а со цел преживување на граѓаните, државата и нејзините институции.

5. Основен носител на оружената борба би била АРМ со својот активен и резервен состав. Пополнувањето на оружените сили би требало да се врши на комбиниран начин: професионално, доброволно и обврзно од регрутниот контингент, при што јадрото би го сочинувале професионалните војници.

6. Континуираното подготвување за преземање заштитни мерки во најширока смисла треба да биде една од приоритетните задачи. Имено, квантитативната димензија на човечкиот фактор во димензионирањето и проектирањето на одбранбените сили, а особено на вооружената конпонента, е објективно лимитирана. Оттаму нашиот успех во одбраната и опстанокот директно зависи од степенот на зачувувањето на живата сила. Релативната инфериорност во бројноста и чувствителноста на загуби треба да се компензира преку изградба на квалитативните димензии на човечкиот фактор.

7. Воспитувањето и образованието на младите генерации во функција на создавање одбранбено-заштитна култура би требало да претставува континуирана заложба со цел јакнење на "одбранбениот дух". Со тоа дефетизмот, спремноста за колаборативно однесување и пасивноста би се потиснале во подносливи рамки.

8. Аспирациите на дел од соседите кон Република Македонија најверојатно не би можеле да се остварат со изолирана-поединечна класична агресија, пред сé поради поширокнте импликации кои би настанале со тој чин. Оттаму е реално да се претпостави дека евентуалната реализација на агресивните цели би се вршела со примена на најразлични облици на специјално дејствување (специјална војна), за чие попречување континуирано би се спроведувале мерки за заштита и за нивно елиминирање.

9. Ако евентуално некој од соседите сепак се одлучи за поединечна агресија врз Република Македонија, односот на силите би бил во негова полза. Но, цениме дека ниту една од соседните држави нема вооружена сила со која би остварила висок степен на подолгорочна контрола на нашата триторија и апсолутно би го пасивизирала отпорот. Отпорот е можен и реално остварлив и во услови кога агресорот ќе ја мине "граничната линија" и навлезе длабоко во територијата на Републиката, при што преовладувачкиот облик на водење вооружена борба би бил во сообразност со ситуацијата, со можноста за еластично прилагодување на воената организација и на облиците на дејствување кон новонастанатите услови и состојби, со основна цел постапно менување на односите на силите.

Ќе искажеме определени видувања по однос на прашањата за демилитаризација, неутралноста и партнерството за мир како можни варијанти на одбранбено-безбедносниот статус на Република Македонија во меѓународната заедница.

## Демилитаризација

Идејата за демилитаризација на Република Македонија, како еден од можните патишта за остварување на одбранбено-безбедносната политика е пласирана во јавноста во почетокот на самостојноста на нашата држава. Таа ги заинтригира луѓето, но не наиде на голем број приврзаници и следбеници. Причините беа различни, а од искажувањето што следи, може да се насети дел од нив.

Демилитаризацијата може да се разгледува како процес или како конечна состојба. Ако се разгледува како процес, тогаш конкретните активности во нејзиното остварување би го опфатило следново: намалување на бројот на војниците и оружјето; намалување на буџетот за одбрана; минимизирање на влијанието на воената структура во политичкиот живот; инаугурирање на безбедносната политика преку која би се вршело постепено намалување и замена на воениот фактор со цивилно одбранбени, мировни и дипломатски активности.

Демилитаризацијата како конечна состојба, подразбира наполно укинување на војската и воените институции, престанок со вооружување и промена на сопственикот на воените објекти и имот, укинување на воената индустрија (наменското производство), напуштање на воени (насилни) мисловни идеи во секојдневното живеење и др.

Посматрајки ја демилитаризацијата како можност во Република Македонија во варијантата - крајна состојба, објективно се отвораат низа политички и безбедносни дилеми. Тие во крајна линија се сведуваат на прашањето како демилитаризацијата во комбинација со невоени безбедносни мерки би можела да ја гарантира безбедноста на државата? Според наши и други видувања, тоа е условено од исполнувањето на следниве услови:

- релативно мирен и по нас поволен расплет на ЈУ кризата;
- признат статус на државноста на Република Македонија;
- меѓународно признавање на Република Македонија и соодветна меѓународно-правна безбедност (меѓународни договори, членство во меѓународни организации);
- склучување договори за ненапаѓање;
- намалување на вооружувањето, пред сé на локалното и регионално ниво;
- цената на чинењето на одржувањето на состојбата на демилитаризацијата да биде релативно ниска;
- адекватна преквалификација и инкорпорирање на воениот персонал во цивилни структури;
- меѓународно признавање и меѓународно-правно санкционирање на статусот на демилитаризација.

Еднострaното прогласување на демилитаризацијата во Република Македонија, практично нема шанси да ја осигура безбедноста, особено ако државата не е адекватно признат меѓународен субјект и нема минимални гаранции за нејзината безбедност. Во случај демилитаризацијата да стане процес на локално, регионално и светско ниво, нашите чекори на овој план би требало да се усогласуваат со другите земји од нашето потесно и пошироко окружување. Но треба да се има предвид дека најголем број држави во светот се стремат кон намалување на вооружувањето, а не кон разоружување, односно кон контролата на истото, а не кон негово уништување.

**Неутралност**

Станува збор за идеја која била доста популарна во минатото а степенот на нејзиното реализирање во одделни земји варирал во смисла на остварениот континуитет и времетраењето. Кај нас таа полека влегува во кругот на темите за кои се размислува и разговара во стручните и интелектуалните средини. Станува збор за мошне примамлива надворешно-политичка ориентација и положба на некоја земја гледано пред сé од одбранбено-безбедносен аспект.

Во што е суштината на неутралноста? Една држава се смета за неутрална ако во некој вооружен судир меѓу државите не презема никакво учество. Неутралноста на државите е регулирано со меѓународното право и за неутралните држави, како и за завојуваните страни, постојат определени права и обврски. Се разликуваат неколку видови неутралност, како што се: трајна (вечна) и привремена; делумна и општа; доброволна и договорена; перфектна и квалификувана. Ќе говориме само за трајната неутралност, додека другите варијанти, иако интересни, ќе ги оставиме настрана.

Трајно неутрални се оние држави кои однапред изјавиле дека нема да учествуваат во каков и да е оружен судир, при што другите држави го прифатиле тој став. Значи, услов за основање статус на неутрална држава е еднострана изјава на државата дека се определила за статус на постојана неутралност и договор со кој другите држави изјавуваат дека ја признаваат или гарантираат таквата неутралност на односната држава. Денес за постојано неутрални држави се сметаат Швајцарија и Австрија.

Постојаната неутралност ја обврзува земјата да не стапува во војна освен во самоодбрана. Државата е обврзана строго да ги почитува правилата за неучество во војна меѓу другите држави, како и да не учествува во меѓународните воени акции. Забрането им е во мир да водат политика насочена кон замешување во воен судир, не може да склучи никакви сојузи (офанзивни или дефанзивни), не може да ја гарантира неутралноста на други држави. Не смее да дозволи создавање воени бази на својата територија, премин на трупите на странските завојувани страни, прелетување на авијацијата. Има право да стапи во војна доколку е нападната и со оружје да ја брани својата неутралност. Тоа подразбира да има своја армија и да врши подготовки во функција на одбрана на неутралноста и државата.

Во полза на докомплетирањето на суштината на неутралноста, ќе ги посочиме образложенијата на Б. Крајски, изнесени во неговата брошура за австриската неутралност по однос на одбраната и напорите кои се вложуваат на тој план. Имено, според него одбраната се изградува заради следново:

- да се спречат големите сили или коалиции во своите стратегиски замисли и планови да ги гледаат неутралните земји како да им припаѓаат на нивните оперативни подрачја;
- воениот потенцијал на неутралните земји треба и големите сили да ги наведе на размислување за тоа дали им се исплатува нападот;
- за помалите земји да ја изгубат волјата за некоја авантура во однос на неутралната земја која се наоѓа меѓу нив;
- ефикасната одбранбена организација за време на мирот и на малите неутрални земји им пружа меѓународен углед кој не е за потценување и кој се смета за доказ за тоа какви жртви се готови да поднесат нејзините граѓани за зачувување на независноста и неутралноста.

Посебно прашање е дали и во која мерка, теоретски и практично, можат да се синхронизираат неутралноста и колективната безбедност и во која мерка може да се смета дека постојаната неутралност во денешни услови придонесува за остварување на начелата и целите на светската организација (ООН). По однос на посоченото има различни погледи но во основа целите на неутралноста и на оние утврдени со Повелбата на ООН не се дисфункционални. Друга работа е како и на кој начин може да се оствари компатибилноста на институцијата на неутралноста со меѓународната организација, за што повеќе може да се види во литературата за меѓународното воено право.

Ако Република Македонија се определи за неутралност, уважувајки ги вкупните состојби во регионот и пошироко, реално е да се претпостави дека патот до стекнувањето на посакуваната цел ќе биде мошне трнлив, неизвесен а можеби и предолг. Имено, потребно е да се стекнат и создадат општи и конкретни предиспозиции за остварување на оваа определба. Во крајна линија, во периодот на спроведување на активностите со цел стекнување неутралност, нужно е остварување соодветен одбранбено-заштитен систем. Тој од една страна би бил во функција на создавање основни услови за мирно и безбедно живеење на граѓаните на Републиката, нужна платформа за градење пристап за остварување на крајната цел, а од друга, тоа е еден од суштествените услови за задржување и одбрана на статусот на неутралноста. Интересот на големите сили во овој простор, фактичкото присуство на странските трупи на нашата почва, може одлучувачки да влијае оваа варијанта да остане само на ниво на посакувана цел без адекватна поддршка од пошироката меѓународна заедница.

**Партнерство за мир**

Иницијативата "Патнерство за мир", креирана од заменикот на државниот секретар за одбрана на САД Строут Талбот, за прв пат е промовирана во октомври 1993 година на состанокот на министрите за одбрана на земјите членки на НАТО. На Самитот на шефовите на држави, влади на земјите членки на Северноатлантскиот сојуз, одржан на 10 и 11 јануари 1994 година таа е конкретизирана во вид на посебна точка (13) во тогаш усвоениот документ. Имено, во таа точка се вели: "Ние се одлучивме да покренеме непосредна и практична програма која ке ги трансформира односите меѓу НАТО и земјите учесници на програмата. Новата програма оди понатаму од дијалогот и соработката кон вистинско партнерство "Партнерство за мир". Ги повикуваме другите држави, кои учествуваат во Советот за северноатлантската соработка и другите земји на КЕБС способни и готови да придонесат за таа програма, да ни се придружат во тоа партнерство. Активното партнерство за мир ќе има значајна улога во евентуалниот процес за проширување на НАТО."

Надвладува мислењето дека Партнерството за мир се појави како нужна реакција на остварените и присутните промени во идеолошко-политичката, економската и воената сфера, пред сѐ, во Источна Европа, при што НАТО се најде во дилема дали воопшто да постои и во која насока да се трансформира. Со распадот на Советската империја и социјалистичкиот лагер, довчерашните реалсоцијалистички земји, останувајќи без својот моќен партнер, а подучени и застрашени повеќе од сеништата на минатото отколку од реалната опасност на својот доскорешен сојузник, ги интензивираа барањата за приклонување кон безбедносен чадор. Најпримамлива варијанта, без конкуренција, е приклучувањето во НАТО, кој од своја страна, таквите притисоци упорно и флексибилно настојува да ги амортизира по пат на одложување на приемот.

Во почетокот релативно лесно можеше да се амортизира таквиот притисок, но кога бројот на земјите кои бараат прием се зголеми на повеќе десетици, не можеше да помогне ниту од пред две години формираниот Совет за северноатлантска соработка кој треба да ги подготви идните членови - стажанти за во НАТО. "Излезот" е најден во иницијативата "Партнерство за мир" како "нова форма за перспективно блиски односи" со земјите од Источна Европа. Со ова решение, се урнати илузиите на многу земји за рамноправно членство во алијансата. По првичната огорченост од фактичката ситуација и непријатното "приземјување" на најагилните земји, сепак мора да се прифати она што е понудено.

Промоторите на Партнерството, моделирале проект за кој, во основа, се смета дека ќе овозможи ширење и интензивирање на политичката и воената соработка во Европа, со што би се зголемила стабилноста, би се намалила заканата за мирот и би се зацврстиле односите. Тоа се предвидува да се оствари преку повикување на учество на партнерите за мир во политичките и воените тела на НАТО заради партнерски активности, потоа со остварување јавност во работата на воените буџети преку унапредување на контролата над воените министерства, со изведување заеднички вежби и планирање на заедничка одбрана. Но, да ја видиме и другата страна на Партнерството.

Имено, со членување во Партнерството не се обезбедуваат гаранции дека Алијансата веднаш и целосно ке помогне во одбраната на некој придружен член доколку биде нападнат, а тоа всушност е основен мотив и мамка за влегување под чадорот на НАТО. Треба да се има предвид и фактот дека НАТО е оформен заради безбедност, неговата цел е да се спротистави на опасноста која може да се дефинира. Заедничкото воено планирање во рамките на Партнерството е практично цел само за себе, тоа не претпоставува каква и да е конкретна опасност, со него билатерално се занимава НАТО и секој партнер одделно. Атлантскиот сојуз претпоставува дека опасноста му се заканува надвор од зоната на организацијата, додека Партнерството настојува да ги

неутрализира заканите внатре во својата зона преку афирмирање на добрите намери. Во таа смисла е мошне индикативна изјавата на Б. Клинтон дека "Партнерството не се занимава со безбедноста, туку со помирување . . . обединување на слободни и независни земји по нивна сопствена волја" или пак на Џ. Мејџор кој вели дека Партнерството претставува "еволутивен интервал на приспособување за прием во НАТО што ќе трае минимум пет години".

Ако се гледа од овој агол, со овој договор САД и сојузниците го одложуваат приемот на нови земји во Алијансата, ја зачувуваат нејзината физиономија и функции, создаваат простор за контрола на воените капацитети на државите, создаваат претпоставки за унификација на воените системи според сопствени модели и отвораат врата за својата воена технологија и, што е особено битно, остваруваат компромис со Русија.

Оваа идеја допрва треба да заживее во практиката и најверојатно ќе се постигнат извесни резултати во поглед на подигањето на нивото на безбедност во Европа. Односно, реализацијата и функционирањето на Партнерството ќе ја потврди или демантира оправданоста на концептот, при што е евидентен скептицизмот кога станува збор за иднината на иницијативата.

Република Македонија не би требало да има дилеми во однос на најзино членување, без оглед на присутните котроверзи во врска со Партнерството. Имено, членувањето најверојатно ќе придонесе за создавање порелаксирани безбедносни состојби од постојната во земјава и окружувањето, ќе фати чекор со другите во редот пред вратата на НАТО, ќе овозможи наше поактивно одбранбено-безбедносно ангажирање и ќе создаде простор за покомотен пристап на САД во остварувањето на веќе евидентните намери и интереси за овој простор, во степен кој ќе биде компатибилен со нашите напори за создавање пореспективен безбедносен амбиент. Играта треба да се игра, а "победниците" кои ќе се најдат од другата страна на вратата на НАТО најверојатно ќе можат да се набројат на прстите од едната рака. Дали ние ќе успееме во тој натпревар, по сé изгледа, повеќе зависи од другите отколку од нас самите, без оглед на сопствените постигнувања на одбранбено-заштитен план.

ЛИТЕРАТУРА

1. Беговиħ А., Концепција и систем ОНО и ДСЗ, Пословна политика, Београд, 1989.
2. Вучиниħ М., Увод у систем народне одбране, ВИЗ, Београд, 1978.
3. Гоцевски Т., Основи, суштина и карактеристиките на системот на ОНО и ОСЗ, НИО Студентски збор, Скопје, 1990.
4. Гоцевски Т., Одбраната на Македонија НИО Студентски збор, Скопје, 1992.
5. Гоцевски Т., Неутрална Македонија - од визија до стварност, Македонска ризница, Куманово, 1995.
6. Група автори, Одбрана и заштита, НИО Студентски збор, Скопје, 1994.
7. Мелон К. и др., Неоружани отпор, ВИНЦ, Београд, 1989.
8. Перазиħ Г. Меħународно ратно право, ВИНЦ, Београд, 1986.

9. Јаворовић Б., Друштвене промене и одбрана и заштита, Свеучилиште у Загребу-Факултет политичких наука, Загреб, 1990
10. Јаворовић Б., Сувремени састави цивилне одбране, Отворено свеучилиште, Загреб, 1992.
11. Вејл Л., Цивилна одбрана, ВИНЦ, Београд, 1991.
12. Калковкорези П. и Винт Г., Тотални рат, ИРО Рад, Београд, 1987.
13. Међународне конвенције о ратном праву и сигурности, Завод за ОНО и ДСЗ СР Хрватске, Загреб, 1979.

Zoran NACEV

## APPROASHES FOR DEFENS IN REPUBLIC OF MACEDONIA

(Summary)

In this study are analysed more approaches for creating satisfactional level af security and defensive situation in Republic of Macedonia. The analysus of our defensive reality dominates in this study (critical retrospect) with offered concept of possible doctrine destinations of our Republic in the sphere of defens. Also, more aspects for possibility of Republic of Macedonia to get the status of neutral state, demilitarized zone-state are presented, and entering in the initiative - Partnership of Peace.

These variants are illuminated from different sides with intention objectively to perceive the reality and acceptability of the modathes.

Марина ТАШКОВСКА

# ЦИВИЛНАТА ОДБРАНА КАКО КОМПОНЕНТА НА ОДБРАНБЕНО-ЗАШТИТНИТЕ СИСТЕМИ

## 1. Поим, улога и место на цивилната одбрана

Пред многу векови, во една прилика Аристотел забележал: "Оној кој не е во состојба да живее во едно општество, или кој нема потреба од тоа, затоа што си е доволен себе си, мора да е или животно или бог". Но таквите се навистина ретки. Огромно мнозинство луѓе живеат во заедници во кои своите потреби и желби ги задоволуваат далеку поефикасно отколку да живеат сами. Имено, живеејќи во заедница, човекот развива определени способности и здружувајќи ги со способностите на другите си го чини животот полесен и по- содржаен. А одбраната и заштитата се заеднички потреби и како такви бараат здружување на сите способности, овозможувајќи на тој начин да се создаде одбранбено-заштитен систем кој успешно ќе ги елиминира сите потенцијални извори на загрозување.

Фактот дека човекот во својата долгогодишна историја постојано бил предмет на разни загрозувања, е причина за создавање одбранбено-заштитни структури кои треба да му обезбедат полесен, посодржаен и спокоен живот, перспективен развој и заштита на неговите и вкупните материјални вредности.

Затоа првите обиди на човекот за заштита и спасување, гледано историски, како активност, се присутни во сите епохи и периоди од развојот на човековата заедница. Човекот, во почетокот од својот развој ја остварувал таа потреба повеќе рефлексно, индивидуално, неорганизирано, или пак недоволно организирано. Оваа активност се развивала и усовршувала согласно општествените промени и била една од основните причини која доведувала до најниски и основни форми на организирање. Создавањето на семејството, племето, родовите и пошироките општествени заедници, покрај другото, имало цел и остварување организирана одбрана и заштита во случај на опасности кои му се заканувале на човекот.

Почетоците на цивилната одбрана, односно организираната заштита на населението и неговите добра од воени дејствија, ги наоѓаме уште за време на Првата светска војна. Тие се поврзани со појавувањето на авијацијата, воените отрови и нивното користење.

Меѓутоа, современата цивилна одбрана се оформува и вистински почнува да се развива во текот на Втората светска војна кога непријателската авијација успева да ги пренесе воените операции зад линијата на фронтот и многу градови станале цел на напад од воздух. Цивилното население било непрекинато изложено на опасности, страдало и имало жртви. Ваквата состојба довеле до тоа да се зголеми процентот на жртвите на цивилното население во однос на војниците.

Ваквото поместување на процентуалниот однос на загубите на штета на цивилното население наметнало ултимативно барање: низ процесот на развојот на воените дејствија сé поголемо внимание да се сврти кон организирана заштита и спасување на населението и материјалните добра.

Оттогаш па до денес, цивилната одбрана и покрај долгата историја на постоење и делување, не губи на значење. Таа е сеуште актуелна и на нејзиното делување задолжително треба да се смета.

Тоа го потврдува и фактот дека од сите актуелни одбранбени концепции (концепција на "државна одбрана", концепција на "превентивна одбрана", концепција на "детерантна одбрана", концепција на "сеопфатна одбрана", концепција на "народна одбрана и народна војна", концепција на "тотална одбрана") на цивилната одбрана ѝ се придава големо значење. Пред сé, таа се третира како потсистем на системот на одбраната. Цивилната одбрана, во скоро сите наведени одбранбени концепции се третира трислојно, односно како организам кој врши три вида одбранбено-заштитни активности:

а) воочување и откривање на опасностите;

б) заштита, одбрана и спасување на населението и на материјалните добра од катастрофи и воени разурнувања;

в) учество во невооружени форми на борба и отпор.

И на крај, треба да биде присутен моментот дека цивилната одбрана, во идните војни, природни катастрофи и сé повеќе актуелните глобални извори на загрозување, ќе има сé позначајно место. Оттука, модалитетите на современата цивилна одбрана отвораат огромни хоризонти за нови решенија како продукти на актуелните предизвици на новото време.

Од изнесеното може да се констатира дека цивилната одбрана е денес присутна во целиот свет. Во современи услови слични поими на цивилната одбрана постојат и на исток и на запад и тоа независно од тоа дали се работи за неутрални земји, бивши социјалистички, или пак за земјите што му припаѓаат на НАТО - пактот.

Во некои од овие држави, како на пример во САД, цивилната одбрана се третира како активност од стратегиско значење, насочена кон заштита и одбрана и од воени и од мирновременски катастрофи (1). Во ЗНД таа е дел од воената политика на државата, односно компонента на одбраната од стратегиско значење, но истовремено претставува и "комплекс на мерки од економски и социјален карактер, што се преземаат со цел да се заштити населението од последиците предизвикани од хаварии, катастрофи и слични несреќи(1).




*ШЕМА Бр. 1 Однос помеѓу воените и цивилните загуби во војна*

Оттука може да се констатира дека "цивилната одбрана е функционално-организациски субсистем на одбранбено-заштитниот систем што се занимава со одбрана, заштита и спасување на населението и материјалните добра од природни и технички катастрофи и други големи несреќи и воени разурнувања, по пат на обезбедување услови за нормален живот и работа на погодените подрачја, со делување на цивилното население во невооружената борба и отпор кон агресорот и обезбедување услови за севкупна одбрана и заштита низ набљудување и известување, задднински активности на населението, системско-логистичка поддршка и сл."(1).

## 2. Цели, насоки, задачи и начела на цивилната одбрана

### *а) Цели на цивилната одбрана*

Во основа, целите на цивилната одбрана произлегуваат од одбранбената концепција и од целите на одбранбениот систем на државата и претставуваат нивна конкретизација.

На цивилната одбрана, во однос на изворите на загрозување и опасности ѝ се поставуваат следниве цели:

- да придонесе да се зачува мирот; и
- да придонесе да се искоренат изворите на загрозување и опасности.

Двете цели имаат превентивно значење.

Во поглед на сигурноста, цивилната одбрана има цел:

- да се зголеми отпорноста на луѓето и општеството од загрозувања и опасности; и
- да се зголеми и одржи сигурноста на луѓето, материјалните добра, државата и општеството.

Овие цели се превентивни. Можат да се постигнат само со добри одбранбени подготовки на населението и со оптимална одбранбена организација. Во поглед на одбранбено-заштитните подготовки на цивилната одбрана е да се оспособи населението и општеството воопшто за ефикасна превентивна и успешна одбрана.

Основни цели на цивилната одбрана во однос на остварувањето на одбраната се:

- да создаде најповолни услови за функционирање на одбраната во услови на загрозеност;
- да постигне максимален учинок во совладувањето на изворите на загрозување и надминување на штетните последици.

Општо земено, генерална цел на цивилната одбрана е заштита на луѓето и материјалните добра.

### *б) Насоки на цивилната одбрана*

Цивилната одбрана во минатото била насочена кон заштита и спасување на населението и материјалните добра од воени разурнувања. Меѓутоа, со менувањето на општите услови за живот, изворите на загрозување во светот, меѓународно-воено-политичките односи и

развојот на технологијата, а со тоа и условите за производство и работа, се проширува фронтот на насоченоста на цивилната одбрана. Денес, во современи услови на живот и работа, може да се зборува за целосно идентична насоченост на цивилната одбрана речиси во сите земји. Таа е насочена кон заштита и одбрана од:

*1) во услови на мир:*

- природни (елементарни) непогоди (земјотреси, поплави, лавини, пожари, ветер итн.);
- технички, односно технолошки хаварии (акцидент на нуклеарни постројки, експлозии во хемиската индустрија и сл.);
- намерно или ненамерно предизвикување на загрозувања од поголеми размери (пожар и сл.).

*2) во услови на војна:*

- воени разурнувања;
- насилно и друго непријателско дејствување на вооружените сили на агресорот и неговите институции;
- сите загрозувања во услови на мир што можат да се јават и во услови на војна.

Од сето ова може да се заклучи дека цивилната одбрава е насочена кон превентивна заштита, одбрана и спасување на населението, материјалните добра, но и на општеството, државата, човековата околина и еко-системот во целина.

*в) Задачи на цивилнат̄а одбрана*

Задачите на цивилната одбрана произлегуваат од утврдените цели и од одбранбената политика на секоја држава. Како заеднички и најважни задачи на цивилната одбрана се:

- Истражување и проценување на опасноста и загрозеноста на населението и материјалните добра и утврдување на можностите, облиците и средствата за заштита и спасување (на пример, истражување на природните, техничко-технолошките катастрофи и сл.);
- Нормативно-правно регулирање на цивилната одбрана во склад со меѓународните конвенции и националните услови и потреби (донесување на закон за цивилна одбрана);
- Организирање на системот за цивилна одбрана и негово постојано усовршување;
- Обука на населението, оспособување и образование на раководен и стручен кадар за потребите на цивилната одбрана;
- Материјално-техничка опременост на системот на цивилна одбрана и производство на средства и опрема за потребите на цивилната одбрана;
- Психофизички, социјални, здравствени, мобилизациски и други подготовки на населението и припадниците на единиците на цивилната

одбрана;

- Градење засолништа;
- Планирање и насочување на развојот на цивилната одбрана;
- Финансирање на цивилната одбрана;
- Развој на вкупната превентивно-заштитна способност на цивилната одбрана и остварување на превентивната заштита;
- Навремено откривање на опасности и благовремено известување на населението;
- Непосредно спротиставување на опасностите со цел да се заштитат населението и материјалните добра;
- Укажување прва медицинска помош на повредените и ранетите;
- Спречување на епидемии, заразни болести и отстранување на секундарните извори на загрозување;
- Обезбедување јавен ред и мир;
- Асанација на погодените подрачја и воспоставување услови за нормален живот и работа.

На овие задачи треба да се придодадат и оние кои се јавуваат само во воени услови:

- Заштита и спасување од оружје за масовно уништување;
- Вршење заднински активности со цел да се помогне на армијата и населението (1).

*г) Начела на цивилната одбрана*

Врз основа на концепциските ставови на цивилната одбрана се изградени начелата врз кои таа се организира, подготвува и спроведува.

Во поглед на начинот на вклучување на граѓанинот во цивилната одбрана, посебно во цивилната заштита, постојат две начела: начело на доброволност и начело на задолжителност. Исто така, во поглед на евакуацијата постојат две начела: начело на вертикална и начело на хоризонтална евакуација.

Првото начело во принцип значи- "остани каде што си", што подразбира изгадба на засолништа за сите граѓани (Швајцарија, Германија).

Второто начело подразбира оддалечување од погодените подрачја (на пример во Франција).

Во светот постојат држави кои го применуваат само првото (Швајцарија, Германија), или само второто начело (Франција). Меѓутоа, постојат и држави кои комбинирано ги применуваат двете начела на цивилната одбрана (САД, ЗНД).

Исто така, постојат и општи начела на цивилната одбрана и тоа:

- Задолжително самозаштитно однесување на секој поединец;
- Континуирано дејствување на цивилната одбрана во услови на мир и во услови на војна;
- Поврзаност на цивилната одбрана со другите сегменти од




*ШЕМА 3, Цивилна заштита (начелна шема)*

*ШЕМА 2.*


СТРУКТУРА НА СИСТЕМОТ НА ЦИВИЛНАТА ОДБРАНА (НАЧЕЛНА ШЕМА)
РАКОВОДЕН ОРГАН
СОВЕТОДАВЕН ОРГАН
ОПЕРАТИВНО-СТРУЧЕН ОРГАН
СТРУЧНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЦИВИЛНА ЗАШТИТА
СТРУЧНИ ОРГАНИЗАЦИИ СОЈУЗ НА ЦИВИЛНА ОДБРАНА, ЦИВИЛНА ЗАШТИТА И СЛ.
СЛУЖБА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ
ДОБРОВОЛНИ ОРГАНИЗАЦИИ
ПРОТИВГРАДНА ОДБРАНА
МАСОВНИ ДОБРОВОЛНИ ОРГАНИЗАЦИИ
СТРУЧНИ ОРГАНИЗАЦИИ, СЛУЖБИ И ПРЕТПРИЈАТИЈА
ВОЕНИ СИЛИ НА ЦИВИЛНА ОДБРАНА
ПРОИЗВОДСТВО ОПРЕМА И СРЕДСТВА
ЕДУКАТИВЕН СИСТЕМ

одбранбениот систем;

- Организираност и подготвеност на општеството за остварување на заштитата и одбраната;

- Координираност на елементите на цивилната одбрана со другите сегменти од одбранбено-заштитниот систем;

- Професионалност во остварувањето на стручните работи и задачи на цивилната одбрана;

- Вклучување на доброволните организации во активностите на системот на цивилната одбрана;

- Хуманост и солидарност во сите услови, односно делување во духот на меѓународните конвенции.

### 3. Елементи и сили на цивилната одбрана

Структурата на цивилната одбрана е детерминирана од природата и функциите на системот. Тоа упатува на елементите на системот врз основа на кои тој егзистира, како и на нивната внатрешна содржина и функционалност. Со оглед на специфичностите на организирањето на функцијата на цивилната одбрана во која свое место, улога и значење имаат бројни субјекти, структурата на цивилната одбрана ја чинат специфична и разгранета. Според тоа, врз неговата структура влијаат повеќе фактори. Тие се: видот на државата (федерација, конфедерација, унитарна држава и др.), големината на државата (по површина и бројот на жители), воено-политичката положба на земјата, видот, зачестеноста и интензитетот на елементарните непогоди и значењата од областа на одбраната и заштитата.

Треба да се има предвид фактот дека максимално развиениот систем на цивилната одбрана во себе мора да ги инкорпорира следниве потсистеми или системски содржаните активности:

1. цивилна заштита;
2. систем за набљудување и известување;
3. стручни организации, сојуз на цивилна одбрана;
4. систем за противградна одбрана;
5. стручни организации, служби и претпријатија;
6. произведувачи на средства и опрема;
7. доброволни стручни организации;
8. масовни доброволни организации;
9. воени сили на цивилната одбрана;
10. едукативен систем (види шема 2 и 3).

1. Цивилната заштита претставува сложена, масовна и организирана потсистемска активност за заштита, одбрана и спасување на населението и материјалните добра од елементарни непогоди, технички и други катастрофи и воени разурнувања.

2. Системот за набљудување и известување претставува благовремено

откривање и следење на сите видови опасности од елементарни непогоди и други несреќи, на воени дејствија што можат да ги загрозат луѓето, материјалните добра и нивно известување и тревожење.

3. Сојузите на цивилната одбрана се доброволни организации на граѓаните. Всушност, тоа се месните организации поврзани во сојузи, во чии рамки се развиваат активности на цивилната одбрана, со цел да се заштити и спаси населението и материјалните добра од елементарни непогоди и воени дејствија.

4. Системот за противградна одбрана се организира во зависност од потребите и конкретната проценка на секоја земја. Во основа, оваа потсистемска активност има задача да ги следи метеоролошките услови и да воспостави врска и координација со станиците за активирање на противградните ракети.

5. Стручните организации со своето редовно, професионално работење, или со својот потенцијал, можат да се вклучат во активностите на цивилната одбрана. Тие се делат на две групи: во првата спаѓаат институциите, заводите, службите, болниците и другите здравствени организации (геофизички, сеизмички, метеоролошки, хидролошки, епидемиолошки, противпожарни), а во втората: комуналните, градежните и другите претпријатија кои можат ефикасно да се вклучат во асанација на теренот, заштитата, спасување и сл.

6. Производувачи на средства и опрема за заштита и спасување и нивни пласман.

7. Доброволните стручни организации (противпожарни единици, црвен крст, хуманитарни организации и сл.), со својата програма и работа се вклучени во активностите на цивилната одбрана, особено во цивилната заштита.

8. Масовните доброволни организации (на пример, сојузите на резервните воени старешини, еколошките организации и движења, мировните движења и сл.) имаат цел масовно мобилизирање на населението во случај на агресија и нивно вклучување во невооружените форми на отпор и спротиставување.

9. Воените сили на цивилната одбрана се јавуваат како редовни единици и како посебни организирани, опремени и оспособени воени единици за брзи акции за заштита и спасување (на пример: во САД, ЗНД, Австрија и др.).

10. Едукативниот систем на цивилната одбрана зависи од концепцијата и организацијата на образованието за одбрана и заштита. По правило, се спроведува во рамките на редовното образование и низ разни облици на вонсколско образование (семинари, курсеви и сл.).

Постојат посебни органи задолжени за развојот и употребата на цивилната одбрана. Тие се: раководен орган; советодавен орган и оперативно-стручен орган.

1. Надлежни, односно раководни органи се: Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана. Во рамките на овие министерства постојат посебни органи за раководење и извршување на

стручните работи од областа на цивилната одбрана. Тие се: генералните секретаријати или администрации (Италија, Белгија), федералните органи (Германија, САД). Генералните дирекции и секретаријати се поделени на поддирекции, односно управи и сл. (на пример, оперативни служби, за превентива, за цивилна заштита), а во нивни состав се и генералните инспекции и националните институти за проучување на цивилната одбрана (Франција).

Во најголем број европски држави цивилната одбрана е во надлежност на Министерството за внатрешни работи (Швајцарија, Шведска, Австрија, Франција, Данска, Белгија, Велика Британија). Во бившите социјалистички држави таа беше во надлежност на Министерството за одбрана (Бугарија, ЗНД). Во САД таа е во надлежност на Министерството за одбрана. Во Италија надлежностите во поглед на цивилната одбрана се поделени меѓу Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана, а потсистемот цивилна заштита е во надлежност на Министерството за цивилна заштита.

2. Советодавни органи се советите и одборите што делуваат во парламентите, владите или мнистерствата со задача да го следат развојот на цивилната одбрана и со свои совети и препораки да влијаат врз политиката за нејзиниот развој.

3. Оперативно-стручните органи се штабовите на цивилната одбрана, односно штабовите за цивилна заштита или соодветните органи (управи и сл.).

Покрај овие органи, секој потсистем на цивилната одбрана има свое раководство, што е одговорно за својата активност пред оперативно-стручниот и раководниот орган.

Од наведеното може да се изврши следнава систематизација на системот на цивилната одбрана:

*а) според надлежноста:*

- системи на цивилна одбрана во надлежност на министерствата за внатрешни работи;
- системи на цивилна одбрана во надлежност на министерството за одбрана;
- системи на цивилна одбрана со релативна самостојност или меѓуресорска положба.

*б) според функционалната инкорпорираност во општествено-политичкиот систем*:

- системи на цивилна одбрана со цивилен карактер;
- системи на цивилна одбрана со цивилно-воен карактер.

*в) според опфатот:*

- сеопфатни;
- селективни.

*г) според учеството на граѓаните:*

- со доброволно учество;
- со задолжително учество;

- со доброволно-задолжително учество

*д) според дефинираноста на организацијата:*

- строго дефинирана организација и формација;
- еластична организација и формација.

ЛИТЕРАТУРА

1. Prof. d-r Božidar Javorović: "Suvremeni sustavi civilne odbrane", otvoreno sveučilište, Zagreb, 1992 god.

2, Д-р Ратко Стојановиħ: "Заштита и спасавање људи, материјалних добара у ванредним ситуацијама, ВИЗ Београд, 1976 г.

3. Константин Сукљеник: "Цивилна одбрана", Савремена војна мисао, Београд, 1976 г.

4. Лоренс Џ. Вејл: "Цивилна одбрана- САД, СССР, Швајцарија, Велика Британија, ВИЗ, Београд, 1991 г.

5. Марина Ташковска: "Цивилната одбрана како сегмент на одбранбените системи во новите услови (магистерска теза, одбранета на Филозофскиот Факултет во Скопје, 1993 г.)

6. Зоран Нацев: "Едукативни проекции во одбраната", НИП, Ѓурѓа, Скопје, 1995 г.

7. Д-р Трајан Гоцевски: "Одбраната на Македонија", Студентски збор, Скопје, 1992 г.

8. Д-р Трајан Гоцевски: "Политичкиот и економскиот систем во одбраната на Република Македонија", Просвета, Куманово, 1994 г.

Marina TAŠKOVSKA

## CIVIL DEFENS AS COMANENT OF AN DEFENS PROTECTIVE SUSTEM

Be side of its long huistary of egsistense and aktivitu, defens-protective sustem and civil defens also, are aktuel and we must count of them in an modern circumstences. Especialu is importante the moment that civil defence, in the future, will take a hight place as a component of defens-protective sustem in an modern wor, naturale catastrophies and at an gllobal sources of contenimationes.

Because of that, in the new circumstences, the growing up of civil defens must be organised at higrest level for the perpouses and needs of the socuetu. Thet means, civil defens is unicate, prephesionale sustem of defens and rescining the people, things and other materiale needs in case of an speciale sitneciones of wor activites elementaru catastrophies ar techno-technologikal catastrophes in peace or dyring the war.

Крсте РИСТЕСКИ

## БЕЗБЕДНОСНО-ЗАШТИТНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ОД АСПЕКТ НА ЗАЧУВУВАЊЕТО НА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Во последните неколку децении современата цивилизација врши силна експлоатација на огромна енергија и на ослободување на исто така огромен број загадувачи што продуцираат загадување на атмосферата, појавување на кисели дождови, ниско-високи температури, натрупување на отровни отпадоци и други негативни појави кои влијаат врз човековото загрозување. Во зависност од изградената концепција за натамошно индустриско производство, што коинцидира со постојаните тенденции за подобрување на животниот стандард, се занемарува основната поента на човековата гола егзистенција-зачувување на чиста животна средина. За создавање чиста животна средина се потребни длабоки политички, социјални и економски реформи, кои би ги опфатиле сите сфери на општествениот живот на едно современо општество, вклучувајќи ги и претпријатијата, религиозните организации, граѓанските сојузи, активистите, властите и медиумските средства, сé со цел за бројни преобразби на политичко-економски и културен план.

Мерките за заштита треба да бидат резултат и на препораките на општествените носители на акцијата за заштита, базирани и прифатени како "плурализам на интереси", како од учесниците и корисниците така и од другите заинтересирани субјекти. На тој начин се создаваат услови за зголемување на ефективноста при искористувањето на водата, енергијата и материјалите, а оттаму и услови за задоволување на човековите потреби по системот со помалку ресурси и со помалку штети за екологијата, како и воспоставување взаемност на економијата со екологијата.

Придружувајќи се на тенденцијата за одбегнувањето на економската дистанцираност од еколошките потреби, односно приклучувајќи се кон настојувањата за создавање здрава животна средина, како неопходност би требало да се преземат соодветни безбедносно-заштитни мерки и активности.

Во определбата за заштита на животната средина водата како најуниверзална материја во природата и како предуслов за севкупното

живеење на Земјата директно или индиректно зазема најзначајно место. Таа, како најскапоцен ресурс на Земјата, присутна во секоја растителна и животинска клетка, заслужува современата цивилизација да ѝ посвети потполно внимание, ако се сака здраво, богато и долгорочно живеење, пред сé имајќи ги предвид силната експанзија на технологијата во сите домени на стопанскиот живот, организацијата и стилот на живеење во урбаните средини и технолошките катастрофи - промени кои носат големи опасности со несогледливи негативни последици за опстанокот на живиот свет. Затоа, ако во услови кога на некоја индустриска област ѝ се заканува опасност од деградација или пак ја снашло некоја несреќа од пошироки размери, тогаш треба да се интензивираат активностите за санирање на состојбите, што практично значи дека треба да се изменат досегашните навики и да се интензивира таквата активност кога е во прашање загадување на воздухот почвата и водите.

На современата етапа од развојот на цивилизацијата се наметнува потреба од зачувување на чиста вода. Во таа смисла се впрегнуваат сите расположливи сили да не се допушти енормното загадување на водните ресурси, да се создадат современи технологии за високоефективно пречистување на загадените отпадни води, да се оптимизираат условите за самопречистување на водата, да се утврдат факторите што негативно влијаат врз нарушувањето на рамнотежата на водните системи како и да се утврдат законмерностите и тенденциите во динамиката на загадувањето на одделни водни објекти со карактеристични загадувачи и утврдување на размерот на микрозагадувањето, радиоактивно загадување, на прекумерната минерализација на водите и др.

Во таа насока оди и залагањето да не се користат секакви супстанци, особено оние кои непосредно или посредно би влијаеле врз загадувањето на воздухот, спалување на отпадните материи во однапред подготвени ископи и јами како и рециклирање на метерии за производство на нови артикли и горење на материи кои не можат да се рециклираат, со тенденција за целосно искористување на нивната енергија што би се добила при согорувањето. На тој начин не само што би се намалил интензивниот расход на енергија, туку би се постигнале позитивни ефекти и на полето на заштитата на животната средина. Така на пример, со рециклирање на отпадоци од хартија се троши 25-60 % помалку енергија, отколку ако се сака тоа да се добие од дрвената каша. Рециклираното стакло заштедува една третина од енергијата, вложена при првобитното производство.[1)]

Меѓутоа, ако економскиот ефект од материја до материја варира, тогаш во секој случај крајните резултати во поглед на екозаштитата се секогаш во позитивен однос. Така на пример, од производството на челик, од неговиот отпаден материјал, влијанието врз загадувањето на воздухот е за 85 % помало а на водата 76 % помало, отколку кога се произведува

1) Share of varions diskarded materials and energy savings of aluminium and glass recucling from Cynthia Pollock, Worldwatch Paper 76, Washington, April, 1987.

челикот од соодветната руда, производството на хартија од рециклиран материјал врз загадувањето на воздухот е дури за 74 % помало а на водата 35 % е помало, отколку кога хартијата би се произведувала од хартиината каша.[2)]

Дека рециклирањето на отпадните материи има оправданост за животната средина потврдува и ориентацијата, на пример на производителите на фрижидери, кои настојувајќи да се искористи секој дел од веќе застарениот модел, одат до таму што дури и од хлорираните и флуорираните јаглероди, хемиски соединенија кои се вградени во овие апарати и кои ако се ослободат со својата моќ се еден од причинителите за ослабнувањето на озонската обвивка во стратосферата, зрачејки ултравиолетова радијација и со тоа зголемувајќи го процентот на гасоводните токсични отпадоци, во овој случај со неговото повторно вградување во новите модели фрижидери не само што ќе се експлоатира корисно туку ќе ја поштеди човековата околина од неговото непосакувано присуство. Кон една ваква ориентација се определуваат најразвиените земји, како на пример Германија, Шведска, Швајцарија[3)].

Во прилог на ваквата ориентација е и залагањето на САД, каде што годишно се уништуваат околу 10 милиони застарени компјутери (кои не само што се големи потрошувачи на енергија, туку во себе содржат материјали чии составки во многу случаи се отровни, како на пример оловото, кое служи за електромагнетска заштита, арсеникот, кој се користи за производство на чипови и некои пластични материи, што не можат да се рециклираат) поради што во новата технологија за производство компјутери воведуваат "зелени компјутери". Во тој контекст е и настојувањето на некои земји да се избегнува пакување, на пример, на некои безалкохолни пијалоци, па дури и пивото, во кутии за една употреба, туку во стаклени амбалажи со едноставно резонирање дека во вториот случај се оди во прилог на заштитата на животната средина од можните загадувања што би произлегле од отпадните материи на амбалажата. Интересно е на пример реагирањето и одговорот на Данска, обвинета од Европската унија за наводната протекционистичка и дискриминаторска политика во однос производството на стаклена амбалажа, кога претставникот на Данска рекол дека "еколошката заштита има приоритет пред трговската политика"[4)].

Со намалувањето на отпадоците, односно со нивната повторна употреба не само што се намалуваат потешкотиите од обезбедување на намирници за човековата егзистенција туку се создаваат поволни услови за создавање здрава животна средина.

---

2) Pollock, Mining Urban wastes, Washington, Mart, 1985.

3) Cunthia Pollock Shea, Disarming Refrigerators, World Watch, May, 1991.

4) Tellus Institute, CGS/Tellus Packagins Study, Literature and Public Polloy Review, Boston, 1990.

Имајќи го предвид фактот дека шумата е најголем продуцент на кислород во атмосферата (преку процесот на фотосинтезата шумите учествуваат во создавање на резервите на кислород со 30 отсто, односно просечно буково дрво секој час дава 1,7 кг. кислород, што дневно ги задоволува потребите за 64 луѓе. Во текот на животот едно буково дрво пречистува 50 милиони кубни метри воздух од јаглен двооксид и задржува 400.000 литри вода)[5] , и дека се тие фактор за одржување на еколошка рамнотежа во поширок простор, разградувањето на шумскиот фонд значи и нарушување на еколошкиот биланс, односно на биолошката разновидност на Земјата, се одразува врз климата и врз одржувањето на хидролошкиот циклус со сериозни последици врз опстанокот и развојот на сите организми.

Со воведувањето современи технологии кои отпадоците при преработката на дрвото би ги свеле на минимум, зголемувањето на ефективноста и наголемувањето на рециклирањето на хартијата и на другите предмети од дрво се смета дека наполу ќе се намали потрошувачката на дрвото.

Кога станува збор за рециклирањето на отпадот досега индустриските комплекси не практикуваат својот отпад да го понудат на друга индустриска гранка како суровина. Недоволно развиените технологии за преработка и неадекватните мерки за нивно стимулирање, се една од причините за зголеменото создавање опасен и отровен отпад. Така во отстранувањето на отпадот е присутна примитивната технологија, а тука е и отвореното депонирање, појави што одудираат од практиката што се спроведува во земјите со подолга еколошка традиција. Така на пример, американската фирма GTE Engineered Ceramics, произведува плочки од стаклени отпадоци, обработувајќи го стаклениот крш со глина. Плочките се многу отпорни на трошење, не се валкаат, лесно се мијат и се отпорни на алкалии и киселини.

Во рамките на безбедносно-заштитните мерки и активности за зачувување на здрава животна средина посебен акцент се става на тенденцијата за намалување на присуството во атмосферата на јаглеродниот двооксид, односно неговото присуство да се сведе до гараницата на толерантноста (околу една милијарда тони годишно во Земјината атмосфера, количина за која се смета дека водените површини би можеле да ја апсорбираат, бидејќи остатокот би се акумулирал во атмосферата и би влијаел врз климата)[6].

Бидејќи промената на климата на огромна територија, автоматски би довела до промена на глобалниот карактер со непредвидливи последици врз целокупниот човеков род, во Берлин од 28.03 до 7.04. 1995 година, се одржа Самит за климата, на кој е заземен став

---

5) Ревија "Екологија", Скопје, април, 1994.

6) U.S. Environmental Protection Agency, Pollicy Options for Stabilizing Global Climate, Washington, D.C., 1990.

индустријализираните земји да го намалат испуштањето на јаглеродниот двооксид за 20 отсто, што е еднакво на она од 1990 до 2005 година.

Користејќи го искуството од земјите со подолга еколошка традиција во постигнувањето на оваа цел потребно е да се спроведат следниве мерки и активности:

а) Да се конструираат автомобили кои би биле двојно поекономични. Во таа насока е ориентирана, на пример, автомобилската индустрија за патничкиот автомобил на Тојота и Волво, каде што за аеродинамичните прототипови користејќи најсовремена технологија се предвидува дека нивната потрошувачка ќе биде околу 4 литри. Исто така се предвидува да се конструира возило за градска употреба со користење на сончевата енергија, на кое за изминување 340 км. би му биле потребни околу 4 литри гориво[7].

Вакви возила веќе се во подготовка за изработка и во Фиат, Џенерал моторс, додека во фаза на испитување е производство на возила со користење на водородот како погонско средство, и на крајот со преструктуирањето на поголемите населени места, транспортните системи и индустриските зони (намалување на оддалеченоста на местото на живеење до местото на работење, како и користење на заеднички транспортни средства) би се постигнале саканите ефекти по животната средина. Така на пример, во Токио само 15% од работниците самостојно користат патнички автомобили, со што се намалува потрошувачката на енергија и се намалува загадувањето на воздухот [8].

Исто така позитивно би влијаело и експлоатирањето на велосипедот. При еден добро организиран велосипедски транспортен систем би можело да се развие брзина и до 10 км. на час. Патувањето може да се замени со телекомуникациона мрежа (соопштенија по факс, воспоставување електронски линии и кабли со оптички влакна), со тоа не само што би се зголемила продуктивноста на работењето туку би се располагало и со почиста животна средина (нема да се патува, работните обврски се обавуваат во домот на живеење).

б) Да се конструира систем за осветлување кој би бил трипати поефикасен, односно изработка на флуоросцентни сијалици кои би консумирале 18 наместо 75 вати, притоа ефектот на осветлувањето би бил ист, со тоа би се намалила потребата од поголема количина електрична енергија и таквите сијалици би биле со поголема трајност, односно применувајќи нова технологија во изработката на електрични уреди и со нивната ориентација за поголема естетика во новоизградените домови би се намалила потребата од електрична енергија и над 50 %[9].

Така на пример, голем ефект би се постигнал и со изработка на електрични печки по принципот на моделите на Сименс-Мартиновите

7) Deborah Beliviss, The New Oil Crisis and fuel Economy Technologies, New York, Quorum Press, 1988.

8) Bundesministerium fur Verkehr in Zahien 1987, Bonn, 1987.

9) A. Rosenfeld, D. Hfemelater, Energy-Efficient Bulding, Scientific American, April, 1988.

печки, со сé поголемата ориентација за вградување на синтетички, на сметка на метални делови, или "соодветни подобрувања во конструкцијата и изработката на електромоторите само по себе би можело да ја надмине потребата од постоењето на стотици големи електроцентрали низ целиот свет[10].

Во тој контекст е можно и користење на енергијата која би се добила од отпадните материјали. На пример, во Германија се воведени микросистеми за заедничко генерирање, што го користат ресторантите, станбените згради и др. преку произведување сопствена енергија[11].

в) Намалување на обичните затоплувања и заладувања, односно воспоставување температура со мали амплитуди. Имено, за да се намали присуството на јаглеродниот двооксид во воздухот, како основен причинител за настанување на големи температурни отстапувања, потребно е подобрување на енергетската ефектива и изнаоѓање нови извори на енергија. Во таа смисла е и ориентацијата кон користењето на сончевата енергија, која не само што ја има во голема количина туку е и најсилно распространета во споредба со сите други извори, и која е особено погодна за затоплување, на пример на водата. Во развиените земји 30-50 % од енергијата во индустријата се користи од сончевата енергија. Според некои стручњаци не е далеку времето кога Сонцето ќе ги загрева становите и водата за секојдневна употреба[12].

Во Израел и Јордан сончевите колектори обезбедуваат 25-65 % од топлата вода за домаќинствата, а во Индија се користат над 100 илјади компактни печки за готвење со користење на сончевата енергија[13]. Сончевата енергија може да се користи и како електрична енергија. Во Калифорнија поставените колектори на простор од 750 хектари произведуваат електрична енергија која ги задоволува потребите на над пола милион граѓани од овој регион[14]. Сончевите клетки, кои сончевата светлина директно ја претвораат во електрична енергија се применуваат и во Јапонија, особено на покривните конструкции[15].

Постои можност на производство на електрична енергија од силата на ветерот. Така на пример, во Калифорнија од постојните 15.000 инсталирани уреди за претворање на силата на ветерот во електрична енергија се произведуваат 2,5 милијарди киловатчасови годишно - доволно за задоволување на потребите на Сан Франциско[16].

---

10) M. Ross, Industrial Energy Conservation, National Resource Journal, 1984.

11) U.S. Congress, Office of Technology Assessment (OTA), Industrial Energy Use, Washington 1983.

12) Low-temperature heat is Worldwatch institute estimate, based on Amory B. Lovins, Ballinger Publishing Company, 1977.

13) R. Revington, Energy for Buldings and Homes, Scientific American, September 1990.

14) Sheldon, private communication and printout, Don Logan, Luz International Limited, Los Angeles, September 26, 1990

15) Figure 3-1 from, Cynthia Pollock shea, Renewable Energy, Washington January, 1988.

16) Flavin and Pilds, Sustainable Energy, INEL et al, The Potential of Renewable Energy, Calif, May 13, 1990

Со посредство на фотосинтеза отпадоците од дрво, земјоделските отпадоци и животинското ѓубре, сончевата енергија може да ги претвори во електрична енергија. Така, околу 50.000 мегавати, односно 75 % од потребите за цела Африка би можеле да се обезбедат само од согорување на остатоците од шекерната трска. Во иднина интегрираните земјоделско-шумски стопанства би можеле да добиваат гориво, храна и градежни материјали, пред сé применувајќи го овој метод[17].

И геотермалната енергија, односно топлината што произлегува од внатрешноста на земјата е можност за изградба на електроцентрали. Така на пример, Ел Салвадор добива 40% од електричната енергија од топлината на земјата, Никарагва 28%, Кенија 11%[18].

Друг извор на енергија, а со тоа и сé помалку загадена животна средина, претставува водородот, кој се добива преку водената хидролиза а кој обезбедува полесно пренесување на енергијата и согорува без остатоци. Водородот може да осигура големи количества концентрирана енергија, која може да се експлоатира во фабриките домовите и транспортните системи.

Економијата базирана на користењето на природните извори не само што би била посилна, постабилна и помалку оптоварена со проблеми што се присутни при експлоатацијата на нафтата, туку таа сé повеќе би постанала независна од еколошката обврзаност (Северноафриканските држави би можеле половината од електричната енергија да ја обезбедуваат од сончевата енергија. Само за илустрација: Република Македонија има над 280 сончеви денови од годината!, Скандинавија од ветерот, дрвесината и хидроенергијата како и Филипините од геотермалната енергија, би можеле да бидат задоволени многу потреби и би имале многу почиста животна средина).

Соодветното однесување со отпадот, особено со опасните и отровните материи негативно се одразува врз животната средина. Во таа смисла секое настојување за намалување на присутните загадувачи, рециклирањето на отпадот, неутрализирањето на отровните материи, односно соодветното сместување на опасниот отпад, како и повторната употреба на отпадот е од интерес на современата цивилизација. За тоа заради зголемувањето на проблемот со превоз на опасни токсични материјали и отпадоци, се наметнува потребата од имплементација на ефикасна превенција против акциденти и контролна процедура (зајакната инспекциска и техничка контрола) за транспорт во земјата и за меѓународниот транспорт. Оттаму и заложбата постројките што произведуваат отровни материи да се проектираат така што во случај на несреќа отровот да не може да се шири во атмосферата туку да се задржува во просторот каде што е

17) C. Gunnerson and D. Stuckey, Anaerobic Digestion Principles and Practices for Biogas Systems, World Bank Tehnical Paper No. 49, 1986.

18) D. Finn, Geothermal Energy Institute, New York, Private communication and printout, March 16, 1990.

постројката, а како крајна мерка да се укине производството на најразлични отрови (како на пример трихлорфенол) и истите да се заменат со најблиски но не толку опасни отрови.

Во рамките на преземањето соодветни безбедносно-заштитни мерки и активности спаѓа и заложбата за елиминирање на повеќето субјективно-објективни фактори кои на еден или друг начин влијаат брз состојбата на животната средина. Пред сè тука се мисли на воспоставување специјализирани токсиколошки лаборатории и стручњаци-токсиколози, соодветна упатеност на потрошувачите на средствата за заштита на растенијата и други токсични материи како и соодветна стучна подготовка на крајните дистрибутери на отровните средства (поседување соодветно знаење и совест за правилни и стручни давања напатствија од страна на продавачите што треба да се дадат на потрошувачите).

Потребата од специјализирана стручно-научна институција за мерење на загаденоста на животната средина и други придружни круцијални еколошки прашања, со тенденција да се пробие еколошката идеја на нашите простори, односно да се постигне еколошко освестување, е продуцирана и оттаму што ако овие напори не се усогласат и ако се остават, како такви, сами на себе, со скептицизам се гледа еколошката иднина на нашата планета. Во тој контекст, на пример, стабилизирањето на климата е поврзано со длабоки измени на енергетската политика, ограничениот тренд на популационата политика - што би се рефлектирало и врз општествените вредности и социјалната политика.

Во стабилизирањето на климата мошне големо учество се дава и на суштинската измена на енергетската политика, додека политиката за ограничување на прирастот на населението наложува фундаментални промени во сферата на општествените вредности и на социјалните грижи.

Кога станува збор за преземање безбедносно-заштитни мерки за зачувување на чистата вода, пред сè и заради тоа што постои поврзаност на површинските со потповршинските води, најуспешно и најекономично решение е изградбата на централни прочистителни станици, со применување на најновата технологија и на тој начин се намалуваат издатоците на само за изградбата туку и за одржувањето, а се зголемува ефикасноста на контролата за евентуално продирање на загадувачки материи, превентива која би гарантирала долгорочно и квалитетно снабдување на вода за пиење. Исто така при изградбата на нови и реконструкцијата на постојните индустриски објекти се пропишуваат и преземаат современи мерки за заштита и мерки за следење и надзор (мониторинг), но би требело да се позаостри досегашниот толерантен однос спрема загадувањето на животната средина. Во таа насока одат и размислувањата за спроведување широка контрола на исфрлените отпадоци, за воведување нова технологија без отпадоци, за вршење научни истражувања во областа

на заштитата на животната средина, а за прекршителите воведување на мерката оданочување.

Тоа подразбира оданочување на продукти и дејности кои го загадуваат воздухот, ја истоштуваат или опустошуваат почвата. Оваа мерка би наметнала кај секој индивидуален производител или потрошувач да се прилагоди на високите расходи (начин секој да се размисли дали на пример на работа да оди со автомобил или со велосипед, дали да добива електрична енергија од руди или од сончева енергија), тоа би ги приморало некои фабрики да монтираат дополнителни заштитни средства, да ги изменат своите производни процеси или пак да воведат нови производствени линии, како би ги намалиле отпадните и штетните материи. На пример, во Норвешка е воведен т.н. "зелен данок" (данок што се плаќа за производство на предмети што на еден или друг начина го загадуваат воздухот), за производство на вештачки ѓубрива и пестициди се собира во наменски фондови за исполнување на програмата за еколошка заштита[19].

Во тој контекст препорачливо е доплнувањето на овој фонд да се врши и преку осигурување на основниот дел на приходите преку воведување даноци на доходот заработувачките и на набавната вредност на стоките и услугите.

Воведувањето на ваква даночна политика, како дел од севкупните оданочувања, позитивно би се одразило врз животната средина. Така на пример, воведувањето на оданочување на јаглеродните емисии при согорувањето на јагленот, бензинот и природниот гас би го намалило глобалното затоплување. Во таа насока би одело на пример и воведувањето санкции против оние кои не ги рециклираат веќе еднаш искористените предмети, како и против оние кои во својата дејност исфрлаат токсични отпадоци или вршат прекумерно експлоатирање на потповршинските водни маси. Така на пример, врз основа на спроведените изучувања се дошло до констатација дека ако се сака да се постигне видлив ефект во намалувањето на присуството на отровните материи што се шират во атмосферата, а што се продукт на изработката на соодветните предмети, би требало цените на таквите продукти да се зголемат двојно па дури и тројно, а на пример да се намали употребата на пестициди за 50 % данокот би требало да биде во размер на околу 200 % од постојната пазарна цена на пестицидите[20].

---

19) Organization for Economic Co-operation and Development, Economic Instruments for Environmental Protection, Paris, 1989.

20) D. Teufel et al., Okosteuern als marktwirtschaftliches Instrument in Umweltschutz: Vorschlager fur eine okologische Steuerreform, Umwelt und Prognose Institut, Heidelberg, West Germany, April 1988.

Krste RISTESKI

## SAFETY PRECAUTIONS AND MEASURES FOR PROTECTION OF NATURAL ENVIRONMENT

(Summary)

Modern civilisation is facing a dilemma of whether the way and the quantity of using natural resources for meeting human needs is the right one which does not disturb biological balance. Decreasing of forests, pollution of the air, soil and water, extinction of the flora and the fauna are in favour of non-existing ecological consciousness of modern civilisation. These are some of the burning issues important for the future of natural environment. We should also take into consideration that man degrades everything which is of a vital importance to him, he wastes energy together with natural resources which leads to a destruction of human civilization.

The problem of ecology, as well as other problems, cannot be postponed till final solution is reached, since the notion of pollution of natural environment should become a part of the current problems of the international community. Unfortunately, in reality, every disturbance of natural enviroment results in distruction of social, urban and population relations.

Радко НАЧЕВСКИ

# ИМПОРТАНТНОСТА НА ВОЕНАТА СИЛА ВО РАЗВОЈОТ НА ЧОВЕКОВАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА

## I

Во филозофските, политиколошките, социолошките, воено-стратегиските и други теориски расправи за местото, улогата и значењето на воената сила во развојот на човековата цивилизација, постојат различни ставови, мислења и учења со димензија од целосна осуда и негирање до глорификација на импортантноста на воената сила во цивилизацискиот развој. Различностите во сфаќањата произлегуваат од различниот теориски пристап на експликацијата на проблемот, од степенот на објективноста во истражувањето соодветен на различната политичка, национална и идеолошка припадност на субјектите-поединци, групи, институции, организации и други, како и од времето (историско време) на настанувањето на сфаќањата за феноменот на воената сила.

Одредувањето на импортантноста на воената сила во развојот на цивилизацијата во некакво теориски конзистентно врамување фактички не е можно. Тоа произлегува не само од наведените различности туку и од фактот што се смета дека постојат мноштво неистражени извори од историскиот развој на феноменот на воената сила во сите сегменти на експонирањето и нивната рефлексија (политичка, економска, технолошка и воено-стратегиска) врз развојот на цивилизацијата, соодветна на времето и просторот на манифестирањето, посебно во процесите и промените што имаат епохално значење за развојот.

Уште од најстари времиња, определувајки се за воената сила како значајно, не ретко и доминантно средство во разрешувањето на противречностите и за влијание врз тековите на општествените движења, општествените субјекти перманентно го поттикнувале нејзиниот развој во форма и интензитет како што одговарале на дадениот степен на цивилизацискиот развој: од перманентно јакнење на деструктивната моќ на оружените сили како фундамент на воената сила, преку непосредното вклучување и користење на научно-технолошките, економските, човечките, природните и други потенцијали, до детерминирањето на воено-политичките стратегии -

одбранбени, агресивни, милитаристички - и патиштата за начинот на нивното реализирање. Во тој контекст, уште од најстари времиња се создавани разновидни погледи, мислења и ставови. Меѓутоа, пристапот за градење на "целосни теории" за релацијата воена сила -цивилизациски развој е евидентен од периодот на Францускатa револуција од 1789 година, и тоа како интегрален сегмент на севкупните филозофско-политички, економски и воено-стратегиски процеси и преобразби што ги поттикнале и насочиле светско-историските револуционерни настани кои, впрочем, во двеста-годишната историска практика се потврдиле како искуствено евидентни и парадигма на нововековната политичка практика.[1] Тоа што токму во времето на Француската револуција се појавиле повеќе стојалишта за импортантноста на воената сила во развојот на цивилизацијата, воздигнати на теориско рамниште, произлегува од фактот што прокламираните начела на револуцијата[2] биле сублимат на севкупните дотогашни стремежи и борба на човековиот род да живее во цивилизациски уредени општествени заедници во кои поединецот ќе биде во состојба и можност да го развива и докажува севкупниот интелект, и оттаму што воената сила низ историјата на цивилизацијата не ретко била доминантен фактор во одбраната, уривањето или вградувањето на тие цивилизациски начела.

Од мноштвото појавени западно-цивилизациски, комунистички, тоталитаристички, милитаристички, фундаменталистички и други, главно две теориски стојалишта даваат основен белег на модерната теориска експликација за импортантноста на воената сила во развојот на цивилизацијата. Тоа се теориските стојалишта на германскиот филозоф и економист Диринг Карл Еуген (1833-1921), сублимирани во неговите "Cursus der philosophie" и "Kritische Geschichte der Nationalokonomie und des Sozialismus" и на марксистичкиот филозоф Фридрих Енгелс (1820-1895), посебно во делото "Анти-Диринг".

Двете суштински спротиставени теории за импортантноста на силата, воената сила, настанале како резултат на сеопштата критика на Диринг на материјалистичката марксистичка филозофија и одговорот на Енгелс на таа критика. Имено, суштината на спротиставените теориски становишта е во тоа што Диринг во својата "теорија за системите" поаѓа од ставот дека формирањето на политичките односи го прават историски фундаменталното, а стопанските зависности се само последица или специјален случај, па оттаму секогаш се само чинители од втор ред. Некои социјалистички системи земаат впечатлива привидност на потполно обратен однос за секој раководен принцип, така што, за нив, политичките установи, така да се каже, израснуваат од економските состојби.

---

1. Види: Политичка мисао, "Француска револуција 1789", 3/89, стр. 6-21; 23-26; 38-47; 66-77.

2. Ibidem, 6-21.

Овие последици од втор ред секако постојат, какви такви, и денес најмногу се чувствуваат. Но, она примарното треба да се бара во непосредната политичка сила, а не во индиректната економска моќ.[3] Значи, развојот на општеството, на цивилизацијата, во прв ред зависи од "политичките односи". Сите економски појави, економскиот развој, па и цивилизацискиот развој се "објаснуваат со политички причини, имено со сила".[4]

Материјалистичката теорија поаѓа од генералното становиште дека материјалното производство и врз него заснованите општествени односи се движечката сила на општествениот, на цивилизацискиот развој. Меѓутоа, марксизмот иако противречи на стојалиштето на Диринг "за срамното извитоперување на сите природни и општествени закони од страна на таа семоќна моќ, силата",[5] сепак целосно не ја занемарува улогата на силата како фактор на цивилизацискиот развој, посебно нагласувајќи ја таквата улога на силата во клучните општествено-политички и економски периоди на преминот во нов квалитет на епохите, потенцирајќи ја како "бабица секогаш кога старото општество во својата утроба носи ново општество, дека таа е орудие со помош на кое општественото движење си го расчистува патот и ги урива укочените, мртвите политички облици".[6]

Сепак, овие општопознати спротиставени теориски стојалишта, не занемарувајќи го нивниот придонес во севкупниот развој на теориската мисла што ја елаборира оваа проблематика, тендирајќи од времето на настанувањето па низ целиот период на индустрискиот развој на цивилизацијата да се издигнат на научно рамниште со универзална димензија, во зародишот на постиндустрискиот развој се потврдуваат како филозофско-политички субјективни, нецелосни и стојалишта со идеолошка конотација. Надминувањето на филозофско-политичкиот субјективизам, формализам и идеологизам во теориската експликација на импортантноста на воената сила во развојот на цивилизацијата, подразбира историски објективен, научно релевантен и политички непристрасен пристап во севкупните теориски сочинети, искуствено спознаени и актуелни манифестирања на воената сила (во потесна и поширока смисла). Во тој контекст значајни се следните воопштени стојалишта во пристапот кон елаборирањето на импортантноста на воената сила во развојот на цивилизацијата.

1. Како "гола" концентрација на физичка моќ, сама по себе воената сила претставува деструктивна појава и процес. Деструктивноста е евидентна како во однос на процесот на нејзиното акумулирање и подготовките за примена, така и во однос на

---

3. Engels F., Anti-During, Kultura, Beograd, 1964, str. 193.
4. Ibidem, 194.
5. Ibidem, 223.
6. Ibidem.

директната примена. И во двата случаи се манифестира како деструкција врз човековиот род, економска деструкција научно-технолошка и еколошка деструкција.

2. Постоење висок степен на интерактивност помеѓу политиката и воената сила.

Акумулирањето и манифестирањето на воената сила е последица на свесна активност во континуитет од првичните појавени цивилизациски форми па се́ до денес без интермитентност во процесот. Улогата и целите на воената сила се определени од политиката и субјективните сили што стојат зад таквата политика. Оттука, воената сила, во која е концентрирана најголемата физичка моќ на политичките субјекти, претставува најзначајна потпора на политиката во реализирањето на нејзините цели. Таквата функција воената сила ја остварува на пасивен (способност со пасивно манифестирање на моќта целите да са реализираат од т.н. позиција, односно политика на сила) и активен начин со директна примена на моќта.

Во историјата на цивилизацијата во соодветни општествено-политички и воено-стратегиски услови се познати и "ексцесни" примери во интерактивноста помеѓу политиката и воената сила. Така, политиката не секогаш ги реализирала целите со потпора на воената сила - оружената конпонента. Во поновата историја таков е примерот на антиколонијалната борба на индискиот народ предводен од Махатма Ганди против англиските колонијални сили.[7] Во тој контекст е карактеристичен и примерот на Алжирската револуција против француските колонијални сили.[8] Во првиот случај е целосно исклучена оружената компонента, а во вториот главнината на оружените сили дејствувала надвор од сопствената територија, од Тунис и Мароко. Оружената сила дури во завршната фаза на револуцијата во содејство со малубројните партизански сили и со главните носители на борбата и отпорот на невооружениот народ во земјата попримила стратегиско значење.

Во историскиот развој на цивилизацијата се познати и примери кога моќните, па и супер моќните воени сили ја манифестирале својата немоќ во реализирањето на целите на политиката.[9] Во овој случај репрезентативен е примерот во времето на Виетнамската војна (1960-1975) во која супероружјето ја демонстрира својата немоќ како главна потпора на политичките цели на САД и во Индокинескиот потконтинент. Целосна немоќ демонстрираат и моќните армиски структури на источно-европските реал-социјалистички земји против волјата на народите за демократски преобразби и создавање национален државен суверенитет.

---

7. Gandhi M., Autobiografija, Varšava, 1953, str. 125-137. Mihalik M., Moral i rat, VIZ Beograd, 1976, str. 147-150. Lazari-Pavlovska, Gandijeva etika, Varsava, 1963, str. 24; 31-34; 51-61.

8. Bausade P., La guerre D–Algerie 1954-1962, Paris, 1986. Teorija o ratu, VIZ Beograd, 1981, str. 310-314. Lentin P., Historiq de la revolution algerienne, Paris, 1962.

9. Barčet V., Pobeda naroda Vijetnama, VIZ Beograd, 1973, str. 38-55. Godvin N., Triumph or Tragedy: Reflection on Vietnam, New York, 1967, str. 22-28; 44-60.

Познати се и примери кога поради неспособноста на субјективниот фактор во процесот на оружената борба, како примарен начин на остварување на целите на политиката, изворите на воената моќ нецелосно да бидат искористени и на несоодветен начин ставени во процесот на оружената борба. Таков е примерот со арапските земји во арапско-израелските војни.[10]

Во историјата на цивилизацијата, воената сила неретко манифестирала и повратно влијание врз политиката и политичките односи воопшто. Таквото влијание особено се експонира во услови на кризи и други нарушувања во општествените и меѓународните односи, манифестирајки се како битен или осамостоен фактор во креирањето на политиката. Екстремен облик на вакво влијание е појавата на милитаризмот,[11] што се манифестира како максимално осамостојување на воениот фактор од политиката, односно негово целосно надвладување и доминирање во сите сфери на општественото живеење.

3. Перманентна интерактивност помеѓу економската моќ, научно-технолошкиот развој и воената сила.

Покрај тоа што акумулирањето на воената сила и нејзината употреба се последица на политичка волја заради реализирање на целите на таквата волја, сепак во крајна инстанца, воената сила е производ на општествено-економските процеси и односи, бидејки, економските, научните и техничко-технолошките предуслови го чинат фундаментот на нејзиното акумулирање. Со оглед на фактот што акумулирањето и употребата на воената сила претставува непродуктивен и деструктивен процес, вложениот капитал, наука и технологија во акумулирањето на истата подразбира умртвување и нерационално трошење на капиталот, дехуманизација на науката и технолошка деструкција, што за последица има регресивно дејство врз сеопштиот цивилизациски развој. Меѓутоа, ако се има предвид општата смисла на општествената улога на воената сила, зачувување на слободата, независноста, суверенитетот и територијалниот интегритет на државата, како и обезбедувањето услови кои ќе овозможат нормално функционирање на системот, следи заклучокот дека неединствениот и противречен свет исполнет со турболентни и непредвидливи состојби во меѓународните односи како општа карактеристика за целиот историски развој на цивилизацијата, одбранбената подготвеност а оттука и високиот степен на акумулираната воена сила, која според обемот, начинот, методите и формите на подготовките се разликува од земја до земја, зависно од нивните економски, научни и технолошки предуслови, од припадноста на воено-политичките коалиции, од доктринарните определби и други

---

10. Miljanič G., Vojna istorija, VIZ Beograd, 1980, str. 514-529.

11. Vagst A., History of Militarism, New York, 1959. Erich A., The Civilian and The Military, New York, 1956. Ritter G., Staatskunst und Kriegshandweru (Das problem des "Militarismus" in Deutschland), kniga I i II, MÏnchen, 1959, 1960.

фактори, има непорекливо функционално значење и голема општествена вредност. Од таквата општествена улога на воената сила, произлегува и општествената оправданост на нејзиното акумулирање.[12]

Воената сила, од првичните пројавени форми па сé до актуелниот момент на развојот, манифестирала повторно влијание, односно висок степен на влијание во меѓузависниот однос на фундаменталните чинители на нејзината моќ: економијата, науката и технологијата, учествувајки на тој начин со свој придонес во севкупниот развој на цивилизацијата. Оттука, може да се дефинира апсурдната законитост која во објективната стварност е реалност: со зголемувањето на степенот на уништувачката моќ на акумулираната воена сила, пропорционално се зголемувал нејзиниот придонес на економскиот, научниот и технолошкиот развој, односно врз севкупниот развој на цивилизацијата. Имено, од најраната историја на цивилизацијата па до актуелниот момент на развојот, големите технолошки скокови што давале силни импулси на економскиот развој, се совпаѓаат со периодите на позначајните војни во историјата на цивилизацијата, во подготовките за водење на истите или во самите војни.[13] Тоа произлегува од фактот што многу сегменти на научниот и технолошкиот развој се производ на потребите за зголемување на воената деструкција врз живата сила и материјалните можности.

## II

Импортантноста на воената сила во современите процеси и преобразби во меѓународната заедница произлегува од дефинираната општа општествена улога и значење и аналогно на таквата улога од општествената оправданост на нејзиното акумулирање и употреба.

Во тој контекст, во современата политичка и воено-стратегиска мисла и практика се развиени повеќе тории. Некои до скоро важечки, како теориите на "ограничен суверенитет" и за "социјалистичкиот интернационализам",[14] со одењето на Советскиот Сојуз и на Варшавскиот договор од светската сцена и во услови на актуелната трансформација на студеновоените центри на моќ, ја загубија смислата на значењето.

Во западната современа политичка и воено-стратегиска мисла и практика повеќето теоретичари своите погледи и сфаќања ги засновуваат врз стојалиштето дека "од многубројните фактори кои решавачки влијаат врз однесувањето на државите во меѓународните односи најважна улога има силата".[15] Според авторите на теоријата на "чиста политика", "борбата за сила е исто што и борбата за живот, а

---

12. Robbins L., The Economic Causes of War, New York, 1968.

13. Melman S., The Permanent War Economy, Simon and Scugter, New York, 1974.

14. Holloway D., The Soviet Union and Arms Race, Yale University Press, Second Edition, 1984, p. IX-XXV, 95-108.

постојаното подобрување на позициите во поседување на сила претставува првостепена цел на внатрешната и надворешната политика на државата. Сето друго е второстепено затоа што во крајна инстанца само со сила можат да се остварат целите на надворешната политика ... Таму каде како краен резултат на судирот се јавува војната, борбата за сила е всушност борба за воена сила".[16)]

За разлика од стојалиштето на оваа теорија, т.н. реалистичка школа поаѓа од тоа дека "националниот интерес е оној клучен мотив со кој се раководат државите во меѓународните односи, а тој интерес може да се оствари или да се брани само по пат на сила".[17)] Оттука, "кога не постои некое законодавно или извршно тело или власт што би ја контролирале ваквата ситуација", поради соперништвото на интересите помеѓу државите заради здобивање со моќ и влијание помеѓу нив често се водат разновидни судири, што од своја страна доведуваат до дестабилизација во меѓународните односи, "задача на државниците и на дипломатијата е таа борба да се ограничи со примена на воена сила и дипломатија која постојано дејствува во правец на одржување нова рамнотежа на силите меѓу државите што водат меѓусебна борба".[18)]

На појавата на наведените теориски стојалишта големо влијание имале новонастанатите процеси и промени во меѓународната заедница по завршувањето на Втората светска војна, кои наместо да се развиваат како што е тоа зацртано во Повелбата на ООН, тргнаа во сосема спротивна насока на развојот. Ваквите стојалишта, модифицирани, дополнувани и прилагодувани, се основа на мотивираноста и оправдувањето за акумулирање и употреба на воената сила и на другите државно-политички субјекти (поединечни и колективни) надвор од западната хемисфера во остварувањето и одбраната на различните детерминирани национални и колективни интереси.

Акумулираната хипертрофирана уништувачка моќ на воената сила во периодот на студената војна, ќе игра една од најзначајните улоги, станувајки материјална сила, во остварувањето и разрешувањето на проблемите врзани за војната и мирот како и на развојот на меѓународните односи во регионални и глобални рамки.

На тој начин, борбата за моќ, за воена сила, постанува општ општествен интерес и приоритет, што во практиката се рефлектира во отпочнувањето на трката во вооружување во сите негови сегменти, која перманентно ќе се одвива во нови фази по принципот "акција-реакција".

---

15. Stojanovič R., Politika sile i nerazvijene zemlje u savremenom svijetu, Naučna knjiga, Beograd, 1967, str. II.

16. Ibidem.

17. Morgentay H., Politics among Nations, New York, 1960, str. 7.

18. Thomson K., Political Realism and the Crises World, Polities Princetown, 1960, p. 69.

Феноменот "акција-реакција" во студеновоената епизода од цивилизацискиот развој ќе биде ставен во функција на остварување и одбрана на интересите на биполарно поделените системи.

Истовремено тој е во функција и игра битна улога во остварувањето на водечката улога на најмоќната земја членка во системот, бидејки заштитата на системот од уништувачката моќ на спротивниот систем, речиси, исклучиво може да ја остварува најмоќната земја ако материјалните средства за извршување на таквата функција се недостижни и не ги поседуваат другите земји во системот, што непосредно значи и определен степен не зависност на останатите членки во системот од моќта, а посебно од воената моќ на водечката земја.[19] Оттука произлегува и моќта на влијание на водечката земја врз севкупните односи во системот па и пошироко во меѓународните односи. Спласнувањето, односно губењето на конкурентската моќ на водечката сила во системот во некои од сегментите на развојот, лидерот најчесто не само со својата глобална економска моќ, туку и со моќта на воениот "чадор" со кој го штити системот, може да наметне услови и односи што ќе му обезбедат компензација во губењето на приматот во поединечните сегменти на развојот.

Хипертрофирањето на уништувачката моќ на современата воена сила, потпрена врз сеуште ненаситените можности на науката која е најзаслужна за достигнатиот "саенс фикшн" степен на воениот деструктивен развој што во оправдувањето на развојот како општествена потреба и приоритет фактички умешно се прикрива подредувањето и конформизмот и научната мисла, осиромашувајки го на тој начин трајното општествено дејствување на научниот поредок,[20] битно ке ги детерминира новите карактеристики на поставената глобална воено-политичка и стратегиска мисла и практика на водечките земји на спротиставените системи, што воедно се и наднационални воени стратегии на системите.

Битното е во тоа што и двата глобални системи се засновувале врз различни претпоставки за можностите во водењето на војните, формите и физиономиите на истите. Во тој контекст се развивани два спротиставени концепти: од претпоставките за водење меѓусебна војна и во процесот на војната да се оствари победа не само на супер државата туку и на системот, до концептот на заемно одвраќање од водење на таква војна, детерминиран од достигнатите можности на акумулираната воена моќ, што во процесот на заемното воено конфронтирање би дошло до заемно уништување, но со секогаш присутната научно-технолошка иницијатива за декласирање не́ на воените средства на противникот, туку на неговите научни и воено-индустриски можности, зачувувајки го на тој начин континуитетот на

---

19. Murray J., Vlotti P., The Defence Polities of Nations, Comparative Studu, The Hopkins University Press, London, 1982, p. 51-79; 81-107.

20. Browsky J., Science and Human Values, Harper Torchbooks, New York, 1965.

феноменот "акција-реакција" како предуслов за одбрана или реализирање на цели од позиција на сила. Битно е и тоа, што новосоздадените уништувачки системи, пред сé на водечките земји во воено-политичките групации, го променија начинот на остварувањето на главната, односно крајната цел на водењето на војната. Високо-технолошкиот спој на нуклеарната моќ и стратегискиот бомбардер, односно интерконтиненталните балистички ракетни системи, овозможија самостојно реализирање на главната стратегиска цел, уништување на противникот без учество и координација со другите борбени системи, што во воената практика до завршувањето на Втората светска војна не можеше ни да се замисли.

Крајот на студената војна, од глобално суштински аспект, ја редетерминира импортантноста на воената сила во актуелниот и натамошниот цивилизациски развој. Актуелната трансформација на центрите на моќта од периодот на студената војна, ставајки ги на преден план западните цивилизациски традиции како најоптимално прифатлив светски цивилизациски придобивки, во современата филозофска и политичка мисла ги актуелизира становиштата за новите форми на светскиот поредок потпрени на сфаќањата на големите мислители на претходните епохи кои во меѓународните услови на своето време перманентно ги разработувале идеите за единствен свет и единствена светска влада.

Актуелната растечка меѓузависност и непрекинатото ширење на транснационалните политички, економски, научно-технолошки и воено-стратегиски активности, некои автори ги оценуваат како "настапување на транснационална политика", на "ера на транснационални односи".[21)] Други автори поаѓаат од стојалиштето дека настапува ера на "пост национални односи", ера на "супернационална заедница" во која ќе се развиваат нови форми на "светската влада" и "нов светски поредок".

Во тој контекст, имајки ги предвид актуелните процеси и промени (политички, економски, научно-технолошки и воено-стратегиски) во меѓународната зедница посебен интерес побудува визијата за општосветска федерација и импортантноста на воената сила во истата на еден од најголемите умови на XX-от век, филозофот Бертранд Расел. Неговото становиште од неопходноста за создавање на општо светската федерација што ќе се раководи од општо светска државна власт, поаѓа од две претпоставки: од карактерот на современата цивилизација која влегува во повисок степен на општествена организираност отколку што тоа било во индустрискиот цивилизациски развој и од сé поизразената меѓузависност на државно-политичките субјекти во меѓународната заедница условена од високо-технолошкиот постиндустриски развој. "Од тие две претпоставки

---

21. Rosenau J., The Study of Global Interdependence, Essau on the transnatinalisatin of World affairs, Nicols, New York, and Pinter, London, 1980.

произлегува дека ако нашата цивилизација треба да се развива, мора да се создаде централна влада која ќе го контролира целиот свет. Во спротивен случај причините за судири ќе се множат, а војните ќе станат понасилни со јакнењето на граѓанското општество".[22] Иако не го прецизирал начинот на кој ќе се изведе општо светското обединување предвидувал дека тоа "ќе се одвива под водство на САД, евентуално во соработка со Велика Британија".[23]

Според Расел, "најдоцна во текот XXI-от век мора да дојде или до катастрофа или до создавање на централна власт која би управувала со целиот свет".[24] Конечното обединување нема да се изврши на доброволен начин, "централната власт ќе биде воспоставена со сила или со закана на сила ..."[25] До времето потребно за создавање на супер државата ќе избувнуваат воени конфликти помеѓу групи на држави кои претендираат на лидерство во создавањето на централната власт. Воспоставената светска власт, сметал Расел, би овозможила елиминирање на воените конфликти кои би можеле да го загрозат опстанокот на цивилизацијата, со тоа што би "имала монопол врз оружените сили способни да го обезбедат мирот, праведниот развој на благосостојбата, ограничувањето на природниот прираст, признавањето на поединецот на поголеми иницијативи во работата и личниот живот".[26]

Наведените современи филозофско-политички гледишта кои перспективите на глобалниот светски систем ги наоѓаат во новата сила на актуелните суштествени процеси и промени на светската политика условена од високо-технолошкиот развој, што за последица има ширење на меѓузависноста и светско интегрирање, во процесот на истите, акумулацијата и употребата на воената сила не ја исклучуваат, туку напротив ѝ е резервирана соодветна импортантност, па дури и во целосно обединетиот свет како што го замислувал Расел, поради фактот што воспоставената светска влада за да биде способна да ги елиминира воените конфликти кои можат да го загрозат светскиот мир треба да има "монопол врз оружените сили способни да го обезбедат мирот".

Оттука, законитоста за акумулирањето, местото и улогата на феноменот на воената сила, што цивилизацијата ја следи од првичните форми на развој, останува актуелна и во сегашниот тренд на постстуденовоениот развој: апсурдните димензии на акумулирањето на воената сила се во склад со големината на експонираните противречности во меѓународната заедница и со односите и заштитата на интересите на лидерот како во системот така и пошироко во меѓународните односи, поради фактот, што достигнатата еднаквост

---

22. Rusell B., Skeptične skice, Varšava, 1957, str. 179.
23. Ibidem.
24. Ibidem, 180.
25. Ibidem, 182.
26. Russel B., Human Society in Etnics and Polities, New York, 1955, p. 228.

во високотехнолошката квалитативна конпонента на акумулираната сила со водечката земја во системот од страна на некоја друга земја може да го доведе во прашање нејзиното лидерство.

ЛИТЕРАТУРА

1. Bardhan K.P., Optimum Foreign Borrowing, Karl Shell, Essays on the Theori of optimal Econo-mic Growth, Cambridge, Massachutes: MIT Press, 1987.
2. Brzezinski Z., Power and Principle, New York, 1983.
3. Brodie B., The Development of nuclear Strategy, "International Security", No. 4, 1978.
4. Waghekstein J., Post-vietnam Counter - insurgency Doctrine, The Military rewiew, V-1985.
5. Winter J. M., War and Economic Development, Cambridge University Press, New York and Cambridge, 1985.
6. Gerasimov G., War and Peace in the Nuclear Age, Moscow, 1982.
7. Dahrendorf R., Reflections on the revolution in Europe, Times Books, New York, 1990.
8. Jameson F., Postmoderni prostor, kultura i moč, Interview, Quorum, br. I, Zagreb, 1991.
9. Lindgren K., Vardens Krig, SIIA, Stocholm, 1990.
10. Lockwood D., "U.S. Russia reach agreement on sale of nuclear weapons material", Arms Control Today, Mart, 1993.
11. "Mikroelektronska revolucija i društvene posledice", NOLIT, Beograd, 1986.
12. National Defense Authorisation Act for Fiscal Year 1993, Washington, D.C. 1992.
13. NATO Review: 1992; 1993.
14. SPIRI, World Armaments and Disarmament, Yearbook, 1992, 1993.

Radko NACHEVSKI

## THE IMPORTANCE OF THE MILITARY FORCE IN THE DEVELOPMENT OF CIVILISATION

(Summary)

In the philosophical, politicological, sociological, military-strategic and the other theoretical discussions on the determination of the importance of the military force in the development of civilization, different aspects, ideas and studies exist: from entire blame and negation to glorification of the role of the military force in the development of civilization.

From the aspect of objectivism as a non-alternative sciential criteria in the explication of the problem, in this work are determinated three attitudes:

1. As a "bare" concentration of physical power, the military force by itself presents destructive state and process;

2. Existance of interaction on a high level between the policy and the military force, and

3. Permanent interdependence in the development and the manifestation among the economy, sciential-technological development and the military force.

# КАТЕДРА ЗА ХУМАНИСТИЧКИ СТУДИИ

Владимир ДАВЧЕВ

## РАДИКАЛНИОТ ЕМПИРИЗАМ И СВЕСТА
**(теоријата за свеста на Вилијам Џемс)**

### Вовед

Откако Декарт во 17-от век го актуализирал епистемолошкиот дуализам помеѓу духот и телото, се добива впечаток дека современата филозофија постојано чини напори да се ослободи од метафизичката сенка на картезијанството. Имено, во обидот да го постави познанието врз солидна основна, отпорна на скептицизмот, Декарт дошол до заклучок дека ставовите во врска со свесните ментални настани го "уживаат" имунитетот од скептичкото сомневање, бидејќи таквите настани се од приватна природа за оној што ги доживува, а "доживувачот" за нив е непосредно и секогаш свесен. За Декарт постои само еден таков став, прочуеното *Cogito ergo sum* (Мислам, значи постојам). Врз основа на епистемолошката сигурност на овој став, картезијанците и нео-картезијанците го карактеризираат менталното, а со тоа и духот, така што ја истакнуваат свеста над сé друго.

Согласно изнесеното сфаќање, а популарно прифатено, доколку постои нешто што го карактеризира духот, тогаш тоа е она што го нарекуваме "свест". Велиме дека сме "свесни" за она што го гледаме или слушаме, за нашите чувства и мисли, за она што се сеќаваме. Повеќето од нас веруваат дека физичките предмети - таблата, столот, столиците - не се "свесни". Веруваме во тоа дека кога пишуваме на столот ние сме свесни дека пишуваме на него, но не и дека тој (столот) е исто така свесен за нашето пишување врз него. Не постои ниту миг сомневање во нашето верување дека постои некаква разлика меѓу нас и столот, но штом ќе се обидеме да кажеме во што точно се состои разликата меѓу нас и столот, западнаме во тешкотија. Оттаму и прашањата: Дали е "свеста" нешто крајно и единствено, некаков посебен ентитет, што треба да биде прифатен како таков? Или пак, "свеста" е нешто комплексно, нешто што го сочинуваат нашето однесување во присуство на некој објект, алтернативно постоење во нас на таканаречени "идеи" кои се однесуваат на објектите, иако различни од самите објекти, но кои ги претставуваат истите? На прашањата од овој вид одговорот не е лесен и еднозначен. Потврда за тоа е големиот број теории што се обидуваат

да кореспондираат со наведените проблеми и во крајна линија да се наметнат како решение и одговор на истите. Од големиот број теории јас би го посветил овој текст на теоријата за свеста на философот Вилијам Џејмс (William James), особено на неговото сфаќање на радикалниот емпиризам, кое се јавува како релевантно и покрај видниот напор на современата философија и психологија за надминување на метафизиката на дуализмот.

## 1. Некои елементи на Џејмсовата метафизика

Во изворна смисла, односно така како што Џејмс го подразбира, радикалниот емпиризам е метафизичка претпоставка која ги дефинира задачите на психологијата како научно проучување на свеста. Основната карактеристика на радикалниот емпиризам е изразена преку мислењето дека радикалниот емпирист не смее, во доменот на науката, да допушти во својата конструкција, односно системот, каков и да е елемент што не потекнува од директното искуство, ниту пак да исклучи од конструкцијата (системот) каков и да е елемент што потекнува од директното искуство, вклучувајќи го тука и самото искуство за свеста, во сите негови разновидни манифестации. Ваквата определба на радикалниот емпиризам тешко може да се разбере без да се земат предвид останатите два составни елементи на Џејмсовата метафизика - прагматизмот и ноетичниот плурализам.

Прагматизмот, идејата по која Вилијам Џејмс е најмногу познат во философските кругови, претставува метод за проверка на нашиот систем на верувања, но истовремено и предлог како да се усогласат конфликтните тврдења-вистини. Всушност тврдењата-вистини, во прагматизмот, ја добиваат својата реалност врз основа на ефектот што го имаат во проширувањето на моралните и естетските квалитети на секојдневното живеење. Со други зборови, вистините се проверуваат врз основа на нивните последици. Така произлегува, според сфаќањето на Џејмс, дека верувањата не се само вербални принципи според кои ние се раководиме и живееме, туку тие секогаш се во некаква врска со директното искуство на нашето постоење и нашата активност во универзумот.

Истовремено прагматизмот сугерира дека доколку две различни тврдења водат кон иста последица, тогаш од прагматични цели тие се "функционално" еквивалентни". Меѓутоа, употребата на терминот функционално не смее да се разбере во значење на еднакви. Да се биде еквивалентен не значи да се претпостави еднаквост. Потеклото на верувањата може да биде радикално различно, но доколку тие можат да доведат до еднаков начин на однесување (предизвикуваат еднаква последица), тогаш да се каже дека две верувања се функционални значи да се каже дека и двете се употребливи

Но етичкиот плурализам (според мое мислење позначаен за разбирањето на радикалниот емпиризам) е тврдење на Џејмс во врска

со онтолошката супериорност на индивидуата (личноста). Имено, индивидуите се тие што искажуваат тврдења, што поседуваат верувања и кои создаваат филозофски теории и наука за реалноста. Сите апстрактни системи се концептуални продукти на човековиот дух. Без оглед дали станува збор за голема математичка теорија која го интегрира целокупното човеково познание или духовна визија за единството на универзумот - и двете се збиднуваат во индивидуата. Поради тоа, уникатниот феноменолошки свето-глед на секоја индивидуа има централно место во Џејмсовата теорија за свеста. Индивидуалните состојби на свеста и специфичните активности што индивидуата ги остварува во материјалниот свет, според Џејмс, се неизбришливо поврзани. Согласно ова, теориите за свеста треба да бидат изразени преку поими што се израз на нивната релевантност кон искуството, а што Џејмс ќе се обиде да го изрази во неговата теорија.

## 2. Свеста не е ентитет

Иако поимот радикален емпиризам прв пат се најавува во Џејмсовото дело "Волја за верување" (The Will to Believe,1897) основните ставови тој ги изнесува во двата есеи што се објавени во 1904 година, насловени како: "Дали постои свест?" (Dopes Consciosness Exist) и "Светот на чистото искуство" (The World of Pure Experience).

Во есејот со провокативен наслов, "Дали постои свест?", за прв пат се изнесени ставовите на Џејмс со кои тој го оспорува постоењето на свеста како независна категорија на познанието. Тоа што некогаш се нарекувало душа и претставувало предмет на научно истражување и филозофски анализи, вели Џејмс, е постепено редефинирано (од Кант, наваму) во "трансцендентално его" кое "се разложува самото себе на состојба на дух (ghostly condition) прераснувајќи единствено во факт дека "содржината на искуството е позната".[1] Со тоа свеста ја губи персоналната форма и активност и прераснува во име за неентитет и нема право да биде ставена во редот на првите принципи

Како што може да прочитаме понатаму во овој есеј, Џејмс напоменува дека неговата намера е да го одрече постоењето на поимот свест доколку се однесува на ентитет, но дека ќе инсистира на тоа дека тој поим навистина се однесува на функција. Со други зборови, да го негира постоењето на свеста како работа која е во контраст со материјалот "од кој се направени објектите... туку дека постои функција во искуството што мислите ја изразуваат и поради која функција овој квалитет (свеста-В.Д.) е воведен".[2] За Џејмс таа функција е познанието. Всушност, неговиот став е дека основниот материјал од кој е создаден светот не е од два вида, едниот материја, а другиот дух, туку дека е

1. James, William, "Does Consciousness Exist?", p. 1141 vo Kuklick, Bruce (ed.) "William James - Vritings 1902-1910, The Library of America, 1987

2. James,William, "Does Consciousness Exist?", p.1142 vo Kuklick, Bruce (ed) "William James - Writings 1902-1910, The Library of America, 1987

"аранжиран" во различни "шеми" со неговите внатре-релации и дека некои аранжмани можат да се наречат ментални, додека други физички. Ваквото разбирање на уредувањето на светот е предуслов за тезата што ја застапува Џејмс - доколку се претпостави постоење на една примарна граѓа или материјал од кој е изграден светот и доколку тој материјал го наречеме "чисто искуство", тогаш познанието би можело да биде објаснето како посебен вид релација во која би можеле да навлезат делови од чистото искуство. Самата релација е дел од чистото искуство, при што еден од нејзините членови (условно земено) станува субјект или носител, а другиот објект на познанието. Меѓутоа, веднаш по оваа напомена на дуалитетот на субјектот и објектот што се смета дека се составни делови на свеста, Џејмс го додава следново: "Искуството, верувам, нема таква внатрешна дволичност; и подвојувањето на истото во свест и содржина на свеста доаѓа не по пат на одземање, туку по пат на додавање".[3]

Поради тоа, Џејмс го воведува поимот радикален емпиризам, "како обид за прагматичен еквивалент на реалноста на искуството". Да се биде радикален емпирист, Во Џејмсова смисла, значи да не се допушти во конструкцијата (системот) за реалноста каков и да е елемент што не е директно искусен, ниту пак да се исклучи од конструкцијата кој и да е елемент што е директно искусен. Во таа смисла, радикалниот емпиризам се јавува како философија во која релациите (односите) што се одвиваат во и го поврзуваат искуството мораат самите да бидат искусени при што, каков и да е вид на искуствена релација мора да биде сместена за "реална" како и сé друго внатре во системот. Овој тип на радикален емпиризам треба да се однесува на "светот на чистото искуство", а не на светот на чистата свест. Затоа искуството, како свест, мора да биде продукт, а не дел од примарниот материјал од кој е изграден светот. Натамошна разработка на ова сфаќање е дадена во есејот "Светот на чистото искуство" каде што Џејмс го изнесува мислењето дека релациите исто така се објекти на перцепцијата. Материјалните форми не се единствената реалност што активната свест ја перцепира. Објектите на нашето познание исто така се поврзани еден со друг, како што се поврзани со нас. Сé додека ние во искуството го спознаваме овие релации, тие мора да се реални како што е реално сé друго за што имаме искуство во системот. Без нив, ние би биле лишени од секакво чувство за целина. Тоа чувство за целината, како што верува Џејмс, постојано се збогатува (се здобива со повеќе информации) во зависност од длабочината до која навлегува личноста во тоталитетот на искуството. Препознавајќи го познанието како главна функција на мислењето, Џејмс го антиципира сфаќањето за духот што ќе се појави неколку децении подоцна, а кое ќе биде поттикнато од достигнувањата во кибернетиката. Имено, во забелешката дека свеста не е некаква "абориџанска материја", тој го наговестува поимот за духот што ќе го воведе во 1956 година философот

3. James, William, "Does Consciousness Exist?", p.1144 vo Kuklick, Bruce (ed.) "Wiliam James - Writings 1902-1910", The Library of America,1987

Абрахам Каплан во врска со кибернетиката: "Анализата на духот и индивидуалитетот на личноста како структура на одредени информациони процеси ја предочува застареноста не само на "духовната супстанција" на идеалистите, туку исто така и механистичкиот материјализам. Духот е шема на информации, а не дух, материја или енергија".[4] Морам да напоменам дека ваквото сфаќање не е еквивалентно на сфаќањето кое и свеста ја смета за "шема на информации". Во овој контекст духот и свеста имаат различни значења. Разбран како "шема на информации", духот стои како процес, а не ентитет што многу повеќе кореспондира со Џејмсовото сфаќање на свеста, а кое експлицитно ја одрекува истата како ентитет.

Доколку зборот ентитет се употреби во неговата вообичаена интерпретација како некаков конкретен објект или надворешна реалност, тогаш да се говори за свеста како за неентитет се чини како да се повикуваме на нешто очигледно. Иако повеќето од обичните луѓе не се спремни да ја бранат свеста како работа со независна егзистенција, сепак се јавува еден вид хипостазирање на свеста во секојдневната нејзина употреба и тоа најчесто кога луѓето ја поврзуваат со несовесното. Така на пример, оние што не се доволно запознати со губењето на свеста како технички проблем или со психологијата на мозокот можат тоа да го конструираат на следниов начин. Еден боксер по добиениот нокаут паѓа во несвест, но по неколку минути (доколку има среќа) се враќа повторно во свесна состојба. При тоа, најчесто, свеста се третира како враќање на некаков ентитет што за момент го напуштил боксерот, како враќање во "свесно постоење".

Иако изразот "свесно постоење" звучи необично и неговото значење е нејасно и двосмислено, Џејмс го употребува овој израз кога расправа за суштината на искуството истакнувајќи при тоа: "Пред сé, треба да се запрашаме: Ако искуството не е свесно постоење, ако делумно не го сочинува ´свеста´ што е тогаш тоа што го сочинува? За материјата знаеме, за мислата знаеме, за содржината на свеста знаеме,но неутралното и едноставно "чисто искуство" е нешто за кое ништо не знаеме... Морам да кажам дека не постои основен материјал на искуството. Постојат толку многу материјали колку што постојат "природни својства" на стварите што ги познаваме во искуството. Доколку прашате што го сочинува најситниот дел на чистото искуство, одговорот е секогаш ист: "Него го сочинува *тоа*, појавното, просторот, цврстината, површината, бојата, тежината и што ли не".[5]

Сметам за неопходно да напоменам дека искуството, онака како што го разбира Џејмс, претставува елаборација и разработка на некои фази на англискиот емпиризам. Во прв ред тука мислам на Џон Лок и

---

4. Kaplan, Abraham, Sociology learms the language of mathematics, vo The World of Mathematics, ed, J.R. Nevman, 2: 1294-1313, New Jork, Simon and Schuster, 1956

5. James,William, "Does Consciousness Exist?, p.1152 vo Kuklick, Bruce (ed.) "William James - Writings 1902-1910, " The Library of America,1987

Џорџ Беркли. Самиот Џејмс напоменува дека тезите што ги застапува не се ништо повеќе од "разјаснување и изведување на методот што гореспоменатите философи први го употребиле". Имено и Лок и Беркли го поставиле прашањето за "суштината" на идеите, при што Лок ги изведува сите идеи од осетите или рефлексијата. Всушност, забележува дека постојат едноставни, пасивно здобиени идеи и сложени (комплексни) идеи настанати при "активноста на духот." Лок, да потсетиме, го определува терминот идеја, како "било што е објект на човековиот дух кога тој мисли". "Применето на екстерните објекти, тоа ги прави идеите резултат на сетилните впечатоци. За разлика од него, Беркли ги идентификува сетилните впечатоци со сето постоење, односно реалност, сведувајќи го постоењето на сетилност - да се биде значи да се перципира. Според Џејмс, Беркли е тој што го изнесува тврдењето дека "што здравиот разум подразбира под реалитети, тоа философот подразбира под идеи."

Лок и Беркли го антиципираат Џејмсовото сфаќање дека идеите или мислите како нешто што потекнува од искуството се многу повеќе составни делови на сетилните податоци, отколку продукт на некаков ентитет наречен свест. Како што веќе напоменавме. Џејмс е експлицитен во тврдењето дека не постои основен физички или психички материјал од кој е сочинето искуството. Тоа е очигледно во секое обраќање кон атрибутите како што се: цврстина, тежина, пространост, Секој сетилен модалитет се однесува на нешто единствено (уникатно) што ни овозможува да станеме свесни за светлината, бојата, звукот, миризбата, болката, вкусот, гладта, односно сé што влегува во домен на способноста за свесно восприемање. Поради тоа поимот свест е една апстракција, а не ентитет. Тоа е "мит" бидејќи се однесува на нешто што не може никогаш стварно да се појави. "Митот" настанува издвојувајќи ја содржината на свеста од сетилното искуство така да не остане ништо освен оголената сетилност - односно од процесот на сетилност или да се биде свесен за нешто. Не можеме само да бидеме свесни без да бидеме свесни за нешто, како што не можеме да го издвоиме рикањето на тигарот од тигарот. Затоа Џејмс го завршува есејот "Дали постои свест? " со следниве зборови: "*Тој ентитет е фикција, додека мислите во конкретна смисла се потполно реални. Но мислите во конкретна смисла ги сочинува истиот материјал од кој се сочинети и стварите*"[6) (подвлеченото е на Вилијам Џејмс).

Меѓутоа, не смее да се заборави дека Џејмс ја забележува двосмисленоста која е имплицитна на вообичаените искази што искажуваат нешто ментално во еден контекст, а нешто физичко во друг контекст. Така на пример, дали изразот "здрави мисли" се однесува на мислите како ментални или на мислите за физичкото здравје? Тоа го наведува во еден друг есеј под наслов "Местото на афективните факти

---

6. James, William, "Does Consciousness Exist?", p.1158 vo Kuklick, Bruce (ed.) "William James-Writings 1902-1910", The Library of America, 1987.

во светот на чистото искуство" (The Place of Affectional Facts in the World of Pure Experience) да ја продолжи расправата за "материјалот" на искуството и дух/материја антитезата. Во овој есеј повторно се сретнуваме со јасното Џејмсово тврдење дека не постои парадоксот на дихотомијата ментално-физичко, туку дека постои истороден идентичен дел од ´чистото искуство´ (materia prima, како што тој ја нарекува) кој може да стои алтернативно за "фактот на свеста" или за физичката реалност, во зависност дали ќе се земе во еден или друг контекст. Всушност, "чистото искуство", разбрано како materia prima, не е ниту физичко, ниту ментално. Од тие причини, Џејмсовата теорија за духот се јавува како посебен тип односи меѓу поими кои самите не означуваат строго ниту физички ниту ментални.[7] Свесен за двосмисленоста на дихотомијата ментално-физичко, Џејмс го изнесува следниов заклучок од неговата анализа на "чистото искуство": "Нашето тело е очевиден пример за двосмисленоста. Понекогаш, пак, мислам за него како "за мое", го подредувам под "јас", а тогаш одредени промени и определби во него укажуваат на духовни случувања. Неговото дишење е мојата "мисла", неговите сензорни прилагодувања со моето "внимание", неговите кинестетички промени со мојот "напор", неговите органски превирања се моите "емоции".

Тврдокорните контроверзи кои призлегуваат од ваквите тврдења се доказ колку е тешко да се заклучи врз основа на општа интро-спекција што е тоа во искуствата што би ги направило или духовни или материјални. Сигурно дека не постои ништо внатрешно во индивидуалното искуство. Тоа се огледа во начинот на однесување на еден со друг, во системот на односите, во нивната функција; сите овие нешта варираат во зависност од контекстот во кој имаме можност да ги разгледуваме".[8]

### 3. Судбината на радикалниот емпиризам

Радикалниот емпиризам, може да се каже, го претставува јадрото на Џејмсовата метафизика. Но Џејмс, зафатен околу големата светска популарност што ја доживува прагматизмот како философски правец и движење, успева само делумно да ја развие својата доктрина во наведените есеи - "Дали постои свест?" и "Светот на чистото искуство", при што потполната артикулација на радикалниот емпиризам не го

---

7. Да се потсетиме дека сетилноста, во апстрактна смисла, е тешко да се изрази со поимите на ментално-физичката дихотомија. Имено, и Аристотел и Брентано се застапници на сетилноста како неразделно физичко својство. Лок, за разлика од нив, го застапува сфаќањто дека некои осети се физички, а некои ментални. Првите, тој ги нарекува примарни квалитети (како цврстина, просторност) и ги смета за неразделна карактеристика на надворешните објекти, консеквентно на физичкото. За вторите, што ги нарекува секундарни квалитети (како боја, звук, вкус) го застапува мислењето дека се многу повеќе нераскинливо поврзани со духот. Некои други автори, Беркли на пример, ја отфрлаат теоријата за примарни и секундарни квалитети и сметаат дека сите осети се ментални.

8. James, William, "The Place of Affecitional Facts in a World of Pure Experience", p.1213 vo Kuklick, Bruce (ed.) "William James-Writings 1902-1910, The Library of America, 1987.

доживува светлото на денот. Поради тоа радикалниот емпиризам не бил доволно разбран од неговите колеги.

Философите, на пример, му забележуваат на Џејмс за давање преголем примат на мистичната свест и компаративната психологија на потсвеста во разните култури, сметајќи дека тоа нема никаква допирна точка со неговата прагматичка философија. Психолозите, од друга страна, сметаат дека Џејмс се упатува во панпсихизам и дека неговата теорија за свеста нема големо значење за психологијата.

Доколку се има предвид Џејмсовото сфаќање на науката и философијата воопшто, ваквите забелешки тешко дека би го погодиле него лично. Имено, во една пригода, на еден научен собир, Џејмс пред поголем аудиториум на психолози изјавува дека се откажува еднаш за секогаш од секакви претензии да го застапува позитивистичкото гледиште. На прво место, Џејмс го става тврдењето дека не постои такво нешто како наука ослободена од метафизика. Научниот начин на размислување, се потпира врз претпоставки на физикализмот, материјализмот и редукционизмот и сé додека останува цврсто верен на овој пристап одбивајќи да ја вклучи философијата во дискусијата тешко може да се надева на поголем успех во расветлувањето на проблемите како што е тоа случај со свеста. Уште повеќе, научните докази му сугерираат на Џејмс дека полето на свеста не е едноставно само хомогено и непроменливо подрачје во кое објектите се перципирани. Токму поради тоа што состојбата на субјектот на перцепцијата може да се промени; свеста може да се "раздели" и повеќе од едно подрачје да го дели истото поле; всушност се чини дека свеста е една состојба од многуте.

Разбирајќи ја психологијата како наука која е и треба да биде насочена кон личноста, Џејмс за свеста смета дека би можела да биде разбрана како тоталитет на можни состојби, било видливи или скриени од непосредното внимание, односно дека би можела да биде изразена преку поимите на феноменолошката реалност на индивидуата, позната преку спектарот на искуства од патолошки до трансцендентни, интимно поврзани во хабитуалниот и креативниот начин со објектот на перцепцијата.

По смртта на Вилијам Џејмс во 1910 година, се јавиле голем број омаловажувачи на неговите сфаќања и ставови за свеста. Најгласни меѓу нив биле психологот Вилхелм Вундт (Wilhelm Wundt) и некои негови студенти, како: Стенли Хол (Stanley Hall) и Џејмс Мекин Кетел (James McKeen Cattell). Уверени дека психологијата најпосле ја добила својата шанса да се оддели од философијата и да стане "вистинска наука, тие му забележуваат на Џејмс за повторно воведување на философските методи во расправата по "некои" прашања и проблеми кои се "исклучиво" од домен на психологијата, а најповеќе за теоријата за свеста и радикалниот емпиризам.

Со исклучок на влијанието што Џејмс го имал врз развојот на американскиот функционализам, неговата теорија и метод не наишле на плодна почва во САД. Напротив, во европската философска мисла,

Џејмсовото влијание е многу поголемо и како црвена нишка се провлекува во теориите и учењата на многу познати имиња. Тука само би ги навел Анри Бергсон (Henri Bergson) преку кого влијанието на Џејмс се пренесува врз француските егзистенцијалисти, како Сартр (Sartre) и Мерло-Понти (Merleay-Ponty). Потоа, преку Карл Штрумф (Karl Stumpf) и Вилиам Ернест Хокинг (William Ernest Hocking) евидентно доспева до Хусерл (Husserl) и германските феноменологисти. Овие европски мислители станаа, на некој начин, огледало на Џејмсовите ставови.

Во последните неколку години од дваесеттиот век постои тенденција кај некои современи автори од САД да се "воскресне" теоријата на Вилијам Џејмс за свеста, поттикната од сознанијата на тнр. "биологија на свеста", односно сознанијата во областа на молекуларната генетика, неурологија, ендокринологија и биолошка психијатрија. Меѓу повеќето автори што го застапуваат ваквиот став посебно се издвојува Јуџин Тејлор[9] кој изнесува мислење дека заедно со егзистенцијализмот, феноменологијата, контекстуализмот и деконструктивизмот кои се јавуваат како критички промислувања на моделот на Јудео-Христијанско-Грчко-Римско-Западно Европско-Англо-Американско дефинирање на реалноста и радикалниот емпиризам би можел да се стави во редот на горе наведените. Во радикалниот емпиризам овој автор гледа можност да се воспостави нова хуманистичка наука која западната мисла би ја поврзала со незападната мисла, во прв ред хинду философијата. Поради тоа тој го разбира радикалниот емпиризам како интерпретативна стратегија која би ја ослободила современата психологија од баластот на експериментализмот и преголемата самодоволност на психоанализата. Обидувајќи се да ги реанимира ставовите на Џејмс, овој автор се залага за поширок пристап во хуманистичките науки, кои оптоварени со јазичките и концептуални бариери ја разделуваат науката од хуманизмот. Јуџин Тејлор е цврсто убеден дека повторното воведување на метафизиката на радикалниот емпиризам би имало интересни импликации за новата историска "алијанса" меѓу хуманистичката психологија и светското движење за хумана наука.

Во колкава мерка ставовите на Тејлор ќе се потврдат, останува да се види, но едно е сигурно, Џејмсовата теорија за свеста и метафизиката на радикалниот емпиризам не можат така лесно да се отфрлат и да не се земат предвид во изградбата на една современа теорија за свеста која ќе ги вгради во себе достигнувањата не само на експерименталната психологија на западната мисла, туку и на современата философија во светски размери, како и достигнувањата во современите науки: биологијата, генетиката, кибернетиката, информатика и голем број други научни дисциплини кои работат и секогаш би требало да работат за доброто на човекот.

9. Taylor,Eugen,"Radical empiricizam and the new science of consciousness", in History of the Human Science, Vol. 8, No.1 February, 1995, p.47-60

ЛИТЕРАТУРА:

1. James, Wiliam, "The Will to Belive", Kuklick, Bruce (ed.) Wiliam James-Writings 1902-1910", The Library of America, 1987
2. James, Wiliam, "Does Consciousness Exist?", Kuklick, Bruce (ed.) Wiliam James-Writings 1902-1910", The Library of America, 1987
3. James, Wiliam, "The Place of Affectional Facts in a World of Pure Experience", Kuklick, Bruce (ed.) Wiliam James-Writings 1902-1910", The Library of America, 1987
4. James, Wiliam, "The World of Pure Experience", Kuklick, Bruce (ed.) Wiliam James-Writings 1902-1910", The Library of America, 1987
5. Kaplan Abraham, Sociology learns the language of mathematics, in The World of Mathematics, ed, J.R. Newman, 2: 1294-1313, New York, Simon and Schuster, 1956
6. Taylor, Eugen, "Radical empiricizam and the new science of consciousness", in History of the Human Science, Vol. 8, No. 1 February, 1995, p.47-60
7. Taylor Eugen, "William James and the Humanistic Tradition", Journal of Humanistic Psychology, No.31, 1991
8. Taylor Eugen, "Radical empiricizam and the conduct of research", in Willis Harman and Jane Clarc (eds) Metaphysical Foundations of Modern Science (Sausalito, CA: Institute of Noetic Sciences, 1994

Vladimir DAVĆEV

## RADICAL EMPIRICISM AND CONSCIOUSNESS
## (William Jame's theory of consciousness)

### (Summary)

In spite of the fact that there are many theories that have been trying to explain the nature and essence of consciousness, it still remains unsolved puzzle.

Ever since Descartes established the problem of epistemological dualism of mind and body in the 17th century, the re hasn't been any other problem which aroused so much dispute and concern and yet hasn't been offered a solution to, as it is the case with the concept of consciousness. The obvious attempt of modern philosophy and psychology to discard metaphysical dualism can be seen in connection with the problem of consciousness. But in spite of that attempt, there is no evident success. Is it possible for a theory, such as James's theory of consiousness, to arousse interest again and even to ofter answers to certain questions in connection with consciousness?

The objective of the following text is to entice on thinking. Analizing radical empirism and its correspondence to the concept of consciousness, the author of this text endeavours to highlight certain James's attitudes in connection with the above-mentioned problem. Apart from the allegations of a great number of James's opponents that these attitudes do not abandon the "shadow" of metaphysics, they still draw attention within the contemporary scholarly circuits.